УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“— СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

# Разузнавачките информации и нивното значење во спроведување на антитерористички мерки

- магистерски труд –

МЕНТОР:

Проф. Д-р Оливер Бакрески

КАНДИДАТ:

Калачоска Адријана

Скопје, 2015

# СОДРЖИНА

АПСТРАКТ ....... 4
ABSTRACT ....... 5
ВОВЕД ....... 6
1. ИНФОРМАЦИЈАТА И ПОТРЕБАТА ОД ИНФОРМИРАЊЕ ....... 9
1.1. Поим и значење на информацијата ....... 9
1.2. Потреба од информирање ....... 10
2. РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ ВО ПРЕВЗЕМАЊЕТО АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.
2.1. Општо за разузнавањето ....... 13
2.2. Поим за разузнавање и разузнавачка дејност ....... 14
2.3. Поим за податок и разузнавачка информација ....... 20
*2.3.1. Планирање и организирање ....... 21*
*2.3.2. Собирање податоци ....... 21*
*2.3.3. Обработка и проценка на податоците и информациите ....... 22*
*2.3.4. Анализа и изработка на завршни разузнавачки документи ....... 23*
2.4. Знаење и проценка врз база на разузнавачки информации ....... 24
*2.4.1. Дисеминација ....... 26*
3. МЕТОДИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ДОБИВАЊЕ РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ ЗАРАДИ ПРЕВЗЕМАЊЕ АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ ....... 29
3.1. Методи на дејствување на разузнавачките служби ....... 29
*3.1.1. Тајни методи на РС ....... 30*
3.1.1.1. Метод на тајно вградување на професионален припадник на РС (разузнувач) во структурата на објектот на интерес ....... 30
3.1.1.2. Класичен агентурен метод ....... 31
3.1.1.3. Тајна употреба на технички средства ....... 32
*3.1.2. Прикриени методи на разузнавачката служба ....... 33*
3.1.2.1. Метод на прикриено опсервирање ....... 33
3.1.2.2. Метод на прикриено анкетирање ....... 34
3.1.2.3. Метод на прикриено научно истражување ....... 34
*3.1.3. Легални методи на разузнавачка служба ....... 35*
*3.1.4. Неразузнавачки дејства на разузнавачката служба ....... 36*
3.2. Оперативни методи во работата на контраразузнавачката служба ....... 37
*3.2.1. Оперативна комбинација ....... 37*
*3.2.2. Двојна комбинација ....... 38*
*3.2.3. Дезинформирање ....... 38*
*3.2.4. Оперативна агитација ....... 38*
*3.2.5. Тајно следење, набљудување и документирање ....... 39*
*3.2.6. Таен претрес ....... 40*
*3.2.7. Тајна примена на оперативно – технички средства ....... 41*
3.3. Извори на информации ....... 41
*3.3.1. HUMINT – Разузнавање спроведувано од луѓе ....... 41*

*3.3.2. Сигнално разузнавање (SIGINT)* ... 45
*3.3.3. Разузнавање со помош на слики (IMINT – Imagery Intelligence)* ... 48
*3.3.4. Разузнавање со мерење и забележување (MASINT – Measurement and Signature Intelligence)* 50
*3.3.5. Разузнавање од отворени извори (OSINT - OPEN SOURCE INTELLIGENCE)* ... 52
**4. ИНФОРМАЦИИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕВЗЕМАЊЕ ПРЕВЕНТИВНИ АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ** ... 56
**4.1. Сериозната улога на државата и меѓународната заедница во подготвување терен за успешно антитерористичко дејствување** ... 56
**4.2. Превенција и превентивни антитерористички мерки** ... 59
**4.3. Улогата на дипломатијата во спроведување на антитерористички мерки** ... 69
**4.4. Улогата на безбедносно-разузнавачките служби и разузнавачките информации во превземање на антитерористички мерки** ... 70
**5. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАЗУЗНАВЧКАТА ИНФОРМАЦИЈА** ... 78
5.1. Соработка и размена на информации на меѓународно и на национално ниво ... 78
**5.2. Стручност и компетентност влијтелни фактори врз квалитетот на информацијата** ... 81
*5.2.1. Критериуми при селекција* ... 81
**5.3. Централизирано разузнавање слабост која влијае на квалитетот на информацијата** 83
**6. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ... 87
6.1. Безбедносно интересни информации во превенција на тероризам ... 88
6.2. Методи на прибирање информации заради превенција на тероризам ... 94
**6.3. Буџетот како фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата** ... 107
**6.4. Меѓународна соработка како фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата** ... 109
**6.5. Меѓусебната соработка на службите во рамките на безбедносно разузнавачкиот систем на Р. Македонија како фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата** ... 113
**6.6. Управување со човечки ресурси како фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата** ... 122
**ЗАКЛУЧОЦИ** ... 131

## АПСТРАКТ

Предмет на ова истражување е работењето на безбедносно разузнавачките служби во процесот на добивање разузнавачки информации неопходни за ефикасно преземање на антитерористички мерки, под влијание на неколку фактори, кои на долг рок влијаат врз квалитетот на информацијата. Целта е подобрување на квалитетот на работењето на безбедносните служби, преку отстранување или сведување на минимум на негативните влијанија. Во тој контекст би ги вбројале, подобрување на меѓународната соработка, зголемување на финансиските средства кои се издвојуваат во корист на службите, издигнување на координацијата и кооперацијата на службите во безбедносниот систем на РМ во правец на ефикасна и навремена размена на информации од заеднички интерес и последно но не и најмалку важно, максимална стручност и компетентност на службите, реформирање на сите нивоа и максимално изземање на истите од политички и партиски притисоци и влијанија во професионалното работење, особено решавање на проблемот со неадекватна ротација на кадар од одмазднички пориви.



**Клучни зборови:** Информации, разузнавачка служба, тероризам, антитероризам

## ABSTRACT

The subject of this research is the work of the intelligence services in the process of producting final intelligence in order of effective performing of antiterrorist measures, under influence of few factors that affect the quality of the intelligence on the long term. The final cause is improving the quality of the intelligence and security services' work by removing or minimization of the negative influence. In this context we include better international cooperation, both bilateral and multilateral, more financial capabilities allocated for the services, raising the cooperation and coordination of the highest possible level between services in Republic of Macedonia towards effective and timely sharing of intelligence of common interest. And the last but not least important issue is the expertise and competence of the staff especially new recruits, professional work as well during the career development, reforming of every level of the security serveces. Maximum exemption of political and parties influence, especially inadequate rotating of the stuff because of the political revenge.

**Key words**: intelligence, intelligence service, terrorism, antiterrorism

## ВОВЕД

Транснационалниот тероризам претставува глобален проблем со кој се соочуваат сите држави ширум светот. Сериозноста на ваквиот проблем, неговиот специфичен карактер, тајноста и комплексноста, ја прави борбата со него уште поспецифична. Клучен елемент во таквата борба е разузнавањето и разузнавачките информации кои се пласираат како краен производ од разузнавачките тимови на терен. Ако целокупниот безбедносен систем на една држава се претстави како потпорен ѕид кој ја штити државата од секакви ризици и закани по безбедноста на сите граѓани и нивните имоти, тогаш може да се каже дека разузнавачките информации се темелите на потпорниот ѕид, без кои не може да се замисли понатамошното ѕидање, а сета понатамошна грижа и обиди за да се зачува безбедноста ќе биде едноставна импровизација. Борбата со ваквото зло е долга и макотрпна, а целта на секоја држава е злото да се спречи, без истото да предизвика несакани последици и жртви. Многу е важен моментот на прогнозирање и предвидување на ризиците, а за сето тоа да биде успешно изведено неопходни се релевантни информации, кои интерпретирани во вистинска смисла, можат да не одведат во вистинската насока. Можноста да се предвиди и планира некоја идна ситуација, закана, опасност, зависно од обемот на информации со кои располагаме , проверени и точни, ја зголемува свесноста кај нас. Зголемената свесност и спремност го намалуваат ризикот, заканата да се реализира како таква, пред истата да биде спречена.

Разузнавачките служби денес се занимаваат со „предвидување на иднината" од посебен интерес на националната безбедност, која значи живот или смрт за државта. Тие претставуваат "очи и уши" на современите држави и нивното потценување неизбежно ги прави државите "слепи и глуви" доведувајќи го во прашање нивниот државен опстанок.

Оттука, теоретската експликација на магистерскиот труд треба да даде одговори и на следните прашања:

- Што значат информациите за ефикасно функционирање на безбедносниот систем;

- Какви информации им се потребни на безбедносните институции во борбата против тероризмот;
- Каква е улогата на разузнавачката заедница во детекција на закани од тероризам;
- Какви превентивни мерки треба да се превземат заради ефикасна превенција на терористичките закани;
- Како се остварува сорботката на разузнавачко-безбедносните сегменти во делот на прибирањето, размената и обработката на податоците важни за остварувње на националната безбедност со други национални институции, меѓународни организации и разузнавачки служби на други држави.
- Каква е поставеноста на разузнавачките сегменти во државата во поглед на стручноста и професионалното дејствување и што би требало да се промени во конструктивна насока заради подобрување на квалитет на разузнавачките информации.

Кога станува збор за транснационална и асиметрична закана по безбедноста како што е тероризмот, која ги надминува секојдневно границите на една држава, ширејќи ја својата организациска мрежа како октопод кој ги пушта своите пипки и на нај-оддалечената точка на планетата земја, закана која се карактеризира со тајност, обученост, строга хиерархиска поставеност и дисциплинираност, најважен момент во справувањето со таквиот латентен проблем и основа за секој обид за превенирање и спречување на таква опасност е разузнавачката информација.

*ГЛАВА I*

*ИНФОРМАЦИЈАТА И ПОТРЕБАТА ОД ИНФОРМИРАЊЕ*

# 1.ИНФОРМАЦИЈАТА И ПОТРЕБАТА ОД ИНФОРМИРАЊЕ

## 1.1. Поим и значење на информацијата

*ШТО ПРЕТСТАВУВА ИНФОРМАЦИЈАТА?*

**Информација** (латински: *informatio* – известување, соопштение, извештај, претстава, сознание) е поим со многу различни значења сообразно на контекстот на употребата. Но, по правило е блиску поврзана со поимите значење, знаење, инструкција, комуникација, репрезентација и ментален стимул. Под информација го подразбираме само она сознание кое го менува знаењето на приемачот, односно сознанието кое дава ново знаење, различно од претходното.[1] Информацијата е знаење кое го стекнуваме за некого или нешто: факти или детали за одреден предмет. Информацијата е знаење добиено преку комуникација, или пак по пат на истражување, учење или добиено од упатство.[2]

Информацијата е „сознание кое може да биде пренесено во која било форма.[3] Комплексноста на современиот стил на работа и живот наметнува потреба од брза и точна размена на информации.

Исто така информацијата може да се дефинира како податок кој е точен и навремен, специфичен и организиран за одредена цел, презентиран во контекст кој ќе му даде значење и релевантност и може да води кон подобрување на разбирањето и намалување на несигурноста. Информацијата или дел од неа се смета дека е незначајна ако по приемот на истата нештата останале непроменети.[4]

---

[1] Миќуновиќ, Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша Книга, Скопје, 1990, стр. 255

[2] www.merriam-webster.com/dictionary/information, [превземено на 11.05.2015]

[3] Закон за класифицирани информации, („Сл.Весник на РМ" бр. 9 од 27 фев-руари 2004).

[4] www.businessdictionary.com/definition/information.html, [превземено на 11.05.2015]

*Значење на информацијата*

Информацијата е значајна затоа што може да влијае на однесувањето, на донесувањето одлуки или на исходот од одредена работа. Основен стремеж на нинформацијата е насочување на активностите и спроведување на промените важни за развојот и унапредувањето. Информирањето и комуникациите мора да се гледаат како клучен елемент за надградба на капацитетите на организациите. Без квалитетна информација не е можно да се остварат раководните функции поврзани со утврдување на стратегии, планови и програми. Односно не е можно да се организираат вработените и другите потребни ресурси, да се селектираат и изберат кадрите и да се води грижа за нивниот професионален развој и движење во кариерата. Впрочем, мошне напорно е да се води, мотивира и создава позитивна клима, ефикасно водење на работните процеси и остварување на зацртаните мисии, како и објективно да се вреднуваат достигнувањата на поединците и организацијата во целина без квалитетна организација. Притоа, не е битен квантитетот на информациите, туку соодветни и квалитетни податоци. Процесот на информирање треба да биде втемелен врз принципите на реалност, транспарентност и континуитет. Само вработен кој е целосно информиран може брзо да одговори на новите предизвици, да спроведува промени, да развива идеи и да помогне во остварување на целите на организацијата.[5] Во информирањето често се појавуваат прекини и пречки предизвикани, меѓу другото од: несоодветна подготовка, лошо изречена порака и губење на делови на информацијата. Тие се појавуваат и поради преоптовареност со информации, како и од обидот за манипулација и дисеминација на лажни или погрешни информации. Општите и некоординирани информации покренуваат дилеми и произведуваат негативни ефекти.

## 1.2. Потреба од информирање

Уште во камено време луѓето морале постојано да се снаоѓаат за да опстанат и да не бидат убиени, да не умрат од глад или од жед, да се стекнат со достојно место или позиција меѓу своите соплеменици, да ги пораснат и одгледаат децата. За да ги задоволат овие потреби, требало постојано и континуирано да ги обезбедуваат своите основни

[5] Чокревски, Т., „Социологија на комуникации", Студентски збор, Скопје, 2000, стр. 76

потреби. На одреден степен на развојот на општеството се јавувала можност и за задоволување на сите други потреби, што се наоѓаат на повисок ранг од основните. Сите проблеми за опстојување луѓето ги решавале со запознавање на средината, определување на видливи и тајни фактори што придонесуваат или се пречка во живеењето, откривајќи ги и начините за нивно отстранување. На тој начин секој податок и информација значи запознавање на непознатото, без разлика дали тоа е за задоволување на некои потреби или за сигурна безбедност во задоволувањето на тие потреби. Од потребата на човекот да не биде убиен, да опстои во средината, кај него во текот на развојот на општествените односи се јавува неопходност за тајно собирање информации за противникот, да се откријат неговите стремежи, планови, неговите нови сознанија за полесно совладување и остварување на своите потреби итн.[6]

[6] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр. 22,23

*ГЛАВА I I*

# *РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ ВО ПРЕВЗЕМАЊЕТО АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ*

# 2. РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ ВО ПРЕВЗЕМАЊЕ АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ

## 2.1. Општо за разузнавањето

Развојот на современите општества од почетокот на 21 век и глобалното поврзување на светот доведе до голем број промени во безбедносната заедница. Безбедносно-разузнавачките служби се трансформираа согласно националните безбедносни стратегии, економскиот и социјалниот развој, безбедносните прилики и учеството во колективните безбедносни системи. Во денешницата, бремето од потребата за спротивставување на асиметричните закани, тероризмот, доведе до тоа да општествата формираат нови институции за рано откривање на заканите, вршење стратегиски анализи и проценки, менаџмент со кризи, заштита и спасување.

Терминот разузнавање стана императив на времето, кој најчесто се поврзува со активности на државните институции, а се повеќе го употребуваат и приватни мегакомпании, банкарски институции, меѓународни претставништва и бизнис групации, но исто така и паравоените формации, бунтовничките групи, криминалните банди и терористичките организации.

Разузнавачката дејност претставува примарна потреба за поседување на потребниот степен на информираност, знаење, следење на одредени настани, појави и текови, осознавање на плановите и активностите на потенцијалниот конкурент (противник), па дури и потреба за дејствување во правец на создавање на услови за развој на сопствениот потенцијал.[7] Кај многу разузнавачки органи во европските земји се среќава терминот **информација** (податоци, вести, соопштенија). Разузнавањето е поврзано со специфични црти на семантиката на зборовите: **памет, информација, знаење**, на англиски **intelligence.** Во исто време овој збор значи разузнавање. Сепак меѓу аналогичните

---

[7] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 21.

термини на македонски јазик исто така постои тесна врска, знаење, односно информација. Во ова тесно значење терминот **разузнавање** значи тајно истражување (изучување) со специјална цел.[8]

Информациската револуција и напредокот на технологијата доведоа до огромни промени во разузнавањето, односно на почетокот на 20 век се разви огромна дискусија произлезена од брзиот технолошки напредок посебно во врска со информациите и нивните импликации врз разузнавањето. Иако навидум изгледа како огромна можност и придобивка од технолошката еволуција и информатичката револуција, сепак тоа има и негативен аспект. Како што се зголемуваат средствата за произведување и трансмитирање на информации, така се зголемува и нивниот обем. Но зголемувањето на обемот истовремено доведе и до искривување на тие информации. За сите заинтересирани за меѓународните односи воопшто, информациската револуција поставува огромни предизвици. Претрупаноста со информации и доставувањето вистински информации на аналитичарите претставуваше разузнавачки проблем уште во шеесетите години на дваесетиот век.[9]

## 2.2. Поим за разузнавање и разузнавачка дејност

Многу е тешко да се даде комплексна и точно утврдена дефиниција на поимот разузнавање. При дефинирањето на овој поим мора да се тргне од повеќе компоненти што ја прават суштината на разузнавањето. За да се има јасна и потполна слика што всушност претставува разузнавањето, треба да се тргне од нејзината содржина, целите, методите и средствата што ги применува, местото и улогата што ја има во една земја. Разузнавањето не е само тајна, субверзивна, противзаконска и непријателска дејност преземена од една спрема друга држава, таа е дејност што произлегла, се развивала, се прилагодила и делувала во иста насока во која се движело, делувало и се развивало целокупното општество. Значи таа мора да се смета за производ и составен дел на секое општество, кое заради заштита и развој на високите општествени вредности, се

[8] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр. 23.
[9] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009.

втемелило во секој систем. Токму затоа разузнавањето мора да се анализира од повеќе различни аспекти, во зависност од тоа кој елемент сакаме да го истакнеме и анализираме.

Доста често поимот разузнавање е на широко погрешно употребуван во академската литература. Како на пример Џејмс Дер Деријан, разузнавањето го дефинира само како тајна активност. Многу, ако не и повеќето заинтересирани веруваат дека термините разузнавање и шпионирање се синоними.

На разузнавањето исто така се гледа како на техничка активност каде фотографирањето и комуникациските сателити прибираат инаку недостапни информации. Ова популарно гледање е поблиску до реалноста. Но разузнавањето ретко се замислува како група аналитичари на нивните работни места кои што се обидуваат да извлечат некаква смисла од податоците и информациите што им се доставени. Меѓутоа во повеќето случаи, разузнавањето се состои токму од ова, особено на ниво на стратегиски проценки.

Дефиницијата на разузнавањето е донекаде проблематична, со оглед на широкиот спектар на интереси што ги покрива разузнавањето. На основното и безопасното ниво, разузнавањето би можело да се дефинира едноставно како процесирана информација. Или пак може да биде поспецифичен, опишувајќи го како „знаење и анализа" осмислени за да помогнат акција.

Голем број теоретичари стојат зад дефинирањето на разузнувањето како „продукт на собирање, проценување, анализирање, интегрирање и толкување (прилагодување на потребите) на сите корисни информации со цел проценување на еден или повеќе аспекти во областите на дејствувањето, кои се неопходно или потенцијално значајни за планирањето".[10]

Со разграничување на предметот на истражување, суштината и формата на методите и средствата со кои се служи разузнавањето во работата, се доаѓа до следното дефинирање: Разузнавање е организирано собирање доверливи податоци и информации за други земји (нивна анализа, систематизирање и доставување) со помош на тајни и недозволени средства и методи, наменети за политички цели на државата која организира таква дејност поради заштита на безбедноста на својата земја и нанесување штета на

[10] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 27.

интересите, политиката и безбедноста на други држави. Тоа значи дека суштината на делување и општествениот карактер на разузнавањето се состои од четири елементи:

• Со помош на разузнавачката дејност државата си помага и си го олеснува остварувањето на надворешно – политички цели, без разлика од каков карактер се тие (одбрамбен, освојувачки, миролубив, соработнички, пријателски, економски, кражба на технологија итн.);

• Навремено добиените информации овозможуваат успешно спротивставување на субверзивната (превратничка) дејност од страна на разузнавачките служби на моќните и доминантни држави во светот;

• Зачувување на безбедноста, интегритетот и независноста на својата земја (се откриваат намерите на други земји);

• Со помош на тајните информации добиени со разузнавачка дејност се обезбедува делување во насока на пресекување активности насочени за нанесување штета на својата држава од страна на други земји (се зацврстува, се организира и со успех се реализира контраразузнавачката дејност).[11]

Едно малку поинакво гледиште и поинтересно од аспект на овој труд излага Шерман Кент во своето класично дело од 1949 година посветено на стратегиско разузнавање, каде што го утврдува разузнавањето како повеќестран потфат. За Кент, разузнавањето има три главни атрибута: тоа е облик на знаење, облик на организација и облик на активност. Оваа широка дефиниција ја доловува природата на разузнавањето и многуте различни видови институции и луѓе кои што се вклучени во него. Во овој случај поле на интерес е разузнавањето како знаење. Од четирите битни елементи на разузнавањето (прибирањето, контраразузнавањето, анализата и тајната акција), овде треба да се фокусираме првенствено на крајните производи на анализата. Во западен контекст, стратегиското разузнавање може да се дефинира како „информации потребни на или посакувани од власта во следењето на своите меѓународни цели“. [12]

Како облик на организација, поимот на разузнавање се однесува на разузнавачката служба како единствено задолжена за прибирање разузнавачки информации. Разузнавачката служба претставува специјализиран дел од државната управа што

[11] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр.31
[12] Херман, М., Моќта на разузнавањето во мир и во војна, Академски печат, Скопје, 2009

прибира, класифицира, анализира, проценува и презентира пред државниот врв податоци, оценки и предлози од политички, воен, економски, културен и друг карактер, во врска со виталните државни интереси и цели, се ангажира на извршување на други задачи добиени од државниот врв, а се однесуваат на остварување стратешки национални цели и ги заштитува сопствените интереси од противникот.[13]

Разузнавачките служби, како специфични организации на државниот апарат во денешни услови, се карактеризираат со следното:

1.Разузнавачките служби се еден од основните инструменти во функција на државата за заштита и остварување на виталните интереси;
2.Основни видови на дејност на разузнавачките служби се разузнавачката и субверзивната активност;
3.Основен елемент за постоење и дејствување е тајноста. Во реализација на разузнавачката дејност се применуваат разни видови на тајни средства и методи што се чуваат во најголема тајност од противничките разузнавачки служби. Тајна се добиените задачи од носителите на политичката власт во земјата, без разлика дали се работи за заштита на виталните интереси и тајни на својата држава или откриените тајни за противникот;
4.Специјализација, професионализација (стручно усовршување на кадрите) и тимска работа на разузнавачките служби со планско насочување на активностите во истражувањето на одредена област (проблематика);
5. Применуваат специфични средства и методи во спроведувањето на разузнавачката и субверзивната активност;
6.Вршење превентивна функција што се остварува преку предвидување и предупредување од можни активности на противникот насочени против виталните интереси на сопствената земја или кон земјите од блокот;
7.Примена на најновите научни и технолошки достигнувања во својата разузнавачка дејност.[14]

[13] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 17.
[14] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр.33

Од самото дефинирање и улогата на разузнавачките служби во една држава се гледа дека тие извршуваат сложени и разновидни задачи во интерес на спроведување на политиката на државата на внатрешен и меѓународен план.

Содржината на работата на разузнавачките служби може да се смести во три облици на дејност: **разузнавачка, контраразузнавачка и субверзивна дејност.**

Пред поединечно да ги образложиме мора да напоменеме дека сите три се поврзани во еден разузнавачко-безбедносен систем. Тоа посебно е изразено во вкрстување на податоците. За да имаме добра контраразузнавачка дејност, треба да имаме добри и прецизни податоци добиени со разузнавачка дејност за намерите на непријателски насочени држави, и тоа, кои дејствија и методи на работа ги применуваат и кои се нивните извори на информации.

**Разузнавачката дејност** претставува збир на плански и непрекинати (континуирани) мерки и постапки што се преземаат со цел да се оствари увид на состојбата, можностите и намерите на поедини држави и појави што се објект на разузнавачко истражување, а се од големо значење за преземање на соодветни мерки и активности на политички, економски и воен план.

**Контраразузнавачката дејност** се состои во активности насочени кон заштита на општествените интереси што се предмет на разузнавачка дејност на странски разузнавачки служби. Оваа дејност се спроведува на сопствена територија и има заштитен карактер, па затоа уште се нарекува дефанзивна разузнавачка служба, служба за безбедност, а најчесто контраразузнавачка служба. Делокругот на работа на оваа служба е откривање и оневозможување на работата на странски разузнавачки служби во сопствената земја и други структури кои трајно се занимаваат со активности за уривање на уставниот поредок или нарушување или напад на виталните вредности на сопствената држава. Со контраразузнавачката дејност државата ги заштитува своите витални тајни од дејствувањето на странски разузнавачки служби ја спречува шпионажата, ги открива и ги оневозможува сите облици на тајни превратнички дејности против сопствената земја чии иницијатори се странските разузнавачки служби и откривање и пресекување на тајно превратничко дејствување против уставниот поредок. Независно од тоа што контраразузнавачката дејност е дефанзивно одбрамбена, нејзините органи често пати настапуваат доста офанзивно т.н задгранично контраразузнавање. На тој начин тие

продираат во разузнавачките институции на други земји со цел благовремено да ги откријат нивните планирани активности насочени против сопствената земја. Оваа активност често како задача ја имаат земји кои немаат развиено разузнавачка дејност.

**Субверзивна (превратничка) дејност** на разузнавачките служби е насочена кон менување на состојбите во други држави. Ваков вид на дејност не спроведуваат сите земји, освен оние кои сакаат да доминираат во меѓународните односи, наметнувајќи го својот авторитет на различен начин, а некогаш и со ваков вид на дејност. За да постигнат ваква цел разузнавачките служби применуваат различни облици на субверзивно делување, а имаат за цел да наметнат своја политика и други позиции во други земји за кои се заинтересирани. Јакнењето на сопственото влијание во други земји може да се постигне на два начина: со давање на разновидна поддршка на загрозените режими, чија политика не им одговара и тајно организирање на преврат заради доаѓање на власт на политички приврзаници и истомисленици.

Субверзивната (превратничка) дејност се состои од:

- Создавање и обезбедување политички и други позиции во други држави, со тенденција тоа да се пренесе и на трети држави;
- Собирање и организирање на политичката и другата емиграција од странски земји, нејзино насочување и поттикнување на непријателско делување и други дејствија против сопствената земја;
- Спроведување на разновидни диверзии и саботажи насочени кон нанесување немир и несигурност кај граѓаните, слабеење на одбрамбениот и на другиот потенцијал;
- Формирање, организирање, опремување и обука на одредени сили наменети за субверзивна дејност на територијата на други земји и нивна припрема за дејствување во услов на војна и мир.[15]

Неизбежно е да се напомене дека своја улога во прибирањето на разузнавачки информации има и контраразузнавачката служба која претставува дел од државната управа што се занимава со откривање и спречувње на дејствувањето на противничките разузнавачки служби, заштита на сопствените тајни и заштита на одредени објекти и работни места на противничките служби.

[15] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год.

Најпрво оваа служба била во рамките на воените структури на државата, за подоцна да стане дел од цивилниот сектор, вклопувајќи се во пошироката служба за безбедност.

Задача на контраразузнавчката служба е:

- Откривање, документирање и спречување на дејствувањето на противничките разузнавачки служби (контраразузнзвање);
- Откривање, документирање и спречување на сите субверзивни активности и нивните носители на планот на загрозувањето на безбедноста и уставниот поредок на државата (кривични дела против државата);
- Откривање, документирање и спречување на терористички напади (антитероризам);
- Организирање, документирање и спречување на сложени форми на организиран криминал што ја загрозуваат безбдноста на државата;
- Заштита на лица од државен интерес;
- Заштита на објекти од витално значење за државта;
- Заштита на странски ДКП во земјата;
- Заштита на сопствени ДКП во странски држави.[16]

## 2.3. Поим за податок и разузнавачка информација

Постои голема забуна во врска со употребувањето на различните терминологии поврзани со разузнавачкиот процес, почнувајќи од фазата на собирање па се до дисеминација на готов производ. Неопходно е да се направи дистинкција помеѓу податок и разузнавачка информација. Дефинициите се разликуваат во зависност од тоа како некој ги изградува, но корисен начин на гледање на целото поле е термините да се стават во еден континуум.

Секако заради разграничување на поимите во прилог е објаснување на фазите на целокупниот разузнавачки процес, познат како разузнавачки циклус. Имено, постапката

[16] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 128

за добивање и синтетизирање разузнавачки сознанија е процес на разузнавачки активности, кој се состои од пет фази:

- Планирање и организирање на разузнавачките истражувања;
- Собирање разузнавачки податоци;
- Обработка;
- Анализа;
- Изработка на завршни разузнавачки документи;
- Доставување на завршните разузнавачки документи до крајните корисници;

Разузнавачката заедница е одговорна за обезбедување на точни и корисни информации на тие што ги носат националните безбедносни одлуки. Успешниот разузнавачки процес ја претвора добиената сурова информација во чиста, разбирлива разузнавачка информација и ја доставува до крајните конзументи. Собирањето на сигурни и точни разузнавачки информации е активен, бесконечен процес најчесто познат како разузнавачки циклус.

Процесот започнува со идентификување на проблемот за кој конзументите се заинтересирани и дефинирање на одговорите кои треба да прераснат во одлуки во однос на дадениот проблем. Понатаму се поставува план на прибирање на тие информации и се пристапува кон прибирање на истите.[17]

### 2.3.1. Планирање и организирање

Оваа фаза е всушност менаџирање на целиот труд, од идентификување на потребите за информации до доставување на разузнавачкиот производ до конзументот.

### 2.3.2. Собирање податоци

Еднаш штом се постават барањата и приоритетите, неопходните податоци мора да бидат собрани. Собирањето е сложен и континуиран процес. Тој се смета за најважната, најсложена работа во функционирањето на разузнавачката дејност. Всушност тоа е

[17] http://www.intelligence.gov/mission/how-intelligence-works.html, [преземено на 17.02. 2015 год.]

прибирање и проследување на суров податок која е неопходен за продуцирање на готова разузнавачка информација.

### 2.3.3. Обработка и проценка на податоците и информациите

Фазата на собирање вообичаено носи големо количество на нефилтрирани податоци кои бараат понатамошна обработка и експлоатација. Фазата на обработка опфаќа конвертирање на големото количество сурови податоци во облик корисен за аналитичарите, внесување на суровите податоци во базата на податоци од каде може понатаму да бидат експлоатирани во аналитичкиот процес. Конвертирањето, односно филтрирањето на податоците подразбира дешифрирање, преведување , интерпретација, подготовка на податоците за компјутерска обработка, редуцирање на телеметријата во значајни мерки, преточување на извештаите од човечки извор во форма која ќе биде поразбирлива за аналитичарите.

Во објаснување на терминот „разузнавачка информација" мора да се тргне од термините „податок" и „факт". Имено под „факт" се подразбира настан, состојба, однос, појава или процес што постои во објективната стварност, независно од човековата волја или свест. Податокот, пак претставува целина од меѓусебно поврзани факти, што му се познати на човекот. Еден податок за да прерасне во разузнавачка информација, треба да ги помине фазите на оценување и утврдување на точноста и стручното објаснување (толкување). [18]

Терминот податок би бил поставен на крајот од левата страна на континуумот.Ова е најнискиот облик на прибирање што не минал никакво процесирање. Тој ги претставува „нулите и единиците" на дигиталните методи на трансмисија. На пример, еден сателит за фотографии создава сигнал за да ја испрати својата фотографија на Земјата во дигитален облик. Станицата на Земјата прима тек од нули и единици во дигитален облик и ги зачувува на диск. Слично на ова, повеќето други системи на прибирање, какви што се сигналите што ги примаат разузнавачките радија и компјутери, се зачувуваат како производ во дигитален облик. Тоа може да се каже и за системите што зачувуваат големи

[18] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 125

количества текст во дигитален облик. Терабајти податоци се прибираат и се зачувуваат на ваков начин. Но без едно првично ниво на обработка или анализа, зачуваните податоци се бескорисни за корисникот.[19]

Податоците прибрани преку изворите, разузнавачката служба ги добива сурови, необработени, а веднаш по добивањето на необработениот податок, следува фазата на оценување. Имено оценувањето на суровиот податок се врши од два аспекти: прво, веродостојноста на изворот, и, второ, точноста на содржината на податокот.[20]

Информациите се следните во континуумот и го претставуваат она што се добива по примарното ниво на процесирање или обработка. Доколку продолжиме со аналогијата со сателитот, нулите и единиците потоа се организираат на таков начин за човечкото суштество да може да се здобие со некаква корист. Во повеќето случаи, ова значи дека дигитализираните податоци се претвораат во слика од која што можат да се добијат информации. На пример, еден аналитичар би можел да ја погледне сликата и да одреди дека постои голема формација на оклопни возила и тенкови надвор од воениот гарнизон. И додека ова може да претставува корисна информација тоа е крајната граница на она што може да се извлече од сликата. Без некој облик на понатамошно процесирање аналитичарот неможе да донесува судови во врска со тоа што прават тие возила. Сама по себе, оваа информација е недоволна и на аналитичарот му е потребен понатамошен извор на информации.

### 2.3.4. Анализа и изработка на завршни разузнавачки документи

Идентификувањето на барањата, собирањето на податоците, како и обработката и експлоатацијата се безначајни доколку информациите не им се предадат на аналитичарите кои се експерти во своите области и можат да ги претворат

[19] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009 год., стр. 51

[20] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 128

разузнавачките информации во завршен разузнавачки документ кој одговара на потребите на креаторите на политиката.[21]

Анализата ги опфаќа интеграцијата, евалуацијата и анализирањето на сите расположливи информации (кои се често фрагментарни па дури и контрадикторни) и подготовка на разузнавачки производи. Аналитичарите кои се специјалисти по одреден предмет, ја проверуваат внимателно сигурноста, валидноста и релевантноста на информациите. Тие го интегрираат податокот во една единствена целина, ја ставаат проценетата информација во контекст, и произведуваат готова разузнавачка информација која опфаќа проценка за настаните и суд за импликациите на информациите врз државата.

## 2.4. Знаење и проценка врз база на разузнавачки информации

Знаењето е следното ниво на анализата што дозволува да се донесуваат првични судови. Потребни се понатамошни извори на информација за да се дојде до одредено знаење. Другите извори би можеле да бидат, на пример, претходни анализи на слики, дипломатски извештаи, сигнално разузнавање или извештаи од отворени извори. Со додавањето нови информации во контекст со претходните, се произведува знаење. Знаењето е поширок термин, бидејќи се состои не само од познавање на фактите, туку и нивните причинско- последични врски. Продолжувајќи со аналогијата со фотографијата за која што стана збор погоре, би можела да биде снимена еден ден пред националниот празник на Земјата. На вакви празници се вообичаени големи воени паради, така што она што првично било согледано како информација за можна закана сега е знаење дека таквиот вид однесување е сосема нормален и не треба да предизвика понатамошна алармираност.

Проценка – Целта на проценката е на одлучувачите да им обезбеди знаење по кое може да се дејствува. Позната е синтагмата „Ако знаењето не одредува акција, тогаш тоа е мртво за нас".

---

[21] https://courseware.e-education.psu.edu/courses/bootcamp/lo07/09.html, [преземено на 20.02.2015]

Проценката всушност е термин тежок за дефинирање. Проценката е завршниот чекор во аналитичкиот процес што ги комбинира сите извори на информации во еден краен производ. За разлика од анализата и евалуацијата кои можат да се случуваат на сите нивоа на разузнавање и можат да бидат од еден извор,од повеќе извори или од сите извори. Проценката ги вклучува сите извори на разузнавачки податоци, информации и знаење. Таа е дефинитивно производ од сите извори и се пишува за корисници од високо ниво, обично проследена со акција или импликации врз политиките.[22]

Изработка на завршни разузнавачки документи е активност со која резултира обработката на податоците и анализата на информации. Обемот и видот на завршните разузнавачки документи го определуваат крајните корисници согласно потребите. Документите што произлегуваат од разузнавањето се делат на : поединечни, збирни, временски и проблемски.

Поединечните разузнавачки документи ги опфаќаат сознанијата за одреден случај и ги содржат сите аспекти на истиот кога тој е завршен. Овој документ се изработува по итна постапка и се презентира пред корисниците.

Збирните разузнавачки документи содржат синтетизирани разузнавачки податоци собрани во одреден период, за одредена област на разузнавачката дејност, во одредено време, подрачје и средина.

Временскиот разузнавачки документ содржи сознанија за дејноста на противникот во одредени временски рамки. Тие можат да се дневни, неделни, двонеделни, месечни, полугодишни и повеќегодишни прегледи.

Проблемскиот разузнавачки документ содржи разузнавачки податоци за одреден предмет или за објект на разузнавачко истражување. Со методот на синтеза се поврзуваат сите факти во нивната вкупснот и меѓузависност.[23]

---

[22] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009 год., стр. 50
[23] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр. 141

### 2.4.1. Дисеминација

Дисеминација или доставување на обработените податоци и информации до корисниците е последна фаза од разузнавачкиот процес. Тоа претставува дистрибуција на финалните разузнавачки извештаи до корисниците заради кои е организиран разузнавачкиот процес. Овие конзументи врз основа на извештаите кои им се доставени донесуваат одлуки или преземаат акции. Одредени информации се доставуваат и до надлежни институции доколку се процени дека тие би можеле да бидат од значење за нивното функционирање и покрај тоа што тие не го побарале тоа. Во извештаите до корисниците за секој податок треба да се наведе изворот и органот кој го обезбедил, со оценка за сигурноста на изворот и степенот на вистинитоста на податокот или информацијата. Оваа фаза им дава можност на конзументите по донесувањето на одлуките врз база на извештаите да иницираат нови барања за информации кои пак го поттикнуваат повторно разузнавачкиот циклус.[24]

Разузнавачките служби во сите земји во оваа насока разработуваат посебна процедура и правила за доставување на финалните разузнавачки документи. Практиката е корисниците да се запознаат со содржината од првите разузнавачки лица заради подобро интерпретирање. Државите формираат посебни органи за координација помеѓу државното и разузнавачкото раководство.

Презентирањето на документите може да биде итно или редовно, со тоа што редовното може да биде тековно или периодично. Разузнавачката служба при презентирањето треба да се придржува кон следниве основни барања:

- Во употреба треба да бидат само комплетни и прецизни податоци, непрецизни и необјективни извештаи може да наведат, да предизвикаат погрешни одлуки и заклучоци. Посебно треба да се има во предвид фактот кога противникот испраќа дезинформации;
- Презентирањето мора да биде навремено за да може и навреме да се реагира;

[24] http://www.dps.state.ia.us/intell/intellcycle.shtml, [преземено на 23.02.2015]

Изворите на разузнавачки податоци мора да бидат максимално заштитени;[25]

Финалниот разузнавачки документ може да се изработи во облик на: информација, проценка или студија.

*Информацијата* е основен, почетен облик на разузнавачки документ, кој содржи податоци за некој од порано непознат факт, настан, процес, појава или состојба.

*Проценката* е разузнавачки документ од повисок степен, тој настанува во процесот на проучување на информацијата. Проценката може да биде општа или посебна. Општата проценка ја дава самиот државен врв, а посебна изработува разузнавачката служба според областа.

*Разузнавачката студија* е целосен разузнавачки документ од највисок степен. Настанува (се изработува) со анализа на разузнавачките научни и други сознанија од областа на стратешката разузнавачка дејност. Овие студии се користат во изготвувањето и реализацијата на големите политичко – доктринарни зафати, специјалните операции на државната администрација итн. Студијата ја изработуваат аналитички тимови, а акцентот се става на прогностичкиот сегмент, затоа што од аналитичкиот дел на разузнавачката служба, се очекува да наведе можни варијанти на развојот на настаните.[26]

[25] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр. 143

[26] Исто, стр. 142

## *ГЛАВА III*
## *МЕТОДИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ДОБИВАЊЕ РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ ЗАРАДИ ПРЕВЗЕМАЊЕ АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ*

# 3. МЕТОДИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ДОБИВАЊЕ РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ ЗАРАДИ ПРЕВЗЕМАЊЕ АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ

## 3.1. Методи на дејствување на разузнавачките служби

Начините на кои разузнавачките служби ги спроведуваат разузнавачките и тајните субверзивни активности можат во најопшта смисла да се поделат на методи на разузнавачките активности од една страна и специфични методи и постапки, односно мерки и активности, со кои се реализираат тајните субверзивни активности од друга страна.

Во методи на разузнавачките служби се вбројуваат:

- **Методи, постапки или техники на собирање на разузнавачки сознанија,** што можат понатаму да се поделат на разузнавачките методи во потесна смисла и користење на легалните можности за разузнавачка работа;
- **Научни методи и методски постапки,** кои се во повисоките фази на разузнавачкиот циклус, а се користат во функција на обработка, анализа, класифицирање и обединување на разузнавачките податоци и изработка на завршните разузнавачки документи;[27]

Во специфични мерки и постапки со кои се реализираат субверзивните активности се вбројуваат :

- Психолошки операции;
- Субверзивни пропагандни активности;
- Идеолошко – политичка индоктринација;
- Предизвикување и управување со општествени кризи;
- Користење на политичка агентура;
- Агенти од влијание;
- Тајна помош на опозициони структури;

[27] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр. 157

- Специјални операции;
- Поединечни облици на насилство (терористички акт, диверзија, саботажа);
- Субверзивна шпионажа;
- Превратнички дејствија (државен удар, пуч, вооружена побуна);[28]

Всушност примената на специфични постапки (методи) во насока на прибирање податоци од стратегиски, оперативен и тактички карактер и реализирање други дејства, а во рамките на утврдениот законски делокруг и во насока на остварување на поставени цели и барања од страна на државниот врв претставува **тактика** (збор со грчко потекло и означува: вештина на водење војна, умешност на целесообразно постапување при работа, гранка на воената вештина).

Главна карактеристика на разузнавачките методи :

- Тајност на постапките (користење извор на сознанија, одржување врска, прибирање на податоците, доставување на податоците, конкретниот објект на интерес).
- Тајност на предметот на интерес;
- Тајност на содржината на разузнавачкиот производ;
- Тајност на намерите на РС

Во рамките на разузнавачката тактика, се разликува примена на тајни, прикриени и легални методи, од една страна, и релаизирање неразузнавачки дејства на разузнавачката служба, од друга.

## 3.1.1. Тајни методи на РС

### 3.1.1.1. Метод на тајно вградување на професионален припадник на РС (разузнувач) во структурата на објектот на интерес

Овој метод претставува организирано и планско тајно вградување на припадник на дадена РС во организациската структура на објектот на интерес (актуелен или

[28] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр.157

потенцијален противник), со користење адекватна легенда, а со цел да прибира и доставува податоци и извршува други задачи од приоритетен интерес за службата.

Предмет на работа на вградениот припадник на службата во структурата на објектот на интерес претставува прибирањето податоци и остварувањето други задачи од приоритетен интерес за дадената РС (стратегиски карактер). Целта на вградување на припадник на службата во структурата на објектот на интерес е навремено да се осознаат намерите на објектот на интерес (актуелен или потенцијален противник).[29]

### 3.1.1.2. Класичен агентурен метод

Класичниот агентурен метод, подразбира користење на агент (се употребува и називот „соработник", „повереник") од страна на РС за доаѓање до тајни податоци од структурите на објектот на интерес (актуелен или потенцијален противник) и извршување други задачи од интерес за дадена служба.

Агентот претставува граѓанин, кој не е професионален припадник на РС, што на барање и за сметка на РС, свесно, организирано, плански и тајно прибира и доставува податоци и извршува други задачи во структурата на актуелниот или потенцијален противник што се од интерес за службата. [30]

Типични задачи кои како обврска ги превзема еден агент се:

- Прибирање и доставување податоци за објектот на интерес;
- Одземање и доставување пишани и други материјали и предмети од средината на објектот на интерес;
- Создавање услови за извршување таен претрес врзан за простории на објектот на интерес и поставување и примена на оперативно – технички средства;
- Учество во двојни комбинации;
- Проучување на други лица и создавање на услови за нивно придобивање за агенти на РС;
- Држење на врска на други агенти, во улога на резидент или врзник;

[29] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 29,31

[30] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 32

- Учество во пошироки разузнавачки акции;
- Помагање при реализирање на тајно следење, набљудување и документирање на лица и нивните контакти, што се врзани за објектот на интерес;
- Учествување во реализирање задачи во услови на војна, вонредни состојби и затворени граници.[31]

### 3.1.1.3. Тајна употреба на технички средства

Под „тајна употреба на технички средства" се подразбира тајно вградување и користење на технички средства преку разузнувач или агент со цел да бидат прибрани податоци од разузнавачки карактер за противникот (објектот на интерес).

Вградувањето на технички средства може да биде во: затворен простор, отворен простор и во превозно средство. [32]

При тајното вградување и користење технички средства, се разликуваат две ситуации:

- Податоците добиени преку техничките средсатва ги користи разузнавачот или агентот што ги инсталирале, како помагала во нивната тековна оперативна работа;
- Податоците добиени преку техничките средства, ги користи разузнавачката служба во реализација на конкретни акции или разработки, независно од разузнавачите или агентите што ги вградиле техничките средства (нивна задача била само да ги вградат техничките средства). [33]

Техничките средства преку кои се прибираат тајни податоци за противникот можат да се поделат на:

- Електронски средства – се работи за технички средства за аудио снимање (популарно: прислушкување на разговор во затворен простор, на отворен простор, во превозно средство и на телефонски разговори); видео снимање; аудио – видео снимање; продирање во компјутерски бази на податоци на противникот и продирање во електронска пошта на противникот.

---

[31] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 63

[32] Исто, стр. 78
[33] Исто, стр. 79

- Хемиски средства – посебни хемиски супстанци што се употребуваат за тајно (технички незабележливо) отварање на поштенски пратки на противникот и запознавање со нивната содржина; хемиски реагенси за отварање на текстови на противникот напишани со тајно мастило и тајно индиго (напомена: тајното мастило и тајното индиго спаѓаат во средства за невидливо пишување и се користат при одржување на врската помеѓу агентот и разузнавачката служба); Постапка за откривање микроточка и микрофилм на противникот (микрофилмот и микроточката спаѓаат во средства на тајно копирање на документи и се употребуваат, исто така, при одржување на врската помеѓу агентот и разузнавачката служба), преку што може да се дојде до значајни фотографии, скици, планови, табели, списоци на лица и сл. од сферата на противникот; Постапка за откривање на криптофотографски производи (на пример: латентна фотографија), што ги користи противникот во неговиот систем на врски.[34]

### 3.1.2. Прикриени методи на разузнавачката служба

Во рамките на прикриените методи на работа на разузнавачките служби спаѓаат:

#### 3.1.2.1. Метод на прикриено опсервирање

Овој метод подразбира надворешно посматрање на простор, објекти и дејства во други држави, преку сопствени сетила или со помош на технички направи, што за сметка на разузнавачката служба го врши граѓанин, кој има легално покритие за престој и движење на дадениот терен. Граѓанинот кој ја користи легалната можност во друга држава за да може несметано да се движи и набљудува во правецот на интерес на разузнавачката служба, треба да биде претходно обучен или да припаѓа на некој стручна професија, во соодветната област, каде спаѓа предметот на интерес на набљудувањето. Исто така треба да ги поседува следниве карактеристики: прецизно запазување на детали, знаење и умеење во користењето на тајнопис и кодови (имено запазеното треба да биде забележано на кодиран начин), да има квлитетна меморија.

Целта на конкретното набљудување може да биде двојна:

- Потврдување на веќе познати податоци и нивно уточнување;

[34] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 79

- Доаѓање до нови, дотогаш непознати податоци за разузнавачката служба. [35]

### 3.1.2.2. Метод на прикриено анкетирање

Методот на прикриено анкетирање подразбира реализирање анкета од претходно обучени лица, како од областа на методологија на истражување на општествени појави, така и од аспект на целите и барањата на разузнавачката служба, кои имаат реална и легална легенда за таквата дејност во дадена држава. Спецификата на овој метод е во тоа што во прашалниците се уфрлаат прашања за чии одговори е заинтересирана разузнавачката служба, а кои кај испитуваната популација нема да предизвикаат сомневање во вистинските намери и цели на организаторот и реализаторот на анкетата. Најчести цели на прикриеното анкетирање се:

-Да се осознаат политичките ставови на целната група во дадена држава, особено, во чувствителни периоди од политичко – безбедносен аспект; Да се осознаат ставови кај целната група во однос на поедини политички раководители, политички партии, движења и организации; Да се осознаат ставовите на целната група во дадени предизборни периоди, чиј исход е значаен за разузнавачката служба; Да се осознаат ставовите на целната група во предвоен или предкризен период; Да се осознаат ставовите на целната група спрема актуелното државно раководство.

Заклучоците што се извлекуваат од ваквиот метод на разузнавачката служба се потребни за да може да се постават претпоставки за однесувањето на дадената целна група (која може да ја претставува: целото население на една држава, дел од населението како верска група, национално малцинство, етничка група, социјална група и сл.) во период што е значаен од аспект на разузнавачката служба, односно за корисниците на нејзиниот разузнавачки производ (државниот врв). [36]

### 3.1.2.3. Метод на прикриено научно истражување

Прикриеното научно истражување претставува планско вклучување на научник или научна установа во прибирање разузнавачки податоци за сметка на разузнавачката

---

[35] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 83

[36] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 84

служба, преку реализација на легални научно истражувачки проекти на територијата на противникот. Прикриеноста се состои во тоа што, покрај основните задачи што произлегуваат од дадениот (одобрен) научно истражувачки проект, се истражуваат и полиња на барање на разузнавачката служба, но така, што да останат маскирани за организаторот на истражувањето (значи, паралелно, научникот или установата извршуваат две истражувања – едно „отворено" и друго „затскриено"). Научните работници, кои учествуваат во прикриеното научно истражување, не се наоѓаат во агентурен однос со разузнавачката служба, туку работат врз основа на меѓусебен договор, што подразбира нивна висока свест во поглед на предметот на интерес, од една страна, и голема лојалност спрема службата, од друга.[37]

### 3.1.3. Легални методи на разузнавачка служба

Прибирањето на податоци за противникот по пат на легални методи, подразбира, притоа, потпирање врз меѓународното право или врз блатералните или мултилатералните договори на државата на која припаѓа разузнавачката служба со други држави, како и врз суверeното право на државата да дејствува во правец на сопствената одбрана. Овој метод на разузнавачката служба може да биде реализиран на домашната територија, територијата на противникот или на територијата на трети држави. Воедно, некои од овие методи можат да бидат реализирани за време на мир и војна, а некои според природата, само во воени периоди. Битна карактеристика на овие методи е што, при нивната примена, исклучена е противправноста во чинењето од страна на нивните реализатори.

Во легални методи на разузнавачката служба спаѓаат: а) испитувањето на воени заробеници; б) испитувањето дезертери и бегалци; в) извидувањето; г) прибирање податоци преку парадипломатски претставници; д) прибирање податоци преку дипломатски претставници; ѓ) прибирање податоци преку средства за јавно информирање и е) прибирање податоци преку службена соработка со други разузнавачки служби. [38]

---

[37] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 84 ,85

[38] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 86

### 3.1.4. Неразузнавачки дејства на разузнавачката служба

Покрај примената на класични методи за прибирање податоци што се во корист на реализирање на виталните вредности и интереси на државата, разузнавачките служби во насока на остварување, пред се, офанзивни стратегиски цели, преземаат и неразузнавачки (неконвенционални) дејства. Всушност, станува збор за дејствување на разузнавачките служби на планот на оживотворувањето на надворешно – политичките стратегиски цели на државата и тоа во чувствителниот простор помеѓу примената на легални политички средства и методи и примената на конвенционални воени методи и средства (започнувањето со воени дејства). Овде битни се два моменти: прво, државите, со вклучувањето на разузнавачките служби настојуваат да го затскријат своето учество во збиднувањата на териториите на други држави (всушност, мешањето во внатрешните работи на други држави) и, второ, прибирањето на податоци од разузнавачки интерес се користи во смисла на подготовка на неразузнавачките дејства што (подоцна) се применуваат во рамките на планираните офанзивни стратегиски цели. Со други зборови, пред да се започне со изведување на неразузнавачките дејства, разузнавачките служби преземаат опсежни и темелни оперативни истражувања (разузнавачка разработка) од сите релевантни аспекти на територијата на противникот каде што тие ( неразузнавачките дејства) се планира да бидат извршени.

Во рамките на неразузнавачките дејства на разузнавачките служби, се разликуваат:

а) психолошко – пропагандни дејства;

б) субверзивни дејства

- Создавање илегални здруженија;
- Шпионажа;
- Диверзија;
- Саботажа;
- Тероризам;
- Предизвикување и распламтување на кризни ситуации;
- Уфрлување вооружени групи;

в) Превратнички дејства;

- Државен удар;
- Пуч;
- Вооружена побуна;

г) Специјална операција[39]

## 3.2. Оперативни методи во работата на контраразузнавачката служба

### 3.2.1. Оперативна комбинација

Оперативната комбинација претставува планска и систематска постапка на службата за безбедност и контраразузнавање, чија цел е остварување оперативен продор во жариштето на објектот на интерес, како на пример, во: Организациска форма на противничка разузнавачка служба – центар, потцентар или пункт; во врвот на терористичка организација; во криминално здружение. На тој начин службата би била во можност најдиректно да дојде до релевантни податоци за објектот на интерес и врз основа на тоа да ги планира своите натамошни активности на планот на спречување на загрозувачките дејства по безбедноста на државата.

Оперативниот продор во средината на објектот на интерес се реализира преку вгадување во него агент или професионален припадник на Службата или со придобивање за соработка и воспоставување агентурен однос (врбување) на припадник на дадениот објект на интерес (во дел од службите за безбедност и контраразузнваање, наместо терминот агент, се употребуваат термините соработник, повереник, информатор). Воедно со користењето на човечки извор од средината на противникот може да се комбинира со примена на тајно вградени технички средства (аудио, визуелни или аудио-визулени) во простории што ги користат припадниците на објектот на интерес.[40]

---

[39] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 104

[40] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 155

### 3.2.2. Двојна комбинација

Двојната комбинација претставува метод на службата, што се состои во користење на агент на службата спрема одреден објект на интерес, при што истовремено, овој (објектот на интерес) го користи агентот пралелно спрема службата, сметајќи дека искрено работи за него, а, всушност, тој (агентот) искрено работи за службата. Суштината е во тоа, што објектот на интерес е запознат дека агентот работи и за службата, но смета дека искрено работи за него. Од аспект на службата, агентот искрено работи за неа,а објектот на интерес го држи во заблуда (дека искрено работи за него).[41]

### 3.2.3. Дезинформирање

Методот на дезинформирање на противникот спаѓа меѓу најстарите постапки во работата на Службата за безбедност и контраразузнавање, а подразбира планско пласирање на вести до објектот на интерес, во чија содржина, покрај дел вистинити факти, се наоѓаат невистинити податоци. Пласираните вести се од област за која според претходните проценки во службата објектот на интерес е особено заинтересиран и се очекува да ги прифати како целосно вистинити.

Пласирањето на дезинформации може да се обавува преку:

- Агенти на службата вградени во објектот на интерес;
- Преку агенти двојници;
- Преку агенти, кои се во пријателски однос со лица блиски припадници на објектот на интерес;
- Преку средства за јавно информирање.[42]

### 3.2.4. Оперативна агитација

Оперативната агитација претставува вид на психолошка акција спрема објектот на интерес, со цел да се влијае врз однесувањето на неговите припадници во посакувана насока од службата за безбедност и контраразузнавање.

[41] Исто, стр. 156
[42] Исто, стр. 158

Оперативната агитација има две варијанти: а) оперативна агитација со цел да се изврши диференцијација во објектот на интерес – целта е да се расветлат вистинските улоги на припадниците на објектот на интерес. Резултатите од оваа диференцијација се важни заради вршење нужна селекција меѓу припадниците на противникот и нсочување на активностите (акцентирање) спрема најекстремните, а со тоа и најопасните негови поединци.

б) оперативна агитација со цел да дојде до деморализација и пасивизирање на припадниците во објектот на интерес –целта е да падне моралот и волевата компонента меѓу припадниците на објектот на интерес до конечно нивно пасивизирање. Ова е насочено најпрво кон смалување и , по можност, престанување на безбедносно – загрозувачката активност на дадено илегално здружение и второ, кон битно смалување на кругот на неговите симпатизери и поддржувачи во пошироката средина.

Оперативната агитација се врши преку:

- Вградени агенти во објектот на интерес;
- Преку агенти кои се на врска со лица – пријатели на припадници на објектот на интерес;
- Преку поранешни припадници на објектот на интерес, кои јавно истапуваат и се одрекнуваат од политичката платформа на објектот на интерес;
- Преку средства за јавно информирање.[43]

### 3.2.5. Тајно следење, набљудување и документирање

Методот на тајно следење, набљудување и документирање на припадници на објектот на интерес, се презема врз основа на претходно добиени оперативни податоци и проценување на оперативната ситуација, а главно со следнта цел:

- Да се потврдат веќе познати факти за објектот на интерес;
- Да се утврдат нови факти за објектот на интерес;

Да се утврди идентитетот на лицата (дотогаш непознати за службата) кои контактираат со објектот на интерес.[44]

[43]Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 159

### 3.2.6. Таен претрес

Тајниот претрес претставува метод на службата, што се состои во изведување во просторија (стан, куќа, хотелска соба...), возило (приватно или службено) на објектот на интерес, предмети шти ги користи објектот на интерес и негово лично претресување (се доведува во состојба привремено да неможе да се контролира себе си – на пример, употреба на дрога или алкохол) без негово знаење и дозвола.

Целта на претресот може да се состои во:

- Проверување на добиени податоци во врска со неговото дејствување;
- Утврдување нови факти во врска со него;
- Пронаоѓање на предмети и документи што ја расветлуваат неговата безбедносно – загрозувачка дејност;

За успешно изведување на тајниот претрес, потребно е навремено темелно подготвување во поглед на набавка и користење на адекватни технички средства. Пред започнување на тајниот претрес, се врши фотографирање на самото место на претресот, со цел по неговото завршување, распоредот на предметите да се врати во претходната (непроменета состојба). Групата што непосредно го врши тајниот претрес, треба да внимава за да не падне во претходно поставена стапица од страна на објектот на интерес.

Во организирање и планирањето, како и во изведувањето на тајниот претрес учествуваат следниве оперативни групи, формирани од професионалните припадници на службата:

- Група што раководи со реализацијата на тајниот претрес и ги координира активностите;
- Група што го извршува тајниот претрес;
- Група што води тајно следење на објектот на интерес;

Група за спречување непредвидливи изненадувања непосредно пред местото каде се изведува тајниот претрес.[45]

[44] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 160

[45] Батковски, Т., Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика: (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање), Јофи скен, Скопје, 2008 год., стр. 161

### 3.2.7. Тајна примена на оперативно – технички средства

Тајната примена на оперативно – техничките средства подразбира вградување и користење на аудио, аудиовидео, видео и фото-средства во простории на предметот на интерес или во негова близина ,а со цел регистрирање на неговите разговори, движења и контакти, при што тие (средствата) од негова страна не треба да бидат забележани (откриени).

За примена на овој метод на работа, потребно е да бидат исполнети следниве предуслови:

- Да постои законска основа;
- Да постои техничка изводливост за вградување на квалитетно средство;
- Да постои можност за квалитетно камуфлирање на средството.

Во поширока смисла, под тајна примена на оперативно – технички средства се подразбира и употребата на соодветни хемиски супстанци што се користат за незабележливо отворање и затворање на поштански пратки и средства (реагенси) за провоцирање на тајнопис и отворање на микроточка и микрофилм. [46]

## 3.3. Извори на информации

### 3.3.1. HUMINT – Разузнавање спроведувано од луѓе

ХЈУМИНТ е разузнавање кое го спроведуваат луѓе. Хјуминт е релативно ефтина фаза од прибирањето, но сепак претставува негов важен и најстар дел. За неговото спроведување е потребна вештина слична на новинарската за негување и за одржување на извори на информации, како и нивно убедување да проговорат. Дипломатијата има свои доверливи извори компатибилни со дипломатскиот статус и практика. Затоа, единствената улога на Хјуминт агенциите е да ги приберат информациите од лицата кои дипломатите не можат да ги сретнат.

При спроведувањето на своите активности, хјуминт почива на пирамида на извори, со релативно нечувствителни слоеви на дното и многу чувствителни слоеви кон нејзиниот

[46] Исто, стр. 162

врв. На нејзиното дно се наоѓа организираното прибирање на информации од патници, експерти и случајни информатори кои поседуваат извесни информации за странски цели. Како пример можат да се наведат британските капетани на трговски бродови во 18 век, за да го опишат она што го виделе во француските и во шпанските пристаништа. Хјуминт прибира информации на сличен, непосреден начин од бегалци и од емигранти. Се поголемото отварање на светот ја намалува, но не ја брише сосема потребата од ваквиот начин на прибирање на информации. Не може сè да се види преку сателити, а особено не работите кои се чуваат скриени.

Мирнодопското хјуминт не е спектакуларно, но сепак е неопходно, а понекогаш дава извонредни резултати. Постои и посебна категорија на „воен хјуминт". Вооружените сили, при внатрешните безбедносни операции, и мировниците на ООН, низ разговори со локалното население, прибираат мноштво корисни информации. Воените дезертери доброволно информираат за редот и за моралот во војската на противникот, а воените затвореници често кажуваат и повеќе, и покрај претходните предупредувања да не откриваат ништо повеќе од името, чинот и бројот. POW испрашувањето е најголем извор на информации во време на војна. Но, изворите на хјуминт кои потекнуваат непосредно од борбените линии, повеќе се сметаат за дел од воениот „разузнавање од фронтот" отколку за дел од мирновременската хјумин пирамида.

Покрај сè најобичните човечки извори можат да дополнат одредени делови од сложувалката на разузнавањето. Секој успешен национален систем треба да има капацитет за мирновременски испитувања на ова основно ниво, на пример, за разузнавање за Ирак и за други тајни режими.

Пасивното откривање на она што го знаат обичните луѓе, се интегрира во едно проактивно прибирање. И од случајните контакти може да се побара одредена информација. Ad hoc контактите од овој вид, можат да прераснат во постојани врски и да се искачат на горната половина од хјуминт пирамидата, како што е случајот со внатрешните поткажувачи во меѓународната трговија со оружје. Тука спаѓа и смисленото регрутирање на нови извори за одредени цели, при што, сите тие имаат различен степен на прикриеност. Да ги спомeнеме и „несвесните" извори, односно луѓето кои мислат дека даваат информации за новинари или комерцијална употреба. Други пак се наоѓаат на „сенчестиот" крај на информирањето за комерцијално работење, како оние кои

учествувале во советската програма за „присвојување„ на западната висока технологија. Има и такви кои ја користат и својата работна позиција за доставување на информации до својата влада, како што еден британски бизнисмен од случајот Мартин-Черчил обезбедил детални информации за ирачкото производство наменето за одбрана.

Уште повисоко во пирамидата се типичните шпиони. Во Студената војна имало советски „илегалци", или обучени офицери – разузнавачи кои под измислен идентитет, постојано регрутирале и раководеле со агентите во западните земји. Имало и дезертери од високи позиции кои биле охрабрувани и помагани при „преминувањето" заради информациите кои можеле да ги донесат или како награда за минатите заслуги.

На самиот врв од пирамидата се наоѓаат „назначените" агенти кои свесно ја шпионираат својата земја, и инфилтрираните информатори кои обезбедуваат информации за терористички или за други тајни организации.

Мотивите за ваквата длабока шпионажа се разновидни колку и човековта природа. Комунизмот по 1917 год. ја вовел идеолошката шпионажа, засилувајќи ја до ниво кое не било видено уште од реформацијата, а Студената војна уште повеќе ја заострила на обете страни. Дел од припадниците на комунистичкиот режим кој бил пред распаѓање кон крајот на Студената војна, почнале да шпионираат со желба да го урнат советскиот систем. Од друга страна пак, најголем број Американци кои биле фатени како ја шпионираат својата држава, биле мотивирани со пари. Некаде помеѓу парите и идеологијата, може да се најдат и други мотиви како: барање странска политичка подршка за смена на режимот или обратно, за избегнување на таквата опасност; личните фрустрации и неуспеси; возбудата од учествување во „рушењето на системот"; поласканоста од тоа да се биде „некој"; сексуалната привлечност и др. За време на Студената војна имало и случаи на уцени и „заробеништво" на шпиони кои по превземање на првиот чекор, станувале неотповикливо обврзани. Сличните работи веројатно се однесуваат и на терористите кои дејствуват како информатори. Во некои делови на светот, пак, продавањето на информации на странски влади може да биде дел од прифатените обичаи.

Највредното хјуминт орудие се долгорочно ангажираните агенти, кои без големи драми копираат документи, а за тоа, добиваат редовен дополнителен приход за својот навидум

нормален живот. Тој или таа може да биде идеалист или патриот или обете, а нивните мотиви може да бидат случајни или мешани и да доведат до друг вид на престапи.

Дури кон врвот на пирамидата хјуминт добива одредени ограничувања (слабости) во зависност од техничките извори. За индетификација и за регрутација на потенцијалните агенти е потребно долго време. Комуникацијата со нивните контролори се најранливиот дел и мора да бидат ограничени. Затоа нивното известување е бавно и во најголем број случаи „неблаговремено". Опсервациите и помнењето на агентите зависат од обичните човекови способности и слабости. Тие се подложни на „застранувања" и затоа не може да се смета на нивните постојност и веродостојност. Контролорот не може никогаш да биде потполно сигурен дека извештаите не се фабрикувани и искривени или уште полошо, дека агентот не игра двојна улога, обезбедувајќи лажен материјал, со цел да го пробие разузнавањето на службата за која се обврзал да работи. Кај своите корисници, хјуминт има углед на несигурни информации, а неговите агенции секогаш се растргнати помеѓу потребата за заштита на изворот и неговото делумно разоткривање со цел да се осигури неговата веродостојност.

И покрај овие ограничувања хјумин си има свои предности. За време на Студената војна најопасни шпиони биле секретарите на Западна Германија, кои им доставувале тајни документи на разузнавачките служби на Источна Германија, а најопасното оружје на агентите е непречениот пристап до машините за копирање. Документите се посеопфатни дури и од сателитските фотографии и од дешифрираните телеграми, а високорангираните агенти можат да дадат и дополнителни вербални објаснувања и податоци. Хјуминт агенциите можат да се обидат да регрутираат агенти дури и во изолирани држави каде што разузнавањето нема алтернативен пристап. Информаторите се единственото средство за пробивање на недржавниот тероризам, а безбедносното разузнавање секогаш има потреба од информатори за субверзивните активности и за другите внатрешни закани.

Хјуминт секако е од помош и при преземање на други активности за прибирање на податоци. Човечките извори понекогаш се потребни и за поставување на уреди за прислушкување. Пробивањето на шифри честопати било потпомогнато со обезбедување копии од кодовите и шифрите преку човекови извори. Стекнувањето на агенти со ваков

неограничен пристап до криптографската документација секогаш бил еден од врвните приоритети на КГБ.

Затоа, хјуминт агенциите се флексибилни ресурси, применливи за сите цели, во мир и во војна. Се одликуваат со храбар дух во смисла на „можам сè“ кој ги прави соодветни за тајни задачи во странство, кои никој друг неможе да ги исполни.[47]

### 3.3.2. Сигнално разузнавање (SIGINT)

Сигинт станал најплодоносниот извор на разузнавањето во дваесетиот век. Одредени негови делови останале зависни од физичкиот пристап кон комуникациите, како владината способност за пристап до телеграмите на странските дипломати од втората половина на деветнаесеттиот век, па наваму.

Вистинскиот подем на модерниот сигинт започнал на почетокот на дваесетиот век со воведувањето на радиото во морнарицата, во армијата, а подоцна, и во воздушните комуникации. Радиото е електромагнетен пренос низ „отворен простор“ Колкав ќе биде дометот на преносот зависи од техничките карактеристики, но во суштина, претставува невоено средство за комуникација. Првата светска војна покажала како армиското и морнаричкото користење на радиото им дало на нивните противници соодветни разузнавачки можности, обединувајќи ја старата вештина за дешифрирање на пораки со новата за радиопресретнување, што на почетокот им помогнало на сојузниците при срекното „запленување“ на германските морнарички книги за шифрирање. Радиопресретнувањето ги овозможило големите воени успеси на сигинт.

Важноста на сигинт се зголемила уште повеќе во Втората Светска Војна, паралелно со поголемата употреба на радиото. Во тоа време започнало и користењето на електронските „некомуникациски“ емитувања, особено радарите и радиосигналите.

По 1945 год. Студената војна, заедно со технологијата на електронската ера, уште повеќе ја зголемиле важноста на сигинт. Сигинт, заедно со сликовното разузнавање, придонеле суперсилите да ги развијат своите сателити за разузнавање. [48]

---

[47] Херман, М., Моќта на разузнавањето во мир и во војна, Академски печат, Скопје, 2009, стр. 83-89

[48] Советскиот сојуз ја одржувал дотогаш најголемата сигинт организациј. Се проценува дека руската сигинт организација била пет пати поголема од американската и броела повеќе од 500 станици, во земјата и надвор од неа. Кон оваа бројка треба да се додадат и сигинт одделенијата во дипломатските претставништваво околу 62 земји, околу 63 бродови наменети за сигинт (иако понекогаш биле ангажирани

Растот на сигинт не бил ограничен само на околностите на Студената војна, и денес, само малку нации немаат свои сигинт организации. Усовршувањето на комуникациите и на електрониката воопшто, создало еквивалентни можности за пресретнување од секаков вид, покривајќи поединци, групи, бизнис институции, но и цели држави. Тука е и проширувањето на воените мисии од секаков вид, а оттаму и потребата од нивното пресретнување. Сигинт го подржува и е длабоко поврзано со „електронското војување", кое прераснало во посебна гранка на воената технологија насекаде во светот, а со неговата опрема станала значаен дел од меѓународната трговија со воени средства.

Повеќе од било кој дел на системот за разузнавање, сигинт станал дел од компјутерската и комуникациската револуција, а најголем дел од неговите фази сега се нераскинливо поврзани со компјутерските и електронските комуникации. Сепак тоа останува зависно од луѓето и од нивната дарба и умешност при усвојувањето на вештините потребни за работа на „линиите за производство на информации" и интензивните компјутерски истражувачки комплексности. Сигинт е пример за современа организација за разузнавање со високоразвиена технологија која истовремено претставува смеса од технологија и човечки вештини.

Што точно претставува СИГИНТ?

Разузнавањето со користење на сигналите од електронските уреди, кои се користат како средства за комуникација (СИГИНТ), претставува производ од препречување и експлоатација на надворешните електромагнетни емисии.

Видот информација која е производ на СИГИНТ, може да содржи бројки и распоред на воениот потенцијал на непријателот, трупи, локации и движења, планови, способности и друго. Од времето на користењето на сигинт-разузнавањето, зависи колку истото ќе се користи и за барање активни цели. Осетливоста од измама во смисла на фалсификувани пораки, радиовраски и друго, го прават СИГИНТ една од најчувствителните и позначајни разузнавачки дисциплини.

---

и повеќе). 20 20 специјално конструирани или модифицирани авиони и беспилотни летала, неколку сигинт сателити и „разни видови на камиони и други возила за тајни сигинт цели".

СИГИНТ разликува три компоненти кои го детерминираат: Комуникациско разузнавање (COMINT), електронско разузнавање (ELINT) и Разузнавање на сигнали од надворешни (други) инструменти (FISINT).[49]

КОМИНТ се дефинира како разузнавање на информација која потекнува од туѓи комуникациски системи (за нас непознати), наменети за одредени корисници. Воените разузнавачки организации, фокусираат најмногу напори на КОМИНТ, со пасивно следење на непријателските комуникации.
Во самата суштина на КОМИНТ се наоѓа пробивањето на шифрите, односно постојаната трка меѓу аналитичарите –толкувачи, од една и оние кои ги создаваат и ги користат, од друга страна.[50]

ЕЛИНТ е разузнавање на информациите кои потекнуваат од странски, некомуникациски средства, како што е електромагнетната радијација, ослободена од нуклеарни или радиоактивни извори.
Постојат два вида на ЕЛИНТ и тоа: оперативно електронско разузнавање и техничко електронско разузнавње. "**OPELINT**" - ги обработува воведувањето, распоредувањето, движењето, користењето, тактиката и други карактеристики на познатите странски (надворешни) некомуникациски емитувачи и нивните поврзани системи. ОПЕЛИНТ е заинтересиран за тоа „како тие системи се користени и користат за обезбедување индикатори и предупредувања на непосредни активности.

Од друга страна **"TECHELINT"** – е процес кој ги пресретнува и анализира информациите со цел одредување на видот на емитерот, неговата функција, способноста, осетливоста и техничките карактеристики.[51]
**FISINT** – разузнавање на сигнали од странски инструменти. Тоа претставува собирање на разузнавачки информации кои потекнуваат од параметрите на опремата,

[49] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 67
[50] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 67
[51] Исто, стр. 69

карактеристиките на набљудувањето и контролните системи како што се далечинските мерачи, радиоактивните двогледи, командните врски и унифицирани воени сигнали.

### 3.3.3. Разузнавање со помош на слики (IMINT – Imagery Intelligence)

Разузнавањето со изработка на слики, фотографии, албуми, филмови, проекција на состојба во природата, соработка со телевизии и слично, претставува делокруг на разузнавачката дисциплина ИМИНТ.

Уште во најраните војни, воените команданти сакале да бидат способни „да го видат следниот рид". Тие како што стоеле на набљудувачниците позиционирани на одредени височини, можеле да видат со сопствени очи што спротивната страна работи и можеле да ги сконцентрираат силите на непријателските слаби точки и често да наредат одлучувачки напад.

Откривањето на телескопот во 17-тиот век и понатамошниот развој на оптичките уреди дава поквалитетен поглед на бојното поле. И покрај тоа се уште беше непознато што работи непријателот зад највисокиот рид. Исклучително, употребата на авион и камера можеа да обезбедат времено и точно извидување. Во 1858, Гашпар Феликс Трначон, кој во 1855 година, прв ја патентира идејата за користење на воздушните фотографии за правење карти и набљудување, ја произведе првата аерофотографија.[52]

За почеток на модерното сликовно разузнавање може да се смета Првата светска војна кога се случило и обединувањето на употребата на камерите и на авионите за извидувње. Воздушните фотографии станале најважен извор на информации во војните кои се воделе со рововски битки, со артилериски бомбардирања и со распоредувње на дивизии и на арсенали оружје.[53]

По откривањето и изработката на фотографијата, укажувана е потребата за „сликовната интерпретација". Ефектите користени од сликовната информација, беа демонстрираниза време на Втората светска војна. Во Втората светска војна речиси 80% од разузнавањето

[52] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 71

[53] Херман, М., Моќта на разузнавањето во мир и во војна, Академски печат, Скопје, 2009, стр. 95

потекнувало од аерофотографиите, заради оддалеченоста на фронтовите и ефикасноста на воздушните извидувања и создавања фотографии.

Камерите на авионите или сателитите можат да собираат информации за областите кои се исто така непристапни. Тие се користени за изработка на топографски (воени) карти, за обележување на просторите, кои се сушни или опустошени, како и за одредување на веројатните предели за рудна експлоатација.

Пристапноста на теренот се значајни карактеристики неопходни при изработка на воените проценки. Фотографијата и снимката претставуваат непроменлив запис на деталите од полето на разгледување преку сензорот кој обезбедува објективно издание на целта преку сликовно издание, без разлика што објектот на извидување може да биде многу далеку.

Сликата е непристрасна и репродуктивна и може да биде изучувана за најразлични цели од различни конзументи. Сликата (фотографијата) може да биде користена како карта за географски цели и да обезбеди крајбрежни и гранични информации, вклучувајќи ја и состојбата со дното и пристапот на бреговите. Сликите и фотографиите можат да обезбедат неограничен број информации и детали за копнените сили, способноста, (отпорноста) на трупите, и користењето на карактеристиките на теренот, што може да помогне за одредување на нејзината издржливост за тешки возила, различни видови на тактика и друго.

Но, постојат и доста слабости во поглед на ИМИНТ, интерпретаторот не секогаш може да ги забележи деталите на сликите. Разузнавањето со слики не може секогаш да даде одговор на бараните прашања. Тоа е лимитирано од способноста и искуството на интерпретаторот на фотографиите. Ресурсите за изработка на фотографии (слики) се ограничени и не можат да бидат фокусирани само во зоната на интерес.

Предностите и слабостите што оваа дисциплина ја карактеризираат можат во кратки црти да се сведат на следново:

ПРЕДНОСТИ: покривање на широка територија; вршење на компаративни анализи; постојано објективно регистрирање; изведување заклучоци за нивото на активностите

ОГРАНИЧЕНОСТИ: зависност од времето исветлото; чувствителност на маскирање и измама; ограничени анализи.[54]

### 3.3.4. Разузнавање со мерење и забележување (MASINT – Measurement and Signature Intelligence)

МАСИНТ е технички добиено разузнавање со утврдување, лоцирање, откривање, идентификување и опишување на унифицирани карактеристики на фиксирани и динамични извори на цели.

МАСИНТ-от го вклучува научното и техничкото разузнавање добиено од квалитативни и квантитативни анализи на состојби, просторни и бранови должини, зависни времени модулации, плазми и хидромагнетни податоци собрани со користење на МАСИНТ - сензори, со цел за идентификување на издвоените забелешки на изворите. Ова разузнавање потекнува од дополнителна обработка и експлоатација на податоците собрани од детекторите на други дисциплини за собирање информации.

Разузнавањето со мерење и забележување развива широка група на блиски дисциплини чиј интерес на истржување се материјалната градба, геофизиката (сеизмичката и акустичната), електрооптиката и нуклеарната радијација.

МАСИНТ ги вклучува но не е лимитирано на следниве дисциплини:

- Електрооптичко разузнавање (ELEKTRO-OPTICAL INTELLIGENCE) – претставува собирање, обработка, експлоатација и анализа на емитуваната или рефлектираната енергија (ултравиолетова, визуелна и инфрацрвена) на електромагнетниот дијапазон со помош на оптичка опрема.
- Разузнавање со помош на радар (RADAR INTELLIGENCE) – собирање, обработка, експлоатација и анализи на радарската енергија рефлектирана од целите или предметите.

[54] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 73, 74

-Разузнавање на радиофреквентните електромагнетни бранови (RADIO FREQUENCY/ELECTRO-MAGNETIC PULSE INTELLIGENCE) – претставува собирање, обработка и експлоатација на радиофреквентните електромагнетни емисии поврзани со нуклеарно тестирање или други високоенергетски настани со цел одредување на нивото на јачина, оперативните карактеристики и забележувања на напредната технологија на оружјето, силата или современите системи.

-Радиациско разузнавање (RINT)

-Геофизичкото разузнавање (GEOPHYSYCAL INTELLIGENCE) – претставува собирање, обработка, експлоатација и анализи на емитувани и рефлектирани звуци, притисок, бранови или вибрации во атмосферата познато како акустично разузнавање (ACOUSTINT), во водата (ACINT) или на земјината површина.

-Разузнавање за нуклеарната радијација (NUCLEAR RADIATION INTELLIGENCE ) – собирање на информации кои потекнуваат од нуклеарни радијации и физички феномени поврзани со нуклеарното оружје, процеси, материјали, опрема или капацитети.

-Разузнавање на градбата и материјалот (MATERIALS INTELLIGENCE) – претставува физичко собирање, обработка и експлоатација на анализи на атмосферски трасирани елементи: гасови, течности и тврди честички на отпадоци или урнатини (остатоци).

-Ласерско разузнавање (LASER INTELLIGENCE)

Оваа разузнавачка дисциплина ја карактеризираат следниве предности и слабости:

ПРЕДНОСТИ: сензорите и приемниците можат да ги обележат бараните цели на дисплеите и да ги дешифрираат добиените информации; субјективизмот е намален; голема прецизност во обработка на информациите; добивање на унифицирани информации; автоматска идентификација на цели.

СЛАБОСТИ: квалитетот на информациите зависи од извежбаноста на персоналот; потребна е високо софистицирана техника и опрема; неопходна е активност на целите; лимитираност на сензорите и уредите; скапи материјали, техника и имплементација.[55]

[55] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 75-78

### 3.3.5. Разузнавање од отворени извори (OSINT - OPEN SOURCE INTELLIGENCE)

Разузнавањето од отворени извори ОСИНТ може да се дефинира како отворено користење на информации, исто како и другите не класифицирани информации кои имаат лимитиран јавен пристап или дистрибуција.[56]

Доколку се направи како што треба тоа е исто онолку ригорозно и навремено колку и секој друг разузнавачки извор и обично чини само мал дел од трошоците за другите видови разузнавање. Тоа претставува разузнавачка дисциплина што користи информации со потенцијална разузнавачка вредност што и се општо достапни на јавноста. Тоа е исто така извор што обезбедува разбирање за одредени настани или ситуации што потоа му помагаат на аналитичарот да ги разбере различните доверливи материјали. [57]

ОСИНТ како разузнавање не е ново, но со појавата на интернетот прерасна во значајна подршка на други разузнавачки извори.

Дефиницијата на НАТО за ОСИНТ е информации што се намерно откриени, различни, прочистени и распределени до одбрана публика, обично командантот и неговиот штаб, за да се справи со некое специфично прашање. ОСИНТ, со други зборови, го применува докажаниот процес на разузнавање врз широка разновидност на отворени извори на информации и создава разузнавачки податоци. Ова што следи ги објаснува клучните термини во оваа дефиниција:

**Откривање** – „Да се знае кој знае“ и „да се знае каде да се бара“ се во центарот на глобалниот ОСИНТ процес, што ги користи распространетите центри на експертиза и архивско знаење. Осумдесет проценти од информациите потребни да го направат ОСИНТ корисен не се на Интернет и не се на англиски.

**Разликување** – Внимателното разликување меѓу добри и лоши извори, тековни и застарени извори, релевантни и ирелевантни извори, и конечно, извори со исплатлива цена и извори со неисплатлива цена, е дел од единствената вредност на ОСИНТ процесот.

**Прочистување** - Најважната вредност што ја придодава ОСИНТ процесот е онаа на прочистувањето, така што конечниот ОСИНТ извештај може да биде кус колку еден

[56] Исто, стр. 79

[57] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009, стр. 155

параграф или страница и може на одлучувачот да му ја пренесе суштината на едно колективно знаење, релевантно за одлуката за која што се размислува. Процесот ОСИНТ дозволува да се „аутосорсира" анализата од првиот ешалон и дозволува експертиза од светкса класа да им биде оставена на услуга на корисниците.

**Доставување** – Најдоброто разузнавање на светот е бескорисно доколку не може да му биде доставено на корисникот на еден навремен начин, во медиум компатибилен со системот што го користи корисникот, соодветно обезбедено и во формат што може лесно да се разбере.[58]

**Од што се состои разузнавањето од отворени извори?**

Изворите што го сочинуваат ОСИНТ се многу разновидни. Во моментов еден од најголемите митови и слабости на ОСИНТ е дека тој често се поврзува само Интернетот и со WWW. Иако до извесен степен корисна, WWW. е ограничен извор. И пребарувачките машини дизајнирани за WWW. се ограничени, во смисла дека многу, ако не и повеќето од она што е на WWW. не им е достапно на пребарувачките машини и може да се користи само со техники за пребарување на deep web. Да се пребарува deep web е надвор од можностите на повеќето корисници.

Поголемите комерцијални бази на податоци, како Lexis Nexis и Dialog, имаат по пребарливи информации од WWW и нивните бази на податоци се стабилни, нудејќи способност за пребарување што може да се копира. Исто така, комерцијалните бази на податоци се фокусирани на нивните области од интерес, додека повеќето од содржината на WWW е исполнета со порнографија. Според тимот на ИБМ, Web Fountain (извештај од 2004 година), некаде околу триесет проценти на WWW е порнографија, додека уште други триесет проценти се дуплирани информации. Ова значи дека, всушност, само околу четириесет проценти на WWW би можеле да бидат корисни информации.

Изворите што би можеле да бидат користени во ОСИНТ се многубројни, меѓу нив спаѓаат книги, весници, научни и академиски списанија, телефонски именици и информациски листинзи, телевизиски емитувања и радиоемитувања, , владини бази на податоци, извештаи од пописи, други владини извештаи, карти, списоци на населени места, водичи

[58] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009, стр. 155

за навигација, водичи за анализа на теренот, фотографии со висока резолуција од отворени извори, бизнис извештаи, буџетски извештаи и друго. Она што е ограничено за истражувачите на ОСИНТ е ограничено главно само од нивните креативност и имагинација.[59]

Оваа разузнавачка дисциплина ја карактеризираат следниве предности и ограничености:

ПРЕДНОСТИ: намалување на финансиските трошоци; голема корисност на информациите; навременост; објективност; потврдување на информациите и др. ОГРАНИЧЕНОСТИ: добивање дезинформации; непотврдување на информациите; скриени и површни дневни настани и сл.[60]

[59] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009, стр. 155

[60] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 82

*ГЛАВА I V*
*ИНФОРМАЦИИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНИ АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ*

# 4. ИНФОРМАЦИИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕВЗЕМАЊЕ ПРЕВЕНТИВНИ АНТИТЕРОРИСТИЧКИ МЕРКИ

Со оглед на фактот што во денешно време не постои реална закана од конвенционална војна, главен акцент при работата на безбедносната заедница се става на заштитата на уставниот поредок и безбедноста на државата од неконвенционалните напади на терористичките организации. Тероризмот како закана за националната безбедност на државата, не би требало да се споредува со која и да било друга закана. Секако дека борбата против тероризмот не е единствената задача за безбедносната заедница, за која земја и да станува збор. Но затоа е сигурно дека е многу потешка за спротивставување споредено со која било друга закана која е во рамките на делокругот на работа.

Во услови на глобализација државата се става пред еден огромен предизвик да го стави на располагање целиот свој капацитет во долгорочната борба со транснационалното зло наречено Тероризам.

Антитероризмот е активност која ги обединува сите активности кои се применуваат од страна на државата и нејзините институции, како и меѓународни организации во борбата против тероризмот.

Антитероризмот е навистина сложен процес кој ги вклучува во себе превентивните, репресивните и борбените дејствувања на безбедносните структури на државата применувајќи ги меѓународните правни акти. [61]

## 4.1. Сериозната улога на државата и меѓународната заедница во подготвување терен за успешно антитерористичко дејствување

За волја на иронијата, еден од клучните моменти е дека улогата на државата е од централно значење за разбирање на овие проблеми. Државата често пати не успева да обезбеди основна безбедност и социјални мерки за населението. Оттука алтернативните

[61] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр.31

идеи, вклучувајќи ги и оние за кои што се залагаат насилните терористички групи или другите облици на политички екстремизам, стануваат сè попривлечни. [62]

Државата и институциите ја имаат најодговорната задача да ги заштитат своите граѓани и институциите од сите видови на насилство, особено од современиот тероризам, кој очигледно претставува сериозна закана за меѓународната заедница во XXI век. Со оглед на тоа што веќе подолго време е познато на светската сцена дека тероризмот неможе да се искорени, туку само да се држи под контрола, и врз основа на фактот што тероризмот не е изолирана појава, туку станува збор за транснационална категорија која ги преминува сите државни граници и се заканува на глобално ниво, во тој случај ниедна држава не е имуна на ваквото зло. Токму затоа сите субјекти на меѓународната сцена мора да се потрудат и да го дадат својот придонес. Организацијата на Обединетите Нации мора да ја исполнува својата обрска заради која е и основана. Државите мора да се придржуваат кон меѓународните правни документи. Уважувајќи го меѓународното право и внатрешните правни прописи во борбата против современиот тероризам државите мора да применуват, како што погоре кажавме, превентивни, репресивни, но и борбени мерки. [63]

Кога зборуваме за меѓународните инструменти и меѓународната заедница која мора сплотено да дејствува во борбата против тероризмот, а земајќи го в предвид нашиот стремеж кон приклучување кон Европската Унија, би се осврнала на низа на механизми и инструменти кои ЕУ ги воспоставила и развила, а со чие почитување и имплементирање тероризмот и последиците од истиот, би се држеле во едни разумни граници. Во насока на појаснување на комплексот антитерористики мерки, би се повикале на четирите насоки на работа кои се дадени во **Европската стратегија за борба против тероризмот**:

**Превенција (Prevent)** – да се превенира преминување на луѓето на стрната на тероризмот по пат на справување со факторите или главните причини и корени кои доведуваат до радикализација и регрутација во Европа и пошироко;

---

[62] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009, стр. 94
[63] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр. 37

**Заштита (Protect)** – да се заштитат граѓаните и инфраструктурата и да се намали нашата вулнерабилност кон нападите, по пат на подобрување на безбедноста на границите, транспортот и критичните инфраструктури и сл;

**Прогон (Pursue)**– гонење и истрага за терористите во рамките на нашите граници и глобално, да се попречат нивните планови, патувања и комуникации; да се урнат, уништат мрежите за поддршка на терористите, да се пресече патот на спонзорствата, финансирањето, како и пристапот до материјали кои можат да им послужат за напад, и терористите да се изведат пред суд;

**Одговор (Respond)** – да се подготвиме самите себе во духот на солидарноста, да се изменацираат и да се минимализираат последиците од нападот, преку подобрување на капацитетите за справување со истото: последиците од настанот; координацијата на одговорт и потребите на жртвите.

Државите членки имаат примарна одговорност во справувањето и борбата со тероризмот, но ЕУ додава одредени вредности на патот кон постигнување на целта:

**Зајакнување на националните капацитети:** Користејќи ја најдобрата пракса и споделувајќи знаење и искуство во насока на подобрување на националните капацитети со цел да се превенира тероризмот, да се заштитат од него, да се гонат сторителите и да се изведат пред лицето на правдата, како и да се даде одговор на тероризмот, вклучително и преку подобрување на собирањето и анализата на разузнавачките информации.

**Олеснување на европската соработка (кооперација):** Работејќи заедно безбедно да се споделуваат информации помеѓу државите членки и институциите. Воспоставување и евалуација на механизми за олеснување на соработката, вклучувајќи ги полицијата и судските органи, преку легислативата кога тоа е неопходно и соодветно.

**Развивање на колективни капацитети:** Обезбедување капацитет на ниво на ЕУ за да се разбере и да се овозможи колективна политичка реакција на терористичките закани, и најдобро искористување на капацитетот на европските тела како што се Europol, Eurojust, Frontex, MIC (Monitoring and Information Centre) и SitCen (The Joint European Union Situation Centre).

**Промовирање на интернационално партнерство:** Работење со другите надвор од рамките на ЕУ особено со Обединетите Нации, други меѓународни организации и клучни трети држави во светот, да се продлабочи интернационалниот консензус, да се создаде капацитет и да се зајакне соработката во борбата со тероризмот.

## 4.2. Превенција и превентивни антитерористички мерки

Превенција (од латинскиот збор praevenire = спречување,) претставува збир од мерки како би се спречила некоја несакана појава.

Превенцијата опфаќа одстранување или ублажување на симптомите (непосредна или посредна превенција), а отстранување на причините може да се смета за општа превенција.[64]

Превентивните мерки претставуваат многу значајна компонента на демократското општество кое вистински е определено да се спротивстави на современиот тероризам. Многу луѓе се скептици во поглед на демократската превентива, од причина што резултатите се видливи после подолго време.

Основни предуслови за заштита од современ тероризам се: високопрофесионална и организирана служба за заштита; објективна (реална) проценка на опасност (односно загрозеност), со тоа што терористичките организации не смеат да се потценат ниту пак да се преценат; залагање на граѓаните за професионално и успешно обавување на своите должности на работното место; доследна примена на законските прописи ќе го смали просторот за терористичко дејствување, што е многу важен фактор во заштита на општеството; развивање на демократска општествена свест во сите структури на земјата; непрекината активност во развивање на безбедносната култура под што се подразбира знаење и мотивираност на поединецот лично и самоиницијативно да се спротивставува, како и да превзема мерки и постапки за спречување на терористички активности; постојано превземање и унапредување на мерките за заштита во сите организации и во сите средини; стекнување одредени знаења за методите и средствата кои терористите ги користат при изведување на своите активности.

Остварувањето на горенаведените услови не го исклучува превземањето на одредени конкретни мерки и постапки за одбрана и заштита во борбата против тероризмот. Тие се

[64] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр. 39

неопходни, а поефикасни се доколку поаѓаат од дадениве предуслови. Може да се каже дека добро организирана и сеопфатна самозаштита ефикасно делува во функција на одвраќање од терористички активности.[65]

Европската Унија за реализација на Европската стратегија за борба против тероризмот, го донела Акциониот план за спроведување на Европската стратегија за борба против тероризмот, како најприфатлив акт за овие простори и ред други инструменти, стратегии и акциони планови за спроведување стратегии, и би било корисно и пожелно во своето антитерористичко дејствување државите да се водат по тие акциони планови. Без разлика дали станува збор за држава членка или кандидат за член во Европската Унија, едноставно, како корисна препорака, може да се земат во предвид ставовите предвидени во тие правни инструменти.

При анализата на Акциониот план за спроведување на Европската стратегија за борба против тероризмот можат да се издвојат бројни елементи важни во антитерористичкото дејствување на секоја европска држава. Имено, со цел да се спречи појавувањето на тероризмот во идните генерации акцентот паѓа на справување со радикализацијата и регрутацијата. Во таа насока ЕУ ја донесе **Стратегијата на ЕУ за борба против радикализацијата и регрутацијата.** Во рамките на стратегијата се адресираат факторите кои придонесуваат до насилен радикализам. Во неа се истакнуваат следниве начини на справување со радикализацијата и регрутацијата: како и во самиот акционен план и стратегијата предвидува спречување на активностите на поединците и групите кои ги вовлекуваат луѓето во тероризам; да се обезбеди мислењето на мнозинството да го надвладее тоа на екстремистите; поенергично промовирање на безбедност, правда, демократија и опортунитет за сите.

За тероризмот не постојат никакви изговори, ниту пак неказнување за таквите дела, но обврска на државите е да ги идентификуваат и откријат начините (методите), пропагандата и условите под кои луѓето се втурнати во тероризам и да се разгледа легитимен начин на дејствување. Но предизвикот иако првенствено паѓа на државите членки, на национално, локално и регионално ниво, сепак дејствувањето бара еден поширок ангажман на севкупната популација, како во Европа така и пошироко. Со оглед на фактот што во услови на глобализација на екстремните поединци им е олеснета

[65] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр. 39

можноста идејата да ја претворат во акција, подобрени услови за патување, трансфер на пари, комуникација, вклучувајќи ја овде и интернет опцијата за комуницирање, олеснет е воедно и пристапот до разни радикални идеи и тренинзи. Интернетот исто така може да биде искористен од страна на потенцијалните терористи во набавување на средства за извршување на терористички акти. Токму затоа, промовирањето на community policing, односно полиција во заедницата, по пат на подобрување на тренинг програмите, е од огромно значење во прибирање информации директно од „линијата на фронтот". Лоцирањето и откривањето на таквото специфично однесување може да биде изведено не само преку community policing, туку и преку ефективно мониторирање на Интернетот и патувањата кон конфликтните зони. Таквото однесување мора да биде спречено, така што ќе се лимитираат активностите на оние кои се инволвирани во процесот на радикализација, особено во затворите, образовните институции, како и објекти за религиозни обуки, тренинзи, религиозни обреди и сл. Исто така мора да се испитаат прашањата врзани за приемот и престојот на таквите лица во ЕУ. Да се интензивира акцијата за спречување на индивидуите да имаат пристап до терористички тренинзи, особено таргетирајќи ги оние кои патваат кон конфликтните подрачја. Неопходно е воспоставување на правна рамка со цел да се спречат поединци да поттикнуваат и легитимизираат насилство. Мора да се изнајдат начини за превенција на регрутација на терористи преку Интернет. Исто така треба да се фокусираме на отфрлање на радикализацијата. Но за тоа треба да им се даде и техничка асистенција и на државите надвор од ЕУ да го сторат истото; Важна мерка е, погоре споменатата, спречување на радикализацијата во одредени клучни средини како што се затвори, образовни институции, објекти за верски обреди, образование и трениг и сл. Превземање мерки против нелегална литература со екстремистичка содржина и друг вид на мадиуми со екстремистичка содржина; Ефективна акција против злоупотребата на Интернетот, меѓу другото, по пат на размена на експертиза, размена на национални проценки и анализи, каде релевантно е заедничкото дејствување против екстремистички web страници; Поефикасна примена на релевантните надворешни програми за асистенција, особено вклучувајќи ја тука поддршката, која се состои во градење капацитети во полето на доброто владеење и владеење на правото, со цел да се адресираат факторите кои даваат свој придонес во поддршката на тероризмот.

Како што веќе споменавме, треба да се осигураме дека мејнстрим размислувањето (односно мислењето на мнозинството) треба да е погласно од тоа на екстремистите. Односно, постојат одредени екстремистички погледи кон светот кои ги водат поединците да го оправдуваат и да размислуваат за насилство. Пропагандата објаснува симплистичка реторика, која ја нарушува реалноста на конфликти ширум светот и ги користи како доказ за судирот помеѓу различни вредности и социјални избори. Таквта интерпретација ја изврувва перцепцијата за политиките на Западот. Државите мора да го поттикнат размислувањето на мнозинството преку интензивирање на дијалогот со политички, религиски и сепаратистички групи кои ја фаворизираат умереноста и го исклучуваат прибегнувањето кон насилство. Напорите треба да бидат насочени кон осигурување дека лингвистичките и културните знаења ќе овозможат посоодветна слика за водечките фигури. Треба со координирани и поголеми напори да се промени перцепцијата за политиките на Европа и Западот. Во тој поглед треба да се продолжи со работата и да се направи ревизија со цел да се развие еден неемотивен лексикон, со цел да се избегне поврзувањето на религијата со тероризмот. Мораме да се осигураме дека политиките на Европа не ги продлабочуваат поделеностите. Овозможување модернизирано сфаќање по пат на ангажирање на муслиманските организации, како и поддршка од муслиманската заедница. Овозможување поголем пристап до модернизирана религиска литература; Охрабрување на муслиманската заедница, преку најразлични тренинзи и обуки, да не се потпира на екстерни Имами. Одржување конференции со медиумски професионалци и експерти од областа на безбедноста со цел да се дискутира радикализмот. Да се избегне давање медиумска подршка на терористите и додавање сензационалност на нивните терористички напади. Воспоставување на фондови за тренинг програми за новинари, пренесување на ЕУ телевизиите и радио вестите на регионалниот јазик во Средниот Исток и Северно Афричките земји, како и други иницијативи.

Поенергично промовирање на безбедност, правда, демократија и еднаков опортунитет за сите.

Постојат мноштво фактори во општеството кои можат да создадат средина која ќе биде поволна, склона кон радикализација. Не секогаш тие фактори водат кон радикализација,

но секако дека можат да ја направат радикалната порака, многу попривлечна за оние кои страдаат од последиците и оние кои за возврат се идентифкиуваат со нивното страдање.

Во овие фактори спаѓаат: сиромаштијата или автократското владеење; државите кои преминуваат од автократски контролирана, преку несоодветни реформи, во делумно демократска држава; брза но неизменаџирана модернизација; недостаток на политички и економски просперитет, неразрешени меѓународни и домашни конфликти; неадекватни и несоодветни образовни или културни можности за млади луѓе. Во рамките на Унијата овие фактори во глобала не се присутни, но може да влезат во игра во поединечни сегменти на популацијата и исто така можат да бидат прашање на идентитет во имигрантските заедници.

Треба да се стремиме кон елиминирање на структурните фактори кои ја нагласуваат радикализацијата. Како дел од одговорот треба да се таргетираат тие нееднаквости и дискриминација доколку постојат и да се промовира еден интеркултурен дијалог, дебата и таму каде што е возможно долгорочна интеграција и надворешни економски политики. Мора да се промовира доброто владеење, човековите права, демократијата, образование и економски просперитет преку политички дијалог и програми за асистенција. И секако дека мора да се работи на расчистување на конфликтите.

Она што е важно во превенирањето по пат на спречување на радикализацијата и регрутацијата е тоа што државите освен што мора да работат самостојно, неопходно е да работат заедно и сплотено, со подршка на сите Европски тела. Клучен фактор кон успехот се невладините организации, верските заедници и други такви организации, кои со огромна енергија ке се посветат на справување со реториката на екстремистите и ќе ги осудат нивните криминални дејствија. Предизвикот паѓа на одговорност на државите. Тие треба да ги постават социјалната, економската и образовната политика така што ќе овозможат еднаквост за сите и инклузија во мнозинското општество.

Во поглед на заштитните мерки кои треба да бидат спроведени од страна на државите, а повторно со цел превенирање на терористичко дејствување, може да се наведат следниве: Пред се изготвување на стратешки проценки за терористички закани; структурирана употреба на проценката за закани и анализи на проценката за ризици, превенцијата и менаџментот со последиците; стимулирање на подобрена соработка помеѓу

разузнавачките служби, националните власти и службите за брза помош, цивилна заштита, полиција; подобрување на билатералната размена на прекуганичните закани.

Подобрување на безбедноста на ланецот на снабдување; модернизација на законот за царина и воведување на e-customs; билатерални и мултилатерални активности за подобрување на безбедноста на ланецот на снабдување.

Заштита на критичната инфраструктура[66]; превземање мерки за намалување на вулнерабилноста (ранливоста) на критичната инфраструктура од физички и електронски напад е есенцијална; воспоставување на адекватни заштитни мерки од електронски напади на клучните компјутерски системи; подобрување на безбедноста на електронските мрежи за комуникација и информациската безбедност; Имплементирање на меѓународни програми и стандарди за заштита, каде како мерки за постигнување на крајната цел се предлагаат: намалување на вулнерабилноста на критичната инфраструктура преку постојан мониторинг на истата, подигнување на јавната свест и сл.

Безбедност при транспорт; воспоставување заеднички стандарди за безбедност при цивилен авио сообраќај, вклучувајќи тука и скрининг на вработените, на багажот и на товарот, како и менаџирање на безбедноста во самиот авион. Имплементирање на заеднички стандарди за безбедност на поморскиот сообраќај и безбедност на пристаништата; земање во предвид одредени заштитни мерки на ЕУ за безбедност на патиштата и железниците.

Подобрување на граничната контрола; комплетна техничка имплементација на Виза информацискиот систем; подобрување на пасошката безбедност преку воведување на биометриските податоци, лична фотографија и отпечаток од прсти со цел да се спречат измамите со лажен идентитет; подобрен заеднички пристап меѓу државите во размена и анализа на податоците за патниците; ефективна проценка на можни ризици; максимално зголемување на капацитетот на постоечките гранични системи за мониторирање,каде што е потребно, да се спречи движењето на осомничени терористи преку нашите

[66] Критичната инфраструктура ја сочинуваат физички и информациски објекти, мрежа на услуги и средства, кои доколку се пореметат или уништат, имаат сериозно влијание врз здравјето, безбедноста, сигурноста или економската благосостојба на граѓаните, како и на ефикасното функционирање на некоја организација. Според стандардите на ЕУ, критичната инфраструктура опфаќа: енергетски постројки, , комуникациска и информациска технологија, финансии(банкарство, хартии од вредност и инвестиции), здравствена заштита, храна и вода, транспорт, производство, складирање и транспорт на опасни материи.

граници; подобрена меѓународна соработка и соработка и размена на податоци со Европол и сл.

Подобрување на безбедноста, односно изнаоѓање на заеднички методологии во заштита на други потенцијални мети различни од критичната инфраструктура (т.н. меки мети, како што е јавниот транспорт, преполните места со народ, трговски центри, кина, театри, банки и сл.) по пат на релевантни истражувања.

Во понатамошната анализа на Акциониот план мерките се однесуваат пред се на Имплементација на Рамковната одлука за борба против тероризмот како и воспоставување и имплементација на други одлуки и инструменти во поглед на прибирање на информации, анализа и размена на истите, соработка на полициите и судството во прогонот на осомничените терористи, понатаму воспоставување на една правна рамка на национално и меѓународно ниво која ќе го држи тероризмот и терористичките активности под контрола, а се однесува на спречување финансирање на тероризмот, ограничување на пристапот до оружје и експлозивни направи и сл.

Во таа насока се наведуваат Рамковна Одлука за воспоставување поедноставна меѓусебна размена на информации и разузнавачки информации помеѓу институциите за спроведување на законот на државите членки на ЕУ; Рамковна Одлука за зајакнување на прекуграничната соработка особено во поглед на борба против тероризмот и прекуграничен криминал; Одлука на Советот за овозможување непречен пристап на лицата одговорни за внатрешни работи и Европол во Виса Информацискиот Систем (VIS); подобрена интероперабилност помеѓу VIS, SIS II и EURODAC; подобрена размена на податоци за изгубени и украдени пасоши; што е можно поскоро доставување на важни криминалистички информации поврзани со тероризам до Europol од страна на Министерствата за внатрешни работи, како и доставување до Eurojust информации од обвинителството врзани за тероризам, а во контекст на Одлуката на Советот за размена на информации што се однесуваат на терористички киривични дела; да се работи на подобрување на размена на информации за пресуди; подобрување на размената на информации помеѓу Europol и Eurojust; целосно искористување на аналитичките способности на Europol; развивање на заеднички пристап за размена на информации за депортација и протерување поврзани со тероризам, вклучувајќи ги тука и радикалните имами.

Спречување на терористички движења и активности; да се надгледува патувањето до и од конфликтните подрачја; да се спречи пристапот на индивидуалци до терористички тренинзи; да се искористи максималниот капацитет на граничните системи за мониторирање и кога е потребно, да се спречи движење на осомничени терористи преку границите.

Подобрување на полициската соработка; подобрување на меѓусебната доверба; размена на информации за потенцијални терористи; подобрена соработка против терористичката употреба на интернетот; понатамошно развивање на легална рака за отстранување на илегални материјали на интернет.

Соработка на судството; Рамковна одлука за Европски налог за докази; подобрена употреба на EUROJUST и преземање мерки за подобрување на капацитетот за да овозможи поефикасна соработка во поглед на истраги и гонења на терористи преку практична примена на Одлуките на Советот; Рамковна одлука за применување на принципите на взаемното препознавање на Наредбите за конфискација; развивање најдобра програма за заштита на сведоци, вклучувајчи и гаранција на дозвола за престој на странски државјани на држави кои соработуваат во истрагите во борбата против тероризмот (Европската заштитна програма за заштита на сведоци во тероррристички случаи); употреба на Здружени Истражувачки Тимови, кога е потребно инволвирање на Europol и Eurojust.

**Финансирање на тероризмот**; спречување на финансирање на тероризмот е клучен комплекс мерки, попознат како **економски антитерористички мерки**, кои мора да бидат усовршени со цел ефикасно да се сузбие и спречи тероризмот. Пред се во насока на превенирање воспоставена е правна рамка за спречување перење пари, за време на периодот на имплементација на Стратегијата за финансирање на тероризмот усвоени се разни правни инструменти кои ќе придонесат 40 препораки и 9 специјални препораки на FATF да прејдат во легислатива на ЕУ. Најважни од нив се:

- Директива 2005/60/ ЕС за превенција од употребата на финансискиот систем ( 3та AML/ CTF Директива). Ги покрива повеќето од 40-те препораки и некои од 9-те специјални препораки на FATF;
- Регулатива (ЕС) Бр. 1781/2006 за информации за придружни трансфери на средства на обврзникот. Тоа ја имплементира специјалната препорака VII на FATF;

- Регулатива (ЕС) Бр. 1889/ 2005 за контрола на влез и излез на кеш од заедницата – имплементирајќи ја IX-та специјална препорака на FATF;

- Директива 2007/ 64/ ЕС за платежни услуги на внатрешниот пазар. Во комбинација со третата Директива за перење пари ја имплементираат VI специјална препорака на FATF;

- Регулатива (ЕС) 2580/ 2001 за замрзнување на средствата на осомничени терористи, која заедно со Регулатива (ЕС) 881/2002 ги имплементира санкциите на ОН против Ал-Каеда и Талибанците, а имплементира и дел од III –та специјална препорака на FATF за зарзнување на терористички средства;

Други правни документи кои не се директно поврзани со финансирање на тероризмот но се релевантни за превенција и борба против истиот се:

- 2001 Протокол на 2000 Конвенцијата за меѓусебна правна асистенција;

- Рамковна Одлука за конфискација на приноси од криминални активности;

- Одлука на Советот за размена на информации и соработка што се однесува на терористички кривични дела донесена на 20 септември 2005;

- Одлука на Советот од 17 октомври 2000 што се однесува на договорите за соработка помеѓу единиците за финансиско разузнавање FIU.

Мониторингот над имплементацијата на наведените правни инструменти е важна задача и постигнатиот напредок би бил дел од шест месечните извештаи до Координаторот на ЕУ за борба против тероризмот. Освен мониторингот над имплементацијата на овие Европски правни инструменти, внимание треба да се посвети и на имплементирање на други меѓународни правни инструменти како што е Конвенцијата од 1999 на ОН за сузбивање на финансирање на тероризмот како и Конвенцијата на Советот на Европа за перење пари, истражување, одземање и конфискација на приноси од криминал и за терористичко финансирање како и за превенција на тероризам.

На страна од легислативната рамка, во моментов има зголемена потреба од превземање на поширoки не-легислативни дејствија, како што се транспарентните мерки со кои ќе се увиди дали државите имаат капацитети и средства за превенирање и сузбивање на финансирањето на тероризмот. Државите членки треба да продолжат да работат заедно на подобрување на начините за замрзнување и конфискување на средствата и приносите од криминални активности, исто како и да овозможат заеднички минимум стандарди за тренинг на оние кои ги вршат финансиските истраги, и да промовираат ефикасна

соработка на Финансиските Разузнавачки Единици (Financial Investigation Units – FIU) како на ниво на ЕУ, така и со трети држави. Како се зајакнува контролата во Европа, оние кои подготвуваат терористички акти или се членови на терористички групи ќе бараат нови канали каде регулативата или контролата се најслаби. Заканите за финанисрање на тероризмот се менуваат константно. Што значи одговорите на финансирањето на тероризмот мораат да бидат променливи и еластични како и самите терористи. Токму затоа треба да се стави огромен акцент на интернационалната димензија на борбата против финансирањето на тероризмот. Во превенцијата и сузбивањето на финансирањето на тероризмот мора да се вклучи и приватниот сектор по пат на теренски програми со цел да ги координираат процедурите за борба против тероризмот, а исто така од огромна важност е и заштита на непрофитните организации од злоупотреба преку обезбедување, меѓу другите работи, и соодветна транспарентност и мерки на отчетност како што е нагласено од FATF и други меѓународни тела. Финансиско разузнавање и финансиски истраги- поконкретно, може да се каже дека финансиските информации сами по себе не се доволни за сузбивање на тероризмот, односно, финансиската информација кога е комбинирана со контратерористичко разузнавање може да го подобри капацитетот во идентификување и спречување на терористички активности. Собирањето и размената на финансиски информации треба да стане еден од главните приоритети. Државите треба да се охрабрат финансиските истраги да ги направат фундаментален елемент во сите контра-терористички истраги. Меѓународна соработка на полето на сузбивање на финансирање на тероризмот.

Ограничување на терористичкиот пристап до оружје и експлозиви; Дејствување во контекст на меѓународните правни инструменти за регулирање на пристапот до оружје и експлозиви, како и во координација со меѓународни тела основани за таа намена; Зголемување на важноста за присвојување и применуање на ригорозни безбедносни режими во однос на оружјето и експлозивите во билатералните односи со трети страни; Подобрување на контролата над илегалното оружје и експлозии особено овде на Балканот.

Меѓународна димензија; Да се подржи клучната улога на ООН и нејзините суборганизации во одржувањето на меѓународен консензус и мобилизирање на меѓународната заедница. Да се усвојат и имплементираат меѓународните инструменти од

типот на 16 правни инструменти на ООН за борба против тероризмот, сеопфатната Конвенција за тероризмот, Стратегијата на ООН за борба против тероризмот, да се промовира потпишување и ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа против акти на тероризам; понатаму развивање контакти со меѓународните тела на ОН како што се UNODC, UN CTC, UN CTED, Комитетот 1267, вклучувајќи на тој план и подобрување на меѓусебна размена на информации, како и развивање контакт со Специјалните претставници на ОН за човекови права и тероризам. Подобрување на соработката со FATF

## 4.3. Улогата на дипломатијата во спроведување на антитерористички мерки

Како што може да се види од меѓународната димензија на превенцијата на тероризмот и на национално и на меѓународно ниво, клучната улога ја има дипломатијата, без разлика дали станува збор за подобрување на меѓусебната соработка и размена на потребните информации, или пак станува збор за убедување и промовирање, усвојување и имплементација на некој меѓународен инструмент за борба потив тероризмот, или пак можеби станува збор за политички дијалог или убедувње на земјите, сојузници или непријатели сеедно, да одбијат да им дадат психички и физички простор за операциите на терористите, односно создавање и одржување политичка волја на „нулта толеранција“ за тероризмот од која било нација. Дипломатијата е најмоќното „оружје“ на секоја земја во борба против современиот тероризам, кој охрабрен од глобализацјата, во многу погледи ја надминува државната граница. Централното место на дипломатијата во една стратегија за контратероризам произлегува од фактот дека меѓународниот тероризам по дефиниција претставува политички акт. Дипломатијата е темелник на една сестрана, долгорочна стратегија за меѓународен контратероризам што политички ќе ги дискредитира, , операционо ќе ги уништи и евентуално ќе ги победи и најнасилните групи.[67]

Во дипломатските интерни активности се вклучени кооперацијата со разузнавањето, законодавството и воените заедници на билатерално, регионално и меѓународно ниво.

[67] Курт, К.О. и Лудс, Џ. М. „Напад на тероризмот: елементи на грандиозна стратегија“, Нампрес, Скопје, 2009 , стр.98

Вешто водената дипломатија е сврзно ткиво која сите антитерористички мерки ги обединува во една, компактна и вешто поврзана целина. Без ефикасна дипломатија антитерористичките мерки се разединети и неповрзани, а со тоа и неефикасни. Во поглед на борбата против современиот тероризам дипломатијата не се однесува само на професионалните дипломати кои работат во странство, туку и на сите функционери кои извршуваат други задачи, специјализирани и поврзани со борбата против тероризмот. [68]

## 4.4. Улогата на безбедносно-разузнавачките служби и разузнавачките информации во превземање на антитерористички мерки

Знаењето и вистинската и правовремена информација се вистинското оружје против тероризмот во денешницата. Моќта не го поразува стравот во кој живееме во денешно време, стравот може да биде единствено поразен од знаењето, организацијата и искуството. Воената моќ е веќе немоќна. Единственото најефикасно оружје во борбата против тероризмот е поседувањето на квалитетни разузнавачки информации и превенција на нападите, односно спречување на нештата пред да се случат.

Тероризмот заедно со организираниот криминал претставуваат најсериозни асиметрични закани за сите земји во светот. Тие не се закана која постои од сега или од пред неколку години наназад, но особено стануваат актуелни во почетокот на 21 век, од кога веќе ништо во меѓународните односи, а особено во третирањето на тероризмот не е како порано.

Изгледа дека постои глобален консензус на креаторите на политиката дека зајакнувањето на разузнавачките служби автоматски би го олеснило предвидувањето и борбата против тероризмот[69]

Во разузнавачката теорија важи правилото дека разузнавањето не постои за тоа да ги открие извршителите на некој терористички акти, ретроактивно. Значи делуваат превентивно. Но, колку и да се вложува во разузнавањето, со каков и да располагаме

[68] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр. 88
[69]http://www.diis.dk/files/media/publications/publikationer_2015/priorities_within_the_intelligence_services_in_the_fight_against_terror.pdf, [превземено на 15. 02.2015]

разузнавачки потенцијал и воедно со каква современа техника и да располагаме, едноставно не постои апсолутна разузнавачка контратерористичка заштита. Кога веќе знаеме дека е така, приоритет би требало да биде евентуалната штета, изразена со човечки жртви или материјалната и финансиска штета, да се сведе на минимум.[70]

Терористичките организации се специфичен тип на здружување на луѓе кои ги поврзува една однапред определена цел. „Терористичките групи се мали, единствени, дисциплинирани, фанатизирани, со висок степен на практикување на конспиративност, висок степен на безбедносна свест, култура и знаење."[71] Се карактеризираат со хиерархиски и субординациски добро поставена мрежа. При изработката на нивните планови за дејствување и ангажирање, со содржината на истите се запознаени само мал дел од командниот кадар на групата, со што се оневозможува некој кој не припаѓа на групата да ја дознае содржината на плановите. Основна организациска единица им е ќелијата, која може да содржи од 5-10 луѓе. Но во одредени случаи терористичките органзации дејствуваат на ниво на тројки, при што членовите на една тројка не знаат за идентитетот на членовите на другата тројка. Токму затоа конспиративноста и заштитеноста на егзистирањето на групата е уште поголема. Едноставно доколку член(овите) на една група бидат уапсени, тие не се во можност да го издадат идентитетот на членовите од другите тројки од органите на редот.

Откако ќе успеат (доколку успеат) да го извршат терористичкиот напад, терористите настојуваат максимално да го добијат вниманието на медиумите и воопшто не се двоумат набргу јавно да превземат одговорност за извршувањето на нападот, од причина што тие се „хранат" од стравот на недолжните луѓе, како и од желбата да бидат во центарот на целокупната јавност. Терористите по дефиниција постојат всушност за да не тероризираат психички, да не направат да се чувствуваме беспомошни и безнадежни во очи на нивните напади. Тие сакаат ние да веруваме дека нападите доаѓаат спонтано, по случаен избор, без никакво предупредување, и во тој случај да не се ни обидуваме да го предвидиме

[70] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 178
[71] Котовчевски, М. , „Борба против тероризмот", Македонска цивилизација,Скопје 2004

непредвидливото. Тие се надеваат дека доколку го усвоиме поразот како наша филозофија, тие и ќе не поразат.[72]

Во таа насока разузнавачките служби мораат да направат се што е во нивна моќ, во рамките на нивните надлежности, да дојдат до информации кои се однесуваат на организирање и изведување на терористички активности.

Проценката и предвидувањето врз база на мноштво од точни и релевантни разузнавачки информации, како краен чекор во аналитичкиот процес што ги вклучува сите извори на разузнавачки податоци и други видови податоци, информации и знаење, е клучниот фактор во справувањето со тероризмот, односно предвидување на непредвидливото.

Разузнавачките и безбедносните служби се единствено надлежни и овластени да применуваат тајни методи и средства, заради откривање на потенцијалните извршители на тајни подготовки и дејства кои во наредниот период се закануваат да го нарушат безбедносниот систем на државата. Во таа насока и дејствуваат разузнавачките и безбедносните служби, кои со употреба на методите и средствата треба правовремено да: откријат индикатори кои упатуваат на можна појава на терористички организации во земјата – внатрешен тероризам; со своите сознанија да спречат уфрлување на терористички групи од транснационален карактер во земјата; да соработуваат со странските служби за безбедност и со цел поефикасно дејствување да разменуваат разузнавачки податоци; Своите сознанија на време да ги доставуваат до политичките структури во земјата и до единиците за антитерористичко дејствување. Многу е важно разузнавачко-безбедносниот антитерористички систем да е во комплементарен однос со политичко – дипломатската функција на државата.[73]

Разузнавачките служби не можат да функционираат под светлата на рефлекторите, нивната работа е тајна, непрекината, методите се специфични и недостапни за јавност, затоа што само со таков начин на работа можат да се проврат во тајните одаи на терористичките лавиринти. Разузнавачките служби најважните податоци за тероризмот ги прибавуваат со примена на тајна методологија (тајно прибирање на податоци, методи на

---

[72] www.rand.org/blog/2003/12/fight-terrorism-with-intelligence-not-might.html, [превземено на 12.02.2015]

[73] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр. 45

прикриено прибирање на податоци). Но голем процент од разузнавачките податоци се добиваат со користење на легални извори, како што се средствата за информирање, интернетот пред се, јавните собири, научни трибини, разни интервјуа на граѓани, особено лица вработени во државните институции.[74]

Агентурниот метод во разузнавачкиот процес во борбата против тероризмот завзема важно место. Агентурната работа може да се одвива од странство, но и во земјата која е предмет на разузнавачката работа во процеост на откривање терористички организации и групи на нејзината територија. Работата се одвива во строга тајност, со цел да не се предизвика пореметување на меѓународните односи. Со таа работа целта е да се дојде до најважните тајни информации за некоја терористичка организација кои многу внимателно се чуваат, што дополнително ја отежнува работата. Целта на разузнавачите е да дојдат до одредени квалитетни информации важни за превенција на тероризмот.[75]

Она што како свој најголем придонес разузнавањето во борбата против тероризмот може да го направи, тоа е константната негова задача постојано да настојува да дојде до информации за индивидуални терористи, терористички лидери, ќелии и групи, со помош на кои би можеле да се попречат, поразат или да се уништи дејствувањето на терористичките организации. Од таквите информации, иако значајни, а особено оние кои се однесуваат на имиња, адреси, телефонски броеви, сами по себе може, но и не мора на разузнавачките служби да им откријат дека е во тек постоење на одреден терористички заговор.

Постојат многу видови информации кои можат да бидат собрани во текот на разузнавачката дејност, како целосни, делумни или само почетни. Добар разузнавачки аналитичар и врз основа на такви нецелосни информации е во состојба да предвиди дали терористите нешто планираат или не.[76]

---

[74] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр. 46

[75] Исто, стр. 48

[76] Дојчиновски, М.,Оцаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год.

Но не секогаш огромното количество на информации задолжително значи и олеснување на предвидувањето на тероризмот, колку што може да значи, одземање време при процесот на обработка на истите информации. Во УСА, Кина, Пакистан, како и во Данска разузнавачките служби се расплинуваат во собирање на што поголем број на информации со цел да ги лоцираат и да им се спротивстават на терористите. Како и да е не постои доказ дека повеќе информации ќе доведат до подобро разузнавање. Искуството од Кина и Пакистан покажа дека зајакнувањето на разузнавачките капацитети за прибирање на информации примарно ќе доведе до отежнат пристап кон борбата против тероризмот и намалување на фокусот на откривање на причините за тероризам и превенирање на истиот на многу по суптилен начин. Ниту пакистанските ниту кинеските разузнавачки служби не излегоа со некаков конкретен предлог, за тоа како општеството ќе го сопре тероризмот да се развива.

Искуството на Кина, Америка и Пакистан покажа дека идентификувањето на опонентот, односно противникот е од есенцијално значење за разузнавачките служби да можат да функционираат. Само тогаш заедничкиот труд на институциите може да биде зајакнат и координиран. Разузнавачките служби треба да бидат способни да проценат кој е непријателот и исто така зошто тој истиот е непријател. Дали е возможно да се справат со тероризмот локално или е базиран на интернационален конфликт кој бара поширок пристап на проблемот?! Доколку идентификацијата е погрешна, државата може да се насочи кон погрешниот опонент или да употреби погрешни инструменти.[77]

Разузнавањето во борбата против тероризмот може да се сведе на три нивоа: **стратегиско, оперативно и тактичко**

Со цел да се направи проценка колку разузнавањето е круцијален фактор во борбата против тероризмот, различните нивоа на организација на разузнавачките служби треба да бидат адресирани.

[77] www.diis.dk/files/media/publications/publikationer 2015/priorities within the intelligence services in the fight against terror.pdf,[ превземено на 15.02.2015]

**Тактичко ниво**

Тактичкото ниво опфаќа обезбедување информации со цел да се спречат актуелни терористички планови, вклучувајќи организациски табели, листа на конекции помеѓу потенцијалните терористи, нивното финансирање и информација за нивната локација. Понатаму, разузнавачките служби треба да обезбедат физички докази за идни акти на тероризам – како клучен доказ што е соодветен за судскиот систем и на тој начин може да ги легитимизира превентивните чекори кои ги превземаат институциите . Дејствијата се најчесто насочени против идентификувани лица и можат да вклучат ограничувања на слободата на движењето или ограничен пристап до различни комерцијални статии од безбедносни причини. На тактичко ниво, потребата да се превенира одреден акт на тероризам ќе биде пресретната од потребата физички да се адресираат корените за терористичките мотиви. Токму затоа, разузнавачките служби треба да ги анализираат можните акти на тероризам и да проценат дали се тие веродостојни и треба веднаш да бидат превенирани со физички средства. Разузнавачката информација која не укажува на веродостоен акт на тероризам, туку на потенцијална намера (интенција), треба да биде употребена од страна на властите во рамките на долгорочните напори за откривање на главните причини за појавување на тероризмот. Еден од предизвиците е да се обезбедат доволно информации со цел да се спречат актите на тероризам пред истите да бидат изведени. Странските искуства покажуваат дека ова е постигнато само со напорни, временски неопходни и споделени анализи од страна на разузнавачките анализи и сериозна соработка со други авторитети, институции кои имаат познавање и знаење за социјалните услови во рамките на нивниот делокруг за кој тие се одговорни. Ова се однесува посебно на полициските и социјалните институции кои се секојдневно во контакт со граѓаните и токму затоа се способни да овозможат информација за било која промена на нормалната ситуација, како и за тоа дали различните инструменти и мерки функционираат како што е планирано.

**Оперативно ниво**

Разузнавачките служби имаат многу задачи кои треба да ги спроведат. Институциите инволвирани во борбата против тероризмот имаат потреба од широко познавање за причините за појавата на терористичките организации и кои се нивните цели на

дејствување. Информацијата е неопходна со цел „на змијата да и се пресече главата“ – да се насочат дејствувањата кон лидерите на организациите, пред тие да можат да ги реализираат актите на тероризам, но исто така и да се справат со корените на тероризмот, вклучувајќи ги тука и напорите за справување со маргинализацијата на потенцијалните терористи, недостаток на едукација, како и невработеност и недостаток на можности за вработување и кариера. Информацијата може да потекнува од многу различни извори, и процесот нема да заврши се додека причината за појавата на тероризмот не се неутрализира. И покрај тоа што времето не е круцијален фактор, разбирањето на терористичката организација и нејзината позадина е од витално значење за да се предвидат можните акти на тероризам и властите да ги употребат вистинските алатки, како и алатките за малку подолг временски рок.

**Стратегиско ниво**

Политичарите треба да имаат доволно информации за противникот со цел да ја проценат потребата да се подготви општеството за акт на тероризам. Разузнавчките служби ќе направат проценка за потребата од промени на подготвеноста на општеството по пат на препораки за промени во согласност со нивото на заканата. Ова ќе се случи врз основа на севкупното решение за стратегијата за справувањето со заканата од тероризам, вклучувајќи и алокација на средствата и давање приоритет на одредени алатки. Ова може да биде во облик на зголемена контрола на границите, ограничување на слободата на движење или воспоставување на кооперативни форуми помеѓу различни авторитети за да се зајакне и цивилното ангажирање. Целта на разузнавачките служби е да се увиди до кој степен се можните закани и да се процени, дали тие се на пат да ескалираат во терористички напади. Разузнавачките служби треба да ја оценат севкупната намена на терористичките организации со цел да препорачаат заштитни мерки од последиците од идните акти на тероризам, дури и ако физичкиот доказ не биде сеуште достапен. Деталите и времето притоа се од помала важност за разузнавањето на стратегиско ниво.[78]

[78]www.diis.dk/files/media/publications/publikationer 2015/priorities within the intelligence services in the fight against terror.pdf, [превземено на 15.02.2015]

## *ГЛАВА V*
## *ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА РАЗУЗНАВАЧКАТА ИНФОРМАЦИЈА*

# 5. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАЗУЗНАВЧКАТА ИНФОРМАЦИЈА

## 5.1. Соработка и размена на информации на меѓународно и на национално ниво

Во борбата против тероризмот многу е важна соработката на разузнавачките служби од повеќе земји, особено ако се има в предвид меѓународната карактеристика на тероризмот.[79]

Не постои ниту една разузнавачка служба без оглед воена или цивилна која е способна самостојно и изолирано да дејствува и целосно да ги реализира сите свои разузнавачки побарувања. Од друга страна поради природата и специфичноста на својата дејност, сосема е природно што во текот на своето работење разузнавачките служби добиваат одредени разузнавачки информации кои не се од интерес за нивното работење, односно реализацијата на нивните разузнавачки побарувања, но затоа се од интерес на други безбедносно – разузнавачки служби со кои конкретната разузнавачка служба има воспоставено соработка, сеедно дали станува збор за служби од истата или некоја друга земја. Практиката разузнавачките служби меѓусебно да разменуваат информации воопшто не е нова појава. Државите сојузнички од секогаш ги споделувале разузнавачките информации. Размена на разузнавачки информации се врши и во рамките на спроведувањето на задачите на дипломатијата.

Соработката меѓу разузнавачите е се помалку еднократна или „ad hoc„ а се повеќе се базира како што и претходно видовме врз меѓусебно потпишани мултилатерални и билатерални договори и спогодби за размена на информации, особено кога станува збор за соработката меѓу службите во насока на сузбивање на меѓународниот транснационалниот тероризам.[80]

Меѓутоа соработката помеѓу разузнавачките служби никогаш не е потполна и секогаш е ограничена со многу фактори. Некои од нив се различните интереси и перцепции за надворешната политика, различни позиции во меѓународните односи, правни

[79] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр. 49

[80] Дојчиновски, М.,Оџаков, Ф., Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис принт, Скопје, 2010 год., стр. 199

ограничувања, страв од тоа да не се загрозат сопствените извори на информации со размената на информациите или пак да не се откријат методите, или пак страв другата страна да не ги злоупотреби податоците надвор од постигнатиот договор. Според Ричард Олдрич „ нема пријателска тајна служба, има само тајна служба на пријателска држава“.[81] Интероперабилноста помеѓу различните институции кои се надлежни да прибираат информации во врска со тероризмот, во рамките на една држава, е од неизмерно значење. Разузнавачките продукти имаат вредност само доколку е развиен систем кој обезбедува навремено доставување на релевантните информации до оние кои имаат моќ да одлучуваат. Ова се обезбедува по пат на развивање стандарди за дисеминација, кои претпоставуваат системи, стандарди и прашања за евидентирање на разузнавачките податоци, за заштита на приватноста, информациски безбедносни системи, систем за оперативна безбедност на споделените информации, средства за дисеминација и прашања за интероперабилност помеѓу различните бази на податоци. При размената на информациите и ширењето на знаењето на различните закани од тероризам во праксата се става акцент на „безбедноста на операциите“ поради загриженоста критичните информации да не паднат во погрешни раце, а со тоа да се загрози истрагата, персоналот, изворите и методите на прибирање на инфромации. Таквата крајност води до ризикот информациите што се однесуваат на одредени закани да останат во тесен круг на субјекти со што се ограничуваат и можностите за нивно спречување. Безбедноста на информациите треба секогаш да се има во предвид но треба да се смени филозофијата во размислувањето и свеста во поглед на широко распространување на знаењето за одредени закани. Колку е поголем бројот на субјектите кои располагаат со информациите, толку е поголема можноста заканата да биде идентификувана и превенирана. Клучно прашање кое се поставува во тој поглед е прашањето „Кој се смета за овластен субјект да располага со информациите?“ А во поглед на олеснување на изнаоѓање одговор на таквото прашање, односно во примена на филозофијата за распространување на знаењето, Европските земји и САД ги воспоставиле критериумите и стандардите **„има право да знае“** и **„треба да знае“** кои треба да одредат кој треба да располага со информациите. Дадените стандарди треба да обезбедуваат двојна проверка:

[81] Гаћиновић, Р., "Антитероризам",Библиотека На Трагу, Београд , 2006, стр. 49

- Дали поединецот на кого треба да му биде доставена информацијата, има право да ја знае таа информација? Основа за определување на оваа пракса претставуваат законските овластувања, надлежностите и делокругот на работа на субјектот кој треба да ги добие информациите кои се бараат.

- Дали корисникот - примачот има реална потреба и треба да знае за информацијата? Информациите кои се дисеминираат се релевантни и му се потребни на примачот со цел да се спречи или да се намали закана, или да се помогне и поддржи криминална истрага.

Разузнавачките производи кои обезбедуваат информации што се однесуваат на индикатори за криминал и modus operandi, наменети за широка дистрибуција, треба да овозможат персоналот да биде свесен за овие фактори во текот на нивните секојдневни активности. Многу повисока е ограниченоста во дисеминацијата на оние разузнавачки извештаи кои во себе содржат информации за конкретни истраги и идентификуваат поединци и организации.[82]

**Правило на трета агенција (овластување за ширење)**

Друго ограничување во поглед на взаемното користење на разузнавањето вообичаено се нарекува Правило на трета агенција. Во суштина доколку службеник прима разузнавање од разузнавачки извор (институција) тој не може понатаму да го шири разузнавањето на трета страна без одобрение од оригиналниот извор. Во дисеминацијата на разузнавање, тоа може да биде разузнавање за случај или разузнавачки продукти кои обезбедуваат информации за закани или индикатори. Кога се дисеминира разузнавање за случај каде се содржани податоци за поединци или организации, правилото на трета агенција во целост се применува, додека пак кога се дисеминираат разузнавачки продукти кои содржат информации за закани или индикатори, и не се повредуваат човековите права, правилото на трета агенција се поништува.

Важно е да се потенцира дека досега трите правила на дисеминација „има право да знае", „треба да знае" и правило на трета агенција се со цел: да се заштитат граѓанските права на поединецот и да се одржи безбедноста на криминалистичко разузнавачка истрага. [83]

---

[82] Чавков, М., Криминалистичко разузнавање во борба против организираниот криминал, Скопје, 2011, стр. 105-108

[83] Исто, стр. 107

## 5.2. Стручност и компетентност влијтелни фактори врз квалитетот на информацијата

Работата на разузнавачките служби не може да се замисли без сопствен кадар, оперативци и аналитичари кои треба да се одликуваат со стручност и имаат за задача да ја спроведат и организираат разузнавачката дејност, односно успешно да создадат мрежа на соработници која ќе работи на собирање на потребните информации, ќе ги спроведува сите замислени и планирани акции на разузнавачката служба за која тој работи во странски земји. Во основа оперативниот кадар, вклучувајќи и врвни стручњаци и специјалисти во поедини области се создава на три основни начини:

- Едукација на кадри во сопствени образовни институции;
- Преземање на млади квалификувани луѓе, специјалисти и експерти од други установи и области;
- Преземање кадри од други разузнавачки служби во својата земја;

Разузнавачките служби во повеќе земји во светот настојуваат во својата служба да имаат кадар кој тие сами го избрале, едуцирале во своите институции и ги оспособиле за работи што треба да ги извршуваат.

### 5.2.1. Критериуми при селекција

Критериуми за селекција на кадар се барани стандарди во поглед на психофизичките способности, знаењата, вештините и другите лични карактеристики што се потребни за работа во разузнавачко безбедностите системи. Имено, спроведувањето на селекцијата при вработувањето е потреба и можност, помеѓу поголем број на пријавени кандидати, да се одберат најдобрите за одредена работа.

Спроведувањето на селекцијата има, според тоа, цел да даде што повалидна проценка за персоналните и професионалните можности на кандидатите, односно за нивните подобри или полоши предиспозиции за извршување на одредени работи. Селекцијата се врши врз основа на методолошки критериуми што треба да бидат коректни и недискриминирачки. За да бидат такви, треба да исполнуваат одредени формални услови, и тоа:

- Да бидат исти за сите кандидати кои конкурираат за истото работно место;
- Да се однесуваат на проценката на способностите што се релевантни за извршување на работата;
- Да им бидат однапред познати на кандидатите;
- Да се применуваат непристрасно и
- Одлуките за изборот на кандидатите да се базираат на нив, а не на ненкои други критериуми.

Во поважни критериуми за селекција на кандидати кои првпат стапуваат во безбедносните служби, т.н. влезни критериуми, според споредбената практика, најчесто се однесуваат на барањата што можеме да ги распоредиме во следните шест групи: припадност на кандидатот на заедницата и неговиот статус, возраст, образование, физички способности, ментални способности и морални особини.[84]

Менаџментот на знаењето во разузнавачката заедница е прашање што станува се покритично. Не само што сме среде една „информатичка револуција", туку исто така се соочуваме со низа на асиметрични закани, каде што знаењето претставува можеби единствено функционално оружје. Од критична важност е да се разбере кога е најдобро да се користи информатичка технологија (прибирање податоци и информации), а кога е најдобро да се употребат инхерентните вештини и таленти на луѓето (знаење и проценка). Сепак неможеме да согледаме дека многу од водачите во разузнавачката заедница воопшто и ја разбираат природата на заканувачкото опкружување, заканувачките чинители или пак одговорите на нив.

Една од вообичаените одлики можат да се видат во многу земји и служби е бескрајното ротирање на разузнавачкиот и оперативниот кадар со многу мала или со никаква грижа за доследноста или порастот на знаењето. Со оглед на сложеностите на денешните безбедносни опкружувања, можеби ќе бидат потребни години да се постигне компетентност. Сепак се ротира и унапредува кадар со само најминимална грижа за развивањето на една кариера. Ова е самодеструктивно во најдобар случај, а несовесно во најлош.

[84] Буџаковски, С., Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год., стр.120

Се додека вниманието не се пренасочи од технологијата врз хуманизацијата на разузнавачкиот процес, не е многу веројатно дека ќе се случи некој сериозен напредок.[85]

## 5.3. Централизирано разузнавање слабост која влијае на квалитетот на информацијата

За да се преброди една сериозна асимтерична закана како што е тероризмот знаењето е клучното оружје. Моќта, сама по себе и за себе, нема да успее. Затоа како да се произведе ова знаење од страна на разузнавачките служби е прашање што заслужува јавна дебата.

За да постигнат најголем ефект, разузнавачките и оперативните информации треба да бидат интегрирани колку што е можно поблизу и побргу до „линиите на фронтот." Имено поединецот на линијата на фронтот ќе биде поспособен да ги препознае последиците од една инфромација наспроти нејзината директна заднина, отколку некој што е далеку од местото на настаните. Информациите се највредни кога анализата почнува на линиите на фронтот во непосреден и релевантен контекст. Се разбира, важно е да постои продолжено интегрирање на знаењето како што тоа се движи нагоре по алката, но ако тој процес не почне на линиите на фронтот, ќе се загубат најважните можности.

Интегрирањето на разузнавачките и оперативните информации треба да се случи колку што е можно поблизу до линијата на фронтот и колку што е можно навремено. Само на линијата на фронтот може најдобро да се разбере „фината структура" на разузнавачките податоци во рамки на нивниот контекст. Ако се лиши од контекст, поголемиот дел од вредноста на информациите ќе биде загубен.

Јасно е дека за да се биде успешен во предвидувањето и реагирањето на тероризмот како закана, организацијата и структурите на институциите мораат да бидат доволно оперативно флексибилни за себеси да се приспособат на промените во заканите. Истовремено мора да бидат способни да спроведуваат структурални и организациски промени што ќе ги имитираат оние на заканите. Централизираните бирократии не го прават ова многу добро но организациите на линиите на фронтот обично покажуваат поголема приспособливост.

[85] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009 год., стр. 106, 107

Еден дел од неспособноста да се реагира во ситуација на повеќекратна криза е дека разузнавачкиот кадар и оние што го изградуваат знаењето сега се присилени да работат во хиерархиски организации што се преполни со „силоси" и задржување на информациите. Постојано ги попречува бирократскиот менталитет на менаџерите од средно ниво, коишто го претпочитаат бирократскиот процес наспроти оперативните императиви. Информациите што треба да течат од еден центар до друг за неколку минути или часови, наместо тоа се присилени да се пробиваат нагоре низ една алка од команди, за да бидат префрлени во друга организација и потоа повторно надолу по друга алка на команди до онаму каде што тие би можеле да бидат применети практично. Сето ова може да трае со часови, денови, седмици, под претпоставка дека менаџерите од средно ниво и ќе дозволат тоа да се случи. Пречесто се случува една организација да не споделува информации со друга, поради фактот што бирократите во кој било домен обично љубоморно ги чуваат информациите еден од друг за да ја зголемат својата „моќ" над оние што тие ги сфаќаат како конкуренти за ретките извори.

Властите треба да продолжат да се приспособуваат и да развиваат структури на „спици и тркала" наместо хиерархии. За успешно да се приспособат тие мора поефикасно да го децентрализираат прибирањето на разузнавачки податоци, анализата и контролата и да ги доближат колку што е можно повеќе до нивото на улицата и тие да станат повеќе операција за политичко насочување и за донесување одлуки од повисоко ниво.

Ваквите промени во структурата и организацијата не можат да настанат и да ги спроведат изолирано само некои министерства или одредени иститууции. Решението за тековните проблеми мора да биде одговор на севкупната власт и мора да се изгради силна соработувачка мрежа што ќе ги поврзува сите оддели. Оваа мрежа мора да биде непопречувана за кадарот да може да комуницира доволно добро и да ги открива слабите сигнали што толку често претскажуваат еден напад или криза, но се испуштаат поради бирократските структури и организации.

Треба да биде јасно дека повеќето од заканите се локализирани и „долу во плевелот". И ако институциите сакаат да имаат шанса да се спротивстават, предвидувајќи ги заканите навремено и обезбедувајќи корисни совети за високите водачи, тогаш и тие институции

мораат да имаат очи и уши долу на локално ниво.Овие очи и уши мора да бидат во постојана комуникација едни со други, без оглед на границите на одделите.[86]

[86] Квигин, Т., Да се види невидливото: разузнавање за националната безбедност во несигурно време, Магор ДОО, Скопје, 2009 год., стр. 111-116

*ГЛАВА VI*
*ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО*

# 6. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

За потребите на магистрската беше спроведено емпириско истражување. Вкупно беа анкетирани дванаесет испитаници. Станува збор за репрезентативен примерок, затоа што со истражувањето беа опфатени претставници од Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање, Министерството за одбрана, Сектор службата за воена безбедност и разузнавање и претставници од експертската заедница.

Истражувањето имаше за цел да се согледаат одредени ставови во однос на прашањата за: безбедносно интересни информации во насока на превенција на тероризмот, методи за прибирање на безбедносно интересни информации врзани за тероризам, влијание на буџетот како фактор врз квалитетот на информациите во насока на превенција на тероризам, меѓународната соработка како клучен фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата во насока на превенција на тероризмот, меѓусебната соработка и координација на национално ниво по однос на информации заради преземање на превентивни антитерористички мерки, менаџирањето со човечки ресурси како фактор кој влијае врз навремена, точна и целосна информација која е од значење за превенција на тероризмот.

Прашањата се така обмислени да ја потврдат или отфрлат главната хипотеза која е во насока да укаже кои фактори доведуваат до недостаток на релевантна информација и како истото влијае на превентивното антитерористичко дејствување.

На испитаниците им беа поставни вкупно шест прашања и тоа:

- Кои се безбедносно интересни информации за службите кои се во насока на превенција на тероризам;
- Кои методи се користат при прибирање на безбедносно интересни информации врзани за тероризам;

- Колку и како буџетот влијае како фактор врз квалитетот на информациите во насока на превенција на тероризмот;
- Каква е меѓународната соработка со безбедносно разузнавачките служби на земјите во регионот и пошироко, како клучен фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата во насока на превенција на тероризам;
- Каква е меѓуинституционалната соработка и координација по однос на информациите во насока на преземање ефикасни превентивни антитерористички мерки;
- Колку менаџирањето со човечки ресурси влијае како фактор врз навремената, точна и целосна информација која е од значење за превенција на тероризмот;

По добивањето на одговорите истите беа селектирани, групирани и обработени според најповеќе изразените ставови од бројот на испитаници за конкретното прашање, како соодветна фреквенција на ставови. За полесна обработка на податоците, испитаниците беа поделени во неколку категории и тоа:

1. Претставници на Агенцијата за разузнавање;
2. Претставници на Управата за безбедност и контраразузнавање;
3. Претставници на Сектор службата за воена безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана;
4. Претставници на експертската заедница;

## 6.1. Безбедносно интересни информации во превенција на тероризам

Како што беше потенцирано, на испитаниците им беа поставени одреден број прашања со цел да се согледа состојбата во оваа сфера и можностите за ефикасна превенција на тероризмот. За да се утврди колку информациите се корисни и неопходни во борбата против тероризмот на испитаниците им беше поставено следното прашање **„Кои се безбедносно интересни информации за службите кои се во насока на превенција на**

**тероризам„.** Одговорите на претставниците на Агенцијата за разузнавање и претставниците на Управата за безбедност и контраразузнавање не се разликуваат многу едни од други и се сведуваат на следниве одговори:

Безбедносни информации за службите се информации поврзани со:

- Конкретни терористички структури кои се актуелна закана по безбедноста на државата, проценка на сите лица кои се дел од структурата, нивни врски, сите нивни активности, начини како да се пренасочат во друг правец и сл.
- личности кои со својот фундаментализам, екстремизам, радикализам, сепаратизам отскокнуваат во околината, безбедносно интересни лица;
- информации кои се однесуваат на лица за кои постои сомнение или е докажано дека претходно учествувале во подготвување, организација или изведување на терористички активности;
- информации за меѓусебни контакти и релации, како и контакти надвор од Република Македонија, движења, интереси, членувања во одредени организации и сл.
- потоа идеологијата, мотивите, целите;
- целните групи од каде што се врши регрутација, начини на регрутација, кој ја врши регрутацијата;
- финансирање,
- обука, кој ја врши, каде се врши, лоцирање на тренинг центри;
- информации за личности кои можат да имаат влијание во средината од каде што се врши регрутацијата, индоктринацијата;
- следење на сите информации поврзани со сите облици на илегално здружување, сите облици на организиран криминал;
- перење пари, следење на текот на парите, каде завршуваат парите добиени како приноси од криминалните дејствија за кои постои сознание, се што може да укаже на финансирање на тероризам и постоење закана од тероризам по безбедноста на Р.М.

За разлика од погоре наведените одговори, размислувањата на претставниците од Сектор службата за воена безбедност и разузнавање и претставници на АРМ се идентични со размислувањата на експертите, од аспект на интересите на военото разузнавање, како безбедносно интересни информации се издвојуваат информациите кои се важни за

дејствувањето на армиските единици, од тој аспект особено интересно е движењето на вооружени формациски групации внатре во земјата и надвор од границите на земјата и исто така движење на терористички организации, опасноста од нивната организација, мотивите и целите за дејствување врз Р. Македонија, посебно во пограничните подрачја, а следствено на тоа, добивање сознанија како да се превенираат и како во репресивна смисла армијата да се постави кон мотивите и целите што сакаат да ги остварат. Додека пак припадник на Службата за безбедност и разузнавање во рамките на Министерството за одбрана, малку поконкретно околу безбедносно интересните информации кои се во насока на превенција на тероризмот, вели дека на терен оперативците се насочени кон прибирање на сите информации кои се однесуваат на постоење асиметрични закани кои можат сериозно да ја нарушат безбедноста на државата и населението, а се поврзани со екстремен исламизам, оружје за масовно уништување, шверц на радиоактивни материи, експлозии и експлозивни направи, се што на неконвенционален начин може да ја доведе во прашање безбедноста на државата. Исто така ингеренциите на воената служба се во заштита на целокупниот персонал, односно овозможување на информации за понатамошни борбени дејствија или специјални операции.

Имено, доколку сумираме, безбедносно интересни се сите податоци кои се однесуваат на закани кои сериозно и непосредно можат да ја нарушат безбедноста на државата и да го загрозат уставниот поредок. Со оглед на фактот што најдобро е работите да се предвидат и да се превенираат уште во најрана фаза, работата на разузнавачката заедница е насочена кон будно следење и прибирање на сите податоци во врска со секаков вид на појави кои на било каков начин можат да укажат на постоење закана од тероризам. Тука се мисли на појави од типот на злосторнички здружувања заради планирање, подготовка, организирање и изведување на одредени криминални активности, сите појавни облици на организиран криминал, земајќи ја во предвид тесната поврзаност помеѓу организираниот криминал и тероризмот. Независно дали приносите од криминални активности се одлеваат директно за финансирање на одредени терористички организации, или пак следејќи одредена организирана група, може да се дојде до информации за постоење на одредена терористички организација која набавувала огромно количество нелегално оружје од организираната група, или пак може сосема случајно да се дојде до сознание за постоење на одредена терористичка организација која планирала изведување терористички напад со

примена на оружје за масовно уништување и има намера да предизвика штета од огромни размери, следејќи ги контактите и поврзаноста со организирана група која се занимава со шверц и недозволена трговија на радиоактивни материи. Оттука може да се заклучи дека организираниот криминал може директно или индиректно да укаже на закана од тероризам. Исто така и казнивото дело перење пари, може но и не мора секогаш да укажува на финансирање на тероризам, но како и да е заедно со организираниот криминал и тероризмот претставуваат примарен интерес во работата на разузнавачките служби во склад со промените кои го пратат светот како последица на процесот на глобализација и истовремено значат и промени во националниот безбедносен концепт на државите.

Сепак најинтересни се информациите кои директно укажуваат на постоење на одредена терористичка структура, која претставува непосредна, актуелна закана по безбедноста и уставниот поредок на државата. При постоење на такво сознание мора веднаш да се пристапи кон безбедносна проверка на лицата кои се инволвирани во структурата, најпрво административна, а секако и оперативна проверка на терен, следење и контрола на сите нивни контакти и врски, сите нивни активности, имено дали се во фаза на средби и договори, или веќе се во поодмината фаза на подготовка и организација за изведување на терористички акт. Со намера лицата да се неутрализираат и да се пренасочат во друг правец, важни се и информации за нивните интереси и кон што покажуваат склоност, како би можеле да се придобијат, да се купат со многу пари или пак да се пренасочат во некои легални бизниси и сл. Релативизирање на активностите на различни начини и неутрализирање на членството доколку е тоа возможно.

Исто така мошне се значајни информации кои се однесуваат на лица за кои постои сомнение или е докажано дека претходно учествувале во подготвување, организација или изведувње на терористички активности, што истовремено може да индицира непрекината врска со терористичката организација, па и повторно активирање во планирање, подготовка и организација за изведување на терористички напади. Безбедносно интересни се и информации за лица кои по своето убедување и однесување се издвојуваат во околината како екстремисти, радикалисти, сепаратисти, националисти, такви информации мора постојано да се прибираат и ажурираат, а особено информации за сите нивни меѓусебни контакти и релации како во земјата, така и надвор од нејзините

граници, сите нивни движења, посебно кон одредени безбедносно ризични подрачја, земји зафатени од радикалниот исламизам или пак препознатливи по спонзорирање на тероризмот, потоа нивни членувања во одредени организации, здруженија на граѓани или контакти со истите за кои се претпоставува дека имаат сомнителни финансиски активности и релација со одредени радикални групи.

Иако во последните години, не само Европа, туку светот во глобала е зафатен од бранот на верскиот тероризам, поконкретно радикален исламизам, радикализацијата и регрутацијата не се карактеристични само за овој вид на тероризам. Всушност, многу мал број на луѓе без разлика на нивните верувања и убедувања, ја прифаќаат екстремистичката идеологија, а уште помалку луѓе се спремни да преминат кон тероризам. Токму затоа превенцијата на тероризмот мора да започне уште во процесот на радикализацијата и регрутацијата и за истото мора да се изнајде начин како да биде санкционирано, во насока да се спречи во иднина. Оттука се мошне значајни информациите кои се однесуваат на радикализација и регрутација, имено целни групи на регрутација, поточно дали регрутацијата се врши во затвори, образовни институции, верски објекти и сл. Пред се мора да се има информација кој ја врши регрутацијата, мора да се води евиденција со имиња на лица за кои постои сомнение или за кои се докажало дека вршеле или посредувале при вршење на регрутација. За информација од огромно значење се смета информацијата за одредено лице кое има најголем авторитет во средината каде се врши радикализацијата и регрутацијата, највлијателната личност која службата треба да ја има на врска, со цел да делува кај локалното население или пак кај припадниците на одредена заедница од каде се врши регрутацијата, со намера за одвраќање од радикализација. Кои начини и канали на регрутација се користат, особено со слободниот пристап до интернетот и содржините кои се нудат, секој може да биде мета на регрутација, затоа е неопходно да се имаат информации за web страници кои објавуваат пред се содржини за индоктринација и радикализација, а исто така и оние преку кои се врши регрутација, мора постојано истите да се контролираат и да им се влезе во трага. Понатаму значајни информации се оние кои ќе ни откријат за идеологијата и мотивите. Секогаш основа во превентивното дејствување се информациите за мотивите, доколку се знаат мотивите на организирање и дејствување на една терористичка група, превенцијата треба да се насочи кон нив. Обука и тренинг

центри, неопходно е поседување информации пред се каде се врши обуката, односно локација на тренинг центрите во земјата или надвор од неа, кој ја врши обуката, каква обука се врши, сите тие информации даваат огромна предност на планот на преземање превентивни антитерористички мерки. Цели на дејствување. Сите овие информации се од огромно значење со цел правилно да се насочат и релоцираат сите ресурси и средства заради ефикасно преземање на превентивни и заштитни мерки со намера нештата да се спречат, да не се дозволи изведување на конкретни терористички акти или пак да се намали воопшто вулнерабилноста на одредени објекти.

А најважно од се е финансирањето, имено доста често се случува, покрај погоре споменатите начини за самофинансирање од приливи од криминлни активности, терористичката организација да биде спонзорирана од земјите кои се ноаѓаат на црната листа на земји спонзори на тероризмот, преку најразлични невладини организации, фондации, претпријатија со мешовит капитал кои ги раководат државите инволвирани во финансирање на тероризмот, издавачки куќи, а на име на најразлични донации, спонзорства, хуманитарна помош и сл. Тука најважен момент е откривање на текот на парите, доколку се влезе во трага и се успее да се пресече патот на парите, односно се спречи можноста за финансирање на било каков начин, во тој случај како што вели народната изрека „на змијата сме и ја пресекле главата“.

Исто така значајни се информациите кои се однесуваат на движењето на терористичките групи и организации како во границите на државата, така и надвор од неа, особено околу пограничниот предел, а кои на армиските единици ќе им го овозможат понатамошното дејствување дали во превентивна или во репресивна смисла, од аспект на превземање на специјални воени операции. Военото разузнавање посветува посебно внимание на информациите поврзани со пролиферација на оружје за масовно уништување или недозволена трговија и шверц на радиоактивни материи, биолошки и хемиски супстанци како информации кои директно укажуваат на постоење асиметрична закана. Станува збор за оружје кое има огромна деструктивна моќ, и кое доколку се најде во рацете на одредени екстремистички, терористички групи, може да предизвика катастрофални штети на еден неконвенционален начин, и да предизвика човечки жртви, колку што ни со една класична војна не биле предизвикани во историјата. Со оглед на фактот што во

денешно време многу е мала скоро и да не постои веројатност од класичен воен напад или агресија од одредена држава, туку најголема и сериозна закана за сите држави претставуваат неконвенционалните закани, од групи кои по својата бројност и големина се минорни, но по опасноста и последиците од нивните дејствувања се огромни и најзначајни во моментов за државите и нивните безбедносни органи. Со оглед на нивната екстремност и радикалност, и можноста при остварување на своите радикални цели да посегнат по еден таков вид на оружје за масовно уништување, армиите и воените служби за безбедност и разузнавање посветуваат огромно внимание и даваат приоритет на овие асиметрични закани.

## 6.2. Методи на прибирање информации заради превенција на тероризам

За да се согледа со кои начини и методи се користат службите при прибирање на информации во борбата со тероризмот на испитаниците им беше поставено следново прашања „**Кои начини и методи се користат при прибирање на безбедносно интересни информации врзани за тероризмот**" Во однос на ова прашање ставовите и на претставниците на Агенцијата за разузнавање и на Управата за безбедност и контраразузнавање, како и на претставниците од АРМ и експертите речиси се поклопуваат. Тие сметаат дека во борбата со тероризмот, соодветно на карактеристиките на терористичките групи и конспирацијата која ги прати, битен фактор е човечкиот фактор.

И покрај тоа што се користат сите извори на информации, се разбира, најсоодветно во добивање квалитетна информација е користењето на сите извори на информации, особено кај военото разузнавање, односно се употребуваат подеднакво HUMINT, SIGINT, IMINT, MASINT и OSINT разузнавањето.

Но сепак и претставниците од Агенцијата за разузнавање и претставниците од Управата за безбедност и контраразузнавање, а тука се надоврзуваат и претставниците од Службата за безбедност и разузнавање во рамките на МО и претставниците од експертската заедница го делат мислењето дека меѓучовечкиот однос е клучен во добивањето на релевантна, точна и навремена информација која ќе овозможи ефикасна превнција на тероризмот.

Тие го наметнуваат човечкиот фактор и меѓучовечкиот однос како важен од секој аспект:

- градење доверба и добар меѓучовечки однос пред се со полициските службеници кои се изложени директно на терен и се во директен контакт со проблемите и случувањата;
- пријателски врски на терен, информатори, соработници, агенти;

Во оваа конотација претставниците и на Агенцијата и еден од испитаниците од УБК се согласуваат дека кога станува збор за добивање важни и навремени информации во насока на превенција на тероризмот, посебно кога станува збор за регрутација на потенцијални терористи од руралните средини, од големо значење е придобивање на највлијателниот во заедницата и оној кој има најголем авторитет кај локалното население, и во насока на добивање важни информации, но и во насока на одвраќање од радикализација и регрутација. Исто така при инфилтрација на соработник, агент во одредени структури, како најефикасно и неопходно за упешно добивање на важни и навремени информации во праксата се покажало, инфлитрација на припадник од истата средина од тоа милје. Најчесто заради точна, проверена и навремена информација се користат два до три човечки извори од конкретната средина кон која е насочено прибирањето информации, доколку постои можност да се придобијат толку соработници од истата средина, а сето тоа може да биде пропратено и со примена на технички средства за разузнавање.

- Во поглед на развивање добра соработничка мрежа, негување на добар меѓучовечки однос со агентот, информаторот, интересно е да се издвои одговорот на претставник од експертската фела, кој смета дека „добар оперативец мора да знае како и со чистач и со академик, и со политичар и со механичар, мора да се менува пристапот зошто целта е да се изгради доверба, без доверба нема врска. Исто како кај љубовта, градењето на врската со соработникот трае со години, доверба не се гради одеднаш. Оперативецот мора да знае, како добар психолог, како да пристапи до човекот, постојан или потенцијален агент, соработник, информатор. Но работата не треба да се заврши со административна присилба, треба оперативецот да наметне авторитет, доколку се наметне како авторитет и од таа позиција ги добива информациите во тој случај и квалитетот на информацијата е многу подобра".

-Еден од испитаниците претставник на УБК, смета дека оперативната информација добиена директно од теренот претставува најквалитетна и најзначајна информација,

осбено од инфилтриран, вметнат соработник директно во структурите. Тој смета дека најтешко во оперативата е да создаде двоен соработник, но информацијата е најиздржана и најдобра кога произлегува од двојна комбинација.

-Кога станува збор за тероризмот многу информации се добиваат и од партнерски разузнавачки служби од опкружувањето и пошироко. Меѓународната соработка и добрите партнерски односи со службите, без разлика дали станува збор за билатерални и мултилатерални договори или за лични конекции на оперативците со припадници на разузнавачки служби на пријателски држави, сите испитаници се согласни дека е мошне важно и мошне ефикасен начин на добивање релевантни, точни и навремени информации. Што значи дека и овде станува збор за негување на меѓучовечкиот однос и градење доверба со припадниците на други разузнавачки служби.

-Во овој контекст се истакнуа и размислувањето на претставник на УБК, кој смета дека во меѓународната соработка со служби од пријателски држави исклучително важно е коректност во меѓусебните односи, внимавање и запазување на детали и ситници. Некои од службите огромно внимание посветуваат на квалитетот и провереноста на изворот. Она што за нас е квалитетен и проверен извор, за некои од службите не е доволен или пак е веќе компромитиран.

-Меѓуинституционалната соработка и размена на информации меѓу службите во Република Македонија, како начин за добивање на важни и навремени информации, исто така се заснова на човечки фактор и добри интерперсонални односи помеѓу припадниците на службите;

Начините за добивање на информации од значење за превземање на антитерористички мерки за сите три служби кои се опфатени со истражувањето можат да се поделат во две групи: тајни методи на прибирање на информации и легални методи на прибирање на информации. Зависно од делокругот на работа на службите методите се разликуваат во одредени насоки. Поконкретно зависи дали дејствувањето е насочено кон прибирање на податоци надвор од границите на државата или внатре во самата држава. Службите задолжени за разузнавање кон надвор имаат до одреден степен различни оперативно разузнавачки методи и облици на дејствување во однос на службите кои се задолжени за безбедност и контраразузнавње на територијата на државата. Всушност тоа може да се каже дека е само теоретски различно дефинирано, но во праксата доста често истите се

испреплетуваат во своите надлежности. Често се случува оперативците од Агенцијата за разузнавање да држат на врска исти извори на информации со оперативците од Управата за безбедност и контраразузнавање, а тоа може да се смета како последица од начинот на создавање на Агенцијата за разузнавање како посебен орган. Поголемиот дел од припадниците на Агенцијата за разузнавање се превземени од Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР при самото формирање, и истите тие со себе ги задржале и врските кои ги одржувале со изворите на информации уште додека работеле во УБК.

Како и да е, тајни методи кои се најчесто применувани од страна на Агенцијата за разузнавање во праксата е пред сè класичниот агентурен метод. Кога се работи на прибирање на податоци врзани за закани од тероризам, Агенцијата користи агенти вградени во жариштето на објектот на интерес и тоа најпожелно е тоа да биде од редот (припадниците) на внатрешната средина на објектот на интерес или пак може да биде пласиран агент на службата однадвор со дадена легенда, но сепак по своите карактеристики, етничка припадност, вероисповест, идеолошки убедувања и сл., да може најсоодветно да се асимилира и вклопи во конкретната средина. Исто така во насока на превнирање, уште во фазата на радикализација и регрутација, погодно е примена на агент на врска со припадници на објектот на интерес, кој на индиректен начин доаѓа до податоци што се од поширок интерес за разузнавчката служба, преку роднински, пријателски, деловни и други врски кои пак се директно во кругот на интерес. На индиректен начин, од роднински, пријателски, деловни врски, кои се директно во одредена средина каде има плодно тло за вршење на регрутација, може да се дознае дека одредено лице се издвојува по своето однесување карактеристично за радикалисти, екстермисти, фундаменталисти, дека тоа лице често е во контакт со одредени лица кои се препознатливи по тоа дека вршат радикализација и регрутација на потенцијални терористи во земјата, или често комуницира со припадници на одредена терористички организација, информација дека одредено лице дава логистичка подршка и засолниште на членови на одредена терористичка структура за која постојат основани сомненија дека се заканува по безбедноста на државата со преземање на терористички активности, може да се добие информација дека лицето често посетува одредени објекти за кои се знае дека се собиралиште на радикални исламисти, каде се врши индоктринација на муслиманско население и сл.

Создавање на агент кој во теоријата е познат како агент-база, лице кое има создадено голема доверба во средината, односно степенот на можно сомневање од страна на противникот кон него го има сведено на минимум. Затоа често агентот-база се создава во средина каде противникот, односно терористичката организација или радикланите исламисти сметаат дека меѓу локалното население ја уживат довербата. Во праксата тоа е познато само како придобивање на влијателна личност во средината која е безбедносно интересна за службата, одосно лице кое ужива авторитет во истата и кое може да влијае врз граѓаните, припадниците кон таа средина. Особено кога станува збор за регрутација во одредена средина која е избрана како целна група од каде се врши радикализацијата и регрутацијата, во насока на превенирање, одвраќање од одредени радикални идеи и гледишта, пренасочување во некои легални правци и сл.

Во рамките на својот делокруг на работа, УБК, во насока на прибирање на податоци на терен, значајни за преземање антитерористички мерки, применува неколку облици на дејствување, во кои има комбинирана примена на повеќе различни оперативно – разузнавачки методи.

Проверка се врши заради утврдување на фактичка состојба во врска со одредени лица и настани. Проверка се врши на секој податок кој што се добива во оперативното дејствување, имено се врши проверка на сигурноста на изворот и на точноста на содржината на податокот. Безбедносна проверка се врши и на безбедносно интересни лица за службата, но и при прием и селекција на нов кадар во безбедносно-разузнавачките институции на државата, која што безбедносна проверка е од големо значење за понатамошното работење на идните припадници на безбедносно – разузнавачката заедница.

Безбедносната проверка која се врши може да е делумна и целосна. Делумната проверка опфаќа само административна проверка на лицето со увид во сите евиденции на МВР, во оперативната евиденција на УБК, во судските евиденции за осудени за кривични дела или прекршоци. Додека пак целосната проверка се врши и административно и оперативно на терен, со потполно проучување на лицето за кое се прави проверката. Реалната ситуација во државата е дека веќе се поретко УБК врши целосна безбедносна проверка на лица, особено кога станува збор за прием на нови кадри во безбедносните

струтктури на државата. Но за тоа потоа, кога ќе стане збор за менаџирање со кадрите во безбедносните служби. Целосна безбедносна проверка на лица се прави од страна на УБК ако станува збор за лица кои на било каков начин се интересни за служвта и можат да се поврзат со постоење на закана од тероризам, без разлика дали станува збор за лица кои се членови на актуелна терористичка структура, или лица кои се познати како поранешни припадници на одредена терористичка или криминална структура, или пак за кои се докажало дека учествувале во подготвување, организација, изведување на одредени терористички активности, лица кои биле или се на било каков начин поврзани со некоја терористичка структура и нејзини членови и сл.

Во услови на постоење на одредени индиции кои укажуваат на можност за постоење на одредена терористичка структура на територијата на РМ, УБК превзема претходна оперативна обработка, која во себе опфаќа комбинирана примена на повеќе различни оперативни методи, и доколку во рамките на претходната обработка се потврдат основите на сомнение, претходната оперативна обработка ќе помине во една повисока форма, оперативна безбедносно-контраразузнавачка обработка. Веќе во оваа фаза станува збор за основани сомненија за дејност на одредени лица, групи, кои се насочени кон загрозување на безбедноста и уставниот поредок со преземање на одредени терористички активности, а целта на презменеите оперативни методи е расветлување, документирање и прекинување на таквата терористичка активност, секако се оди и кон сузбивње на структурата на територија на РМ и санкционирање на членовите, протерување доколку се припадници на друга држава.

Без разлика за коков облик на оперативно дејствување и да станува збор, најчесто користени оперативни методи во прибирање оперативни податоци од припадниците на УБК се врадување на соработник на службата во објектот на интерес, терористичка организација, или пак врбување за соработка на припадник на дадената организација со цел да се направи оперативен продор директно во жариштето на терористичката организација, поточно, пробивање во организациската структура на терористичката група или органзиација, идентификување на членовите, на нивни соработници, контакти, откривање на методите и средствата на дејствување, утврдување на нивните планови и

намери; откривање на стратегиски цели кон кои се стреми терористичката организација; навремено откривање на можни терористички напади со цел да бидат спречени и сл.

Како исклучително тежок метод во работата на оперативците, соработничка врска која е скоро невозможно да се создаде во денешниве услови на нашава територија, се смета двојната комбинација. Тоа е метод што се состои во користење на агент или соработник на службата спрема одредена терористичка структура, објект на интерес, при што истовремено терористичката организација го користи соработникот паралелно спрема службата, сметајќи дека искрено работи за неа, а всушност, тој, соработникот (информаторот) искрено работи за службата. За успех во службата се смета доколку денес еден оперативец на УБК успее да воспостави таков соработнички однос, двојна комбинација, во структурата на терористичките организации. Но целта не е само придобивање на лицето за соработник, туку врската треба да се одржува, навремени, точни и целосни информации треба да течат од изворот према службата, но не и обратно, но и да се заштити соработникот кој постојано се наоѓа на бришан простор помеѓу службата и терористичката организација во случај да биде откриен и да се доведе во опасност.

При користењето на човечкиот извор директно од средината на теористичките организации, неопходно е и препорачливо комбинирана примена на тајно вградени технички средства, без разлика дали станува збор за Агенција за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање или Воената служба за безбедност и разузнавање, кај тајна примена на технички средства се подразбира вградување и користење на аудио, аудио видео, видео и фотосредства по просториите на предметот на интерес или во негова близина, а се заради регистрирање на неговите разговори, движења, контакти при што тие средства од негова страна не треба да бидат забележани и откриени. Вградувањето на технички средства може да биде во затворен простор, отворен простор и во превозни средства и најчесто во праксата се применуваат средства за прислушкување на разговор во затворен простор, на отворен простор, во превозно средство, прислушкување на телефонски разговори, продирање во компјутерски бази на податоци и во електронска пошта на актуелната терористичка структура. За успешно да биде вградувањето тоа мора да е технички изводливо, да постои софистицирано солидно техничко средство,како што

во РМ поседува 5-та управа во рамките на МВР, мора да има воспоставено соодветни услови за средството да биде вградено и успешно камуфлирано, но истото да обезбеди јасна и квалитетна содржина. Токму такви услови за вградување и камуфлирање на техничките средства може и треба да обезбеди соработникот инфилтриран во безбедносно интересната терористичка структура, тајното следење и набљудување. Во услови кога се следи одредена терористичка група и нејзините припадници со помош на инфилтриран соработник во самата структура, а заради добивање информации за контакти на членовите на групата, активности, движења, или пак заради потврдување на веќе познати факти, или утврдување на нови во врска со објектот на интерес, припадниците на службите го применуваат методот на тајно следење, посматрање и документирање, а врз основа на претходно добиени податоци. При добивање на конкретно сознание, точна информација за одредена безбедносно интересна локација, поврзана со конкретна терористичка група, благодарение на соработникот кој го прави продорот во жариштето на терористичката организација и со помош на методот тајно следење и набљудување се придонесува кон создавање услови за изведување на методот таен претрес. Тајниот претрес како оперативно разузнавчки метод се применува во праксата и на Агенцијата за разузнавање, и на УБК и ВСБиР, и секаде во разузнавачко – безбедносните служби во светот. Се состои во извидување во просторија (стан, куќа, хотелска соба), возило (приватно и службено) на терористичката организација, односно на нејзини припадници, предмети што ги користат, без нивно знаење и дозвола. Сите претходно преземени мерки во прилог на тајниот претрес се со намера да се утврди најповолна ситуација кога би можело да се влезе, како да се влезе без при тоа да се остават траги, колку време имаат на располагање, каде отприлика да се бара тоа што е предмет на интерес на претресот, и секако се да се врати во првобитна состојба, за воопшто да не се остави простор некој да се посомнева дека е направен претрес. Тајното следење, набљудување и документирање извидува, прави проценки, собира информација во насока на создавање услови за вградување и камуфлирање на оперативно – технички средства во непосредна близина на лицата што се од интерес за службите.

Во разузнавањето со примена на човечки фактор постојат неколку битни моменти кои мора да се земат во предвид при градење на односот со соработникот. Најпрво мотивите за соработка кои денес се разликуваат во огромна мера од мотивите за соработка со

службите порано. Патриотското чувство, идеолошко политичката ориентација и желбата да се соработува со службите на доброволна основа, потребата за самодокажување, скоро и да не постојат како мотиви за соработка со граѓаните. Материјално финансиската страна е главниот двигател во соработката. Во материјална страна како мотив и поттик за соработка би можело да се вбројат не само одредена сума на пари како надеомест за преземениот ризик, кој надомест согласно однапред договореното со службата може да се дава паушално на одреден период, месец, шест месеци, година, или пак отпосле согласно постигнатите резултати службата ќе одлучи колкав износ ќе му биде исплатен и сл. Исто така во материјално финансиски мотив при соработката може да стане збор за решавање на егзистенцијлно прашање, редовно врботување, решавање на станбено прашање, одредени бенефиции и придобивки при водење на сопствен бизнис на соработникот и сл. Соработката може да се оствари врз основа на компромитирачки материјали, но поретки се и тие случаи. Анализирајќи ги мотивите за соработка на овој начин, ако го земеме во предвид фактот за слабата финаниска моќ на државата, се поголеми потешкотии постојат во создавањето на соработничка мрежа на службите. Дури застрашувачки е еден друг факт, финансиските приливи и финансиската моќ на терористичките организации наспроти државата, ги става терористичките организации во подобна позиција и доаѓаме до момент кога се подготвени и способни да понудат многу повеќе парични средства со цел да изградат сопствена соработничка мрежа, која ќе прибира многу подобри информации за безбедносните структури во државта и доверливи информаци, високо класифицирани, во корист на терористичките организации. Релативно голема е веројатноста двојната комбинација со вграден соработник да биде свртена во нивна корист, а нашите служби да бидат дезинформирани.

Една друга околност која ја карактеризира моменталната ситуација во РМ и дополнително ги комплицира работите, правејќи еден потполно неповолен амбиент за работа на безбедносно разузнавачките служби како никогаш до сега е лустрацијата. Донесувањето на Законот за определување на услов за ограничувње за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, моментот на отварање на досиејата од страна на Комисијата за верификација на факти дополнително го усложни воспоставувањето на соработничка мрежа, имено во вакви услови веќе многу е мал бројот на лица кои би сакале да пристапат кон таков

соработнички однос и да даваат информации за службата, а доколку прифатат, веројатноста е голема таа соработка да е многу по површна, и информациите да не се доволни, потполни, навремени. Плашејќи се од моментот дека нивната соработка со службите ќе биде обелоденета јавно, особено кога станува збор за соработка со службите во борба против тероризмот, ако се земе в предвид екстремноста и бескрупулозноста на терористичките организации, ризикот кој може да го сносат тие и нивните семејства е навистина голем. Тешко некој да си земе на себе таков ризик, без некоја посебна причина и повод. Ете тука, благодарејќи на одмазничките пориви кон политичките опоненти на разни владеачки структури во државата, се кршат копјата врз грбот на припадниците на безбедносните структури и се создаваат особено тешки услови за работа. На тој начин и припадниците се деморализирани за работа под такви околности, што дополнително фрла дамка врз работата на службите. Во користењето човечки фактор при процесот на разузнавање или контраразузнавање најважен е моментот на градење однос помеѓу соработникот и стручниот припадник на службите, однос кој ќе почива на обострана доверба. Тука клучна улога игра оперативецот. Тој пред сè мора да е психолог. Да знае како треба да пристапи кон одредена личност. Мора да поседува изразени комуникациски способности и да умее да го менува пристапот согласно карактеристиките и профилот на соговорникот актуелен или потенцијален соработник. Оперативецот мора да знае како треба и со „чистач" и со „академик" и со „политичар„ и со „механичар". Градењето соработничка врска е долготраен и макотрпен процес. Исто како во љубовта, тешко е додека да придобиеш некого, но исто така тешко е и да создадеш меѓусебна доверба и да одржиш врската на стабилни нозе. Оперативецот мора во врската да се наметне како авторитет, кој без никакви административни присилби ќе добива навремени и квалитетни информации. Така воспоставена врска може да трае со години, дури и по прекинување на соработката и затврање на досието, и да прерасне во семејна традиционална дружба, која може да се пренесува и на поколенија во иднина. Но за жал се потешко и се помалку е возможно создавање тавки соработнички врски, поради веќе споменатите околности.

Во понатамошна разработка на начините на дејствување на службите и методите за прибирање податоци ќе зборуваме за легалните методи на добивање информации кои ги применува Агенцијата за разузнавање према надвор, а тоа се прибирање на информации од псевдодипломатски и од дипломатски извори и легални методи кои ги применуваат

сите служби во своето работење и кои се неопходни, а тоа се меѓународна соработка со безбедносно разузнавчки служби од други земји и соработка помеѓу службите во национални рамки и прибирање податоци од отворени извори за јавно информирање.

Она што во теоријата е познато како прибирање податоци од псевдодипломатски претставници, применливо е и во долгогодишната пракса на Агенцијата за разузнавање и едноставно се мисли кога оперативецот држи на врска наши граѓани кои по било каков основ престојуваат на подолг или пократок временски период во странска држава. Основот може да биде вработеност во разни претставништва, агенции, афилијации, од трговски, туристички, информативен карактер, невладини организиации и сл. Тие немаат дипломатски статус и имунитет, но сепак имаат посебна положба во земјата во која престојуваат. Тие се одличен извор на инфорамции, вклучително и кога станува збор за тероризам, со оглед на меѓународната компонента на современиот тероризам. Дипломатските претставништв исто така преку своите аташеа се солиден начин на добивање информации од земјата домаќин преку контакт со соодветни ресорни министерства на истата земја, преку комуницирање со претставништва во државата на прием, комуницирање со дипломатски претставништва на трети држави во државата на прием, комуницирање со наши граѓани кои престојуваат во државата на прием, со граѓаните државјни на државата на прием и сл.

Прибирање на информации од отворени извори е метод кој најчесто се употребува како према странство, така и во спостевената држава. Особено со широката лепеза на содржини кои се нудат на разните интернет портали и интернет страници, кои се релативно проверени и точни, може да се каже дека најголемиот дел од информациите осоебно према надвор, кога станува збор за тероризмот, се дознаваат од отворените извори, особено од интернет страните. Денес голем дел од интернет страните нудат содржина која терористичките организации сакаат да ја пласираат во врска со нивната идеологија, религија, нивната „света војна",структура, цели начини на тренинзи и обука, оружје и сл. Сето тоа заради придобивање и регрутирање на млади потенцијални терористи од една страна, но од друга страна заради ширење страв кај пошироката популација која има пристап до таквите содржини. На тој начин што тие објавуваат работи за својата посветеност, обученост, организираност, позадината е да создадат една идеализирана

претстава за себе кај пошироката маса и да ја држат во постојана тензија и страв. Преку интернет страните вршат радикализација и регрутација на свои идни припадници, особено мета на регрутација се млади луѓе од земјите во Западна и централна Европа. Со помош на средствата за јавно информирање службите ја утврдуваат точноста на веќе познати податоци, дополнуваат податоци во однос на одреден разузнавачки проект, доаѓаат до нови дотогаш непознати податоци за службата, доаѓаат до пошироки сознанија по пат на синтеза, врзано за одреден простор и проблем, што може да е иницијална каписла за нов разузнавачки процес.

Меѓународната соработка исто така влегува во легални начини, методи за добивање информации во врска со тероризмот. Со оглед на фактот што начинот за вршење на меѓународна соработка во размена на инфромации во врска со тероризмот ќе биде образложен подолу во текстот, овде само акцент би се ставил повторно на човечкиот фактор, како клучен елемент во овој метод на добивање информации во врска со тероризмот. Најнапред во меѓународната соработка, покрај билатерални и мултилатерални договори врз кои се заснова формалниот начин на меѓусебна соработка со службите од земјите во регионот и пошироко, секогаш од големо значење е и меѓусебниот контакт што ќе го остварат во текот на работењето и самите оперативци со припадници од другите служби, на лична основа. Многу значајни разузнавачки информации се добиваат и во тие меѓусебни контакти и токму оттука клучна улога може да одиграат карактеристиките на припадникот на службата, како личност. Најпрво тој мора да е комуникативен, способен, однсно професионален во своето работење, да знае како да пристапи во дадени ситуации, со што кај спротивната страна ќе остави добар впечаток, и понатаму ќе резултира со волја за соработка и одржување лични контакти со истиот припадник на службата. Па дури и да станува збор за формална соработка преку деташирани претставници во рамките на конзуларни и дипломатски претставништва, меѓусебниот однос помеѓу припадниците на двете разузнавачки служби може да придонесе кон подобрување и продлабочување на соработката или кон сведување само на едно површно, формално ниво на соработка, а понекогаш дури и до прекинување на истата. Поконкретно, во тие релации помеѓу службите, коректниот однос е најважен од сè, принципот на реципроцитет. Колку ќе се вложи во таа взаемна соработка, толку треба

и за возврат да се очекува. Огромно внимание во тие односи се посветува на детали, преку што се цени искреноста и коректноста, но и професионалноста.

Покрај меѓународната соработка, во прибирањето на безбедносно интересни информации за тероризмот подеднакво важна и значајна е и меѓусебната соработка помеѓу службите во рамките на националниот безбедносен систем на Р.Македонија.Соработката се изразува како во поглед на размена на информации до кои дошле самите служби во текот на своето работење, така и во поглед на синхронизација и координација во заедничко оперативно дејствување заради откривање, спречување и ликвидација или кривично гонење на одредени терористички организации и нивните членови на наша територија. Соработката се одвива во неколку правци. Соработка меѓу службите кои ја имаат клучната улога во безбедносно разузнавачката заедница, Агенција за разузнавање, Уравата за безбедноист и контраразузнавање при МВР и Воената служба за безбедност и разузнавање при МО. Понатаму соработката на овие три служби со Министерство за надворешни работи; Министерство за економија  со својата управа за финансиско разузнавање, Финансовата полиција, Царина; Министерство за правда со своите казнено – поправни институции; Судството и Јавното обвинителство. Следна е соработката помеѓу УБК и БЈБ во рамките на Министерството за внатрешни работи каде се подразбира и соработка со подрачните полициски единици и полициските службеници директно како „прва линија на фронтот". И последна но не најмалку важна е соработката во рамките на самата служба помеѓу оператива и аналитика.

Во поглед на начините за прибирање на информациите на терен од страна на Воената служба за безбедност и разузнавање во праксата нема голема разлика во методите кои ги применуваат оперативците во цивил. Имено зависно од тоа дали се работи за разузнавање или контраразузнавање кои во случајов се обединети во истата служба, се применуваат истите методи за кои досега зборувавме и секако истите оперативно технички средства. Без вграден соработник, независно за која номенклатура на соработник станува збор, во рамките на терористичката или друга криминална организација не постои можност да се дознаат важните и суштествени елементи во поглед на терористичките организиации кои ќе бидат од значење за превентивно или репресивно дејствување против истите. Секако човечкото разузнавање придружено со тајно и прикриено следење, посматрање,

извидување, документирање, вградување на технички средства за аудио и визуелно следење, односно општо познато како прислушкување, озвучување на простории, потоа примена на хемиски средства за отварање на пошта, читање на текст пишуван со тајно мастило или тајно индиго, отварање на микроточка или микрофилм, дешифрирање на криптозаштитен текст и сл. и таен претрес се разбира, се начин на оперативно дејствување прифатен од сите служби за безбедност и разузнавње.

## 6.3. Буџетот како фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата

Со оглед на фактот дека квалитетот на информацијата многу зависи од финансиските средства со кои располагаат службите, а со цел да се утврди влијанието на буџетот како фактор, на испитаниците им беше поставено прашањето „**Колку буџетот влијае како фактор врз квалитетот на информациите во насока на превенција на тероризмот„**. Претставниците од Агенцијата за разузнавање во своите размислувања се придржуваат до народната изрека „колку пари толку музика", секоја информација, посебно кога се работи за информација која треба да помогне во превенирање на одредени терористички настани, треба да се купи, односно колку ќе платиш, толку и ќе добиеш. Недоволниот буџет во т.н. Спец каса, буџет наменет за специјални операции претставува и тоа каков проблем во добивањето на целосни, точни, релевантни и навремени информации. Во одредени ситуации, во праксата се случувало, изворот да е спремен да даде квалитетна информација, но поради непридржување кон договорениот износ на материјален надомест за информација, истиот ја доставува нецелосна, делумно точна, или пак да ја достави информацијата точна и навремена, но поради неподмирување на материјалниот надомест кон изворот, истиот да не сака понатамошна соработка или пак да се разниша довербата, оперативец, соработник и сл. Истиот став го имаат и претставниците на Управата за безбедност и контраразузнавање во однос на истите проблеми врзани за буџетското прашање.

Од друга страна пак, претставник од Армијата на РМ на ова прашање гледа од два аспекти, од една страна средствата кои треба да се одвојат за добивање информации се лимитирани, поради економската моќ на државата, а од друга страна пак слободата не

знае за материјална вредност, што значи во кризни ситуации државата знае да го одврзе ќесето и во поглед на снабдување со пософистицирани технички средства, но и за финансирање на соработничка мрежа.

Исто така интересно е да се истакне и гледиштето на претставниците од Агенцијата за разузнавање од една сосема поинаква точка. Всушност влијанието на дефицитот во буџетските средства од еден малку поинаков аспект. Тие сметаат дека веќе со години наназад не им се одобруваат буџетски средства за прием на нов стручен кадар од најразлични профили соодветно на потребите и интересите на службата, кој ќе биде селектиран низ призма на најстроги критериуми и ќе одговори соодветно на барањата на службата, а со тоа ќе се подмлади и старосната структура на институцијата, бидејќи доста голем дел од стручниот и квалитетн кадар се или пред пензија или уште многу малку години имаат до пензија. Со тоа индиректно дефицитарните буџетски средства влијаат и врз квалитетните информации во насока на превенција на тероризмот.

Доколку сумираме, буџетското прашање како фактор согласно фреквенцијата на ставови на испитаниците може да се разгледува од неколку клучни аспекти. Првиот аспект е низ призмата на материјално финансикиот мотив кај добивањето информации од човечки извор. Немање доволно средства во таканаречената Спец каса, односно издвоен буџет на службата за изведување на специјални операции, од кој буџет се финансира соработничката мрежа и добивањето информации. Вториот аспект е изразен преку недостиг на финансии за набавување на софистицирани техички средства кои што ќе ги следат трендовите во ист интензитет како и терористичките организации. Иако како што и претходно стана збор, ако се земат во предвид различните начини на финансирање на терористичките организации и средствата кои ги имаат на располагање, далеку сме зад нив и нивната техничка еволуција. Терористите се секогаш чекор понапред од службите кои ги следат, но можеби се само чекор понапред од економски моќните служби, од нашата служба и малата економска моќ на државата може да се каже дека се многу понапред од нас. Третиот аспект во поглед на недостигот на буџетски средства и финансии кои им стојат на располагање се средства кои државата треба да ги издвои за нови соодветни вработувања согласно врвни критериуми кои ги поставила самата служба. Ова осбено се однесува на Агенцијата за разузнавање, каде во последно време вработувања има единствено со преземање од други државни институции, што воопшто

не ги опфаќа критериумите за вработување во една таква служба. Четвртиот аспект на толкување на буџетот како фактор е недостиг на финансии во поглед на обуки, семинари за усоршување на кадар, кое би значело следење на светските трендови и промени како во поглед на техниката и науката, така и промени и трендови во рамките на интернационалните терористички организации.

Но сепак кога станува збор за посериозни закани кои непосредно се закануваат по безбедноста и можат да направат дестабилизација на состојбата во државата, секако дека државата е спремна по цена на слободата и сигурноста да издвои малку повеќе финансии и за обезбедување на високо софистицирани технички средства и опрема но и за финансирање на соработничка мрежа, со цел да се превенираат одредени терористички настани или пак дејствување на поголеми формациски групи во државата.

## 6.4. Меѓународна соработка како фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата

Тероризмот е глобална закана против која ниту една држава не може да се бори изолирано и незавсно од другите држави во регионот и пошироко. Со цел да се согледа важноста од меѓународна соработка на планот на размена на разузнавачки информации и координација и кооперација на безбедносно разузнавачките служби ширум светот во дејствувањето против тероризмот, на испитаниците им беше поставено прашањето **„Каква е меѓународната соработка со безбедносно разузнавачките служби на земјите во регионот и пошироко, како клучен фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата во насока на превенција на тероризам".**

Согласно одговорите на претставниците на Агенцијата за разузнавање, таа својата меѓународна соработка ја гради на билатерални и мултилатерални договори, но кога е во прашање тероризмот се тргаат сите политички бариери во размена на информациите и тие се доставуваат до државата која е директно засегната, на институционална основа. Еден од испитаниците претставник од Агенцијата за разузнавање исто како и еден претставник од експертската фела, во својот одговор по ова прашање го објаснуваат принципот на реципроцитет во партнерскиот однос со разузнавачки служби од други држави. Кога се мисли на реципроцитет не станува збор во буквална смисла, имено колку

една држава е корисна кон друга, толку и другата ќе биде корисна кон неа. Исклучително е важно да се има коректен однос и истиот да се надградува. На тој план Агенцијата ја има развиено соработката со службите од регионот особено со Албанија, Косово, Бугарија и други.

НАТО настојува соработката да се развие на едно институционално ниво, од аспект на тоа да не зависи повеќе од волјата на поединци, а особено по однос на одредени прашања како што е тоа тероризмот и организираниот кримнал во сите свои појавни облици, за кои постои непосреден интерес кај сите држави да се соработува. Во однос на други безбедносни прашања се поаѓа од генералните приоритети на НАТО, како и приоритетите на државата. Секоја држава пред се поаѓа од својот приоритет.

Од аспект на меѓународната соработка на институционално ниво, неизбежно е да се истакне, во конструктивна насока, предлогот кој во својот одговор го посочува претставник од експертската фела, имено станува збор за предлагање на заеднички безбедносно разузнавачки центар за западен Балкан. Со оглед на фактот што проблемите се заеднички се оди на воспоставување стабилност во регионот. Целта е рационалност во добивањето информации, односно зошто една служба би трошела пари и време за нешто што веќе го има и може да го добие од партнерски однос со други држави, неопходно е само воспоставување на добри и коректни партнерски односи.

Согласно одговорите добиени од претставниците на Управата за безбедност и контраразузнавање, меѓународната соработка претежно се однесува на билатерални и мултилатерални односи, врз база на склучени меѓусебни договори, а како солидна меѓународна соработка се истакнува соработката пред се со службите на западните земји, со службите на земјите од југозападна Европа, особено со службите на соседните земји. Оваа официјална соработка се одвива преку деташирани претставници во рамките на конзуларните и дипломатски претставништва, и тие претставници се официјалната врска преку која оди секоја средба, организирана помеѓу високи претставници на службите без разлика дали ќе се одржува кај нас или на терориторија на пријателската држава. Исто така соработка може да има и на пониско ниво, но веќе станува збор најчесто за лични оперативни контакти помеѓу припадници на службите.

А кога станува збор за институционална меѓународна соработка, во тој случај, одговорите на претставници од УБК се совпаѓаат со одговорите на претставници од Агенцијата за Разузнавање, односно мултилатералната соработка всушност се одвива на тој начин што се одржуваат меѓународни состаноци на одредена тема, на директорско и на експертско ниво. Мултилатералната соработка на институционално ниво помеѓу нашите безбедносно разузнавачки служби и службите на други држави може да биде на регионално ниво, имено соработка на ниво на југозападна Европа, Централна Европа, или пак на глобално ниво, како што е членувањето во разузнавачката организација на НАТО Агенцијата за разузнавање и Управата за безбедност и контраразузнавање се членови во две такви меѓународни организации во чии рамки фактички се обавува таа соработка помеѓу државите на мултилатерално ниво. Едната е MEC (Middle European Conference) на ниво на Средна Европа, а другата е SEEIC (South East Europe Information Services Conference), на ниво на Југозападна Европа. Принципот на работа на овие организации е одржување средби два пати годишно, првата на ниво на директори на службите, каде што истите дискутираат за одреден актуелен безбедносен проблем што ќе ги засега и ги демне сите држави. Втората е на експертско ниво од конкретна област, каде експертите елаборираат информации од нивното работење. Има држави кои се постојани членки и држави кои се посматрачи на тие годишни состаноци. Организацијата се одвива кружно, секоја година различна држава членка ја организира средбата на сопствена територија. На овие мултилатерални средби освен што меѓусебно се запознаваат директорите на различните служби, одлична прилика е за градење билатерлани односи по дадени прашања кои претставуваат заеднички интерес на две земји во дадениот момент.

Претставник од Армијата на РМ, во поглед на меѓународната соработка на службите од военото разузнавање, во својот одговор поаѓа од тоа дека безбедноста ниту започнува ниту завршува на границите на одредена земја. Таа мора да се следи и надвор од границите. Современиот тероризам не е проблем само на една држава. Токму затоа соработката е препорачлива или пак неопходна, зошто ако нема соработка ефикасноста е значително помала.

Ставот на претставникот на Сектор службата за воена безбедност и разузнавање, не се разликува од ставот на претставникот од Армијата на РМ, напротив го надополнува со

објаснување дека воената разузнавчко безбедносна служба има ексклузивно право да склучува билатерални и мултилатерални договори со други служби. Без притоа да се занемари фактот дека воената служба има најголема меѓународна соработка. Оваа соработка не се однесува само на размена на информации, туку и на заеднички обуки, семинари, воени вежби и сл. Но и планирање и реализирање разузнавачки проекти од заеднички интерес на оперативно разузнавачки и техничко разузнавачки план.

Со самиот факт што се стремиме кон постанување земја членка во НАТО организацијата, нашата воено-разузнавачка служба е дел од разузнавачката заедница на земјите членки на НАТО. Со тоа и да нема тајни помеѓу службите, особено кога се работи за борба против тероризмот. Освен што секоја служба има дискреционо право еден мал дел од информациите да ги задржи како ексклузивни информации, а тоа најчесто се информации кои се од политички, економски карактер.

Во глобала, прибирањето податоци преку соработка со други разузнавачки служби е легален метод на прибирање податоци кој се состои од институционална соработка помеѓу две или повеќе разузнавчки служби, врз основа на билатерални и мултилатерални договори. За да постои меѓусебна соработка мора да се појде пред се од приоритетите на државите и од заедничките интереси, но како што веќе кажавме кога е тероризмот во прашање секоја држава има интерес да соработува со цел превенција на тероризмот и заштита на безбедноста и уставниот поредок на државата. Самата соработка се одвива врз претходно потпишан протокол за соработка, каде што се утврдуваат областите и конкретните прашања што ќе бидат предмет н соработка.

Билатерланата соработка се спроведува преку воспоставени офицери за врски во рамките на дипломатски и конзуларни претставништва во странски држави кои се задолжени за состанување со претставници на безбедносно разузнавачките служби во државата на престој. Преку истите тие офицери за врски се прави и периодична размена на податоци во писмена форма. Исто така на билатерална основа соработката се одвива и преку одржување на состаноци на директорско ниво и преку одржување состаноци и на експертско ниво. Но периодична размена на податоци во писмена форма може да се спроведува помеѓу службите во билатерланите односи и по заштитена електронска врска.

Како што погоре споменавме во овие меѓусебни односи, разузнавачките служби мора да се водат по начелото на реципроцитет. Не буквално, но тоа би значело дека во соработката секогаш треба да има еден коректен и искрен однос. Колку си подготвен да вложиш во соработката, во принцип толку треба да очекуваш за возврат.

## 6.5. Меѓусебната соработка на службите во рамките на безбедносно разузнавачкиот систем на Р. Македонија како фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата

Квалитетот на информацијата не може да биде на саканото ниво, имено она што значи навремена, точна и значајна информација не може да биде исполнето доколку меѓу самите институции во системот не постои соработка во размена на информации и меѓусебна координација. Заради утврдување на влијанието на меинституционалната соработка врз квалитетот на информацијата во превентивното антитерористичко дејствување на испитаниците им беше поставено прашањето **„Каква е меѓуинституционалната соработка и координација по однос на информациите во насока на преземање ефикасни превентивни антитерористички мерки?"**

Од одговорите на ова прашање прашање од страна на претставниците од Агенцијата за разузнавање може да се види дека тие си стојат на стават дека меѓусебната соработка и размената на информациите не е на едно завидно ниво, односно дека тука преовладува политичкото и партиското влијание и ставање на суетите на одредени личности пред безбедносните прашања кои се од заеднички интерес. Како еден позитивен пример за координативно тело кое било наменето да ги регулира односите и координацијата помеѓу службите на месечно ниво, а по потреба и почесто, во одговорите е споменувано Координативното тело основано во времето на Претседателот на РМ, Киро Глигоров, чија што задача била, покрај постојаната писмена размена на информации помеѓу Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР и Службата за безбедност и разузнавање при МО, задолжително состанување на директорско ниво, во одредени случаи и на ниво на оператива и брифирање на информации од својот делокруг на работа. Но тоа веќе не функционира, ниту пак има некој орган, институција, слична на таа која би функционирала беспрекорно и во

праксата, а не само на хартија. Мислењето на претставниците од Агенцијата за разузнавање е дека најмалку што може да да се направи во моменталната ситуација во државава е назначување на едно лице, во секоја од безбедносно – разузнавачките служби, на второ или можеби трето ниво по хиерархија, кое ќе биде единствено задолжено да соработува со останатите служби, на дневна, неделна или месечна основа, зависно од потребата и да врши размена на информации и координација и синхронизација на службата со останатите служби, пред се помеѓу Агенцијата, УБК и Служба за воена безбедност и разузнавање. Исто така да постои лице кое ќе биде задолжено за прибирање и ажурирање на податоците од Управата за финансиско разузнавање, Финансовата полиција, Јавно обвинителство и други слични институции во РМ.

Од одговорот на претставниците од Управата за безбедност и контраразузнавање може да се протолкува дека го делат мислењето со претставниците на Агенцијата дека меѓусебната соработка на службите не е задоволителна, дека има многу непотребно мешање на политиките и партиските интереси кои доста често влијаат негативно на крајниот исход на одредени операции.Особено би сакала да го издвојам како значаен за конкретново истражување, одговорот на еден од испитаниците претставник на Управата за безбедност и контраразузнавање, во кој е содржан еден конструктивен предлог кој бил даден и се одело кон реализација на истиот за создавање на една заедничка база на податоци, каде секое овластено лице од службите ќе има одреден пристап до базата со единствено корисничко име и лозинка, согласно принципите треба да знае и има потреба да знае, со цел да се избегнат формалните процедури за размена на податоците но и да се добие на време и експедитивност. Сето тоа како и многу други работи не профункционирало и останало само добар предлог на хартија.

Еден пак од испитаниците претставник од УБК, оваа соработка на национално ниво во својот одговор ја објаснува како соработка која се движи во повеќе насоки. Соработка помеѓу Агенција за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање и Сектор службата за воена безбедност и разузнавање. Друга соработка е соработката со други институции во државата кои исто така можат да дојдат до одредени информации како што се Управата за финансиско разузнавање, Финансиска полиција, Царина, Јавно обвинителство и сл. Трета е соработката на ниво на МВР, и тоа соработка помеѓу УБК и Бирото за Јавна Безбедност, но како неизбежна и доста занемарена ја истакна соработката

помеѓу оперативата и аналитиката, која треба да се издигне на едно малку повисоко ниво. До пред извесно време, кога претставникот активно бил вклучен во работата на УБК и размената на информации, соработката помеѓу трите служби се одвивала на неделно ниво, се состанувале на ниво на високи раководители од Агенција за разузнавање, УБК и Воената служба за безбедност и разузнавање и споделувале информации од интерес, а во случај да нема можност да се одржи состанок, информациите се разменувале на писмено. И тогаш таа соработка имала свои недостатоци, нецелосна размена на инфромации, недоволна соработка и сл. Но смета дека и во денешно време нема некоја солидна соработка на тој план. Поради воздржаноста на испитаниците, претставници од УБК кои денеска активно се вклучени во работата на Управата и меѓусебната размена на информации и соработката со другите служби, не можевме да го потврдиме, ниту да го поречеме ставот на претходниот испитаник. Како голем проблем тој го гледа поклопувањето на работата на Управата за безбедност и контраразузнавање со работата на Агенцијата за разузнавање, имено и покрај тоа што делокругот на работа на Управата за безбедност и контраразузнавање е насочен кон заштита на државата од внатре, т.е. прибирање на информации на сопствена територија, додека пак делокругот на работа на Агенцијата се однесува на прибирање на информации од надвор, сепак најчесто се поклопуваат во прибирање на информации од исти извори на територијата на РМ. Како можно решение тој го гледа спојувањето на Агенцијата и Управата за безбедност и контраразузнавање во една единствена служба, чии што надлежности ќе бидат со закон уредени.

Исто така зборувајќи за соработката помеѓу УБК и Бирото за јавна безбедност, а земајќи го во предвид фактот дека и со јавната безбедност има испреплетување во одредени надлежности кога станува збор за организиран криминал, неопходно е постојано синхронизирање и договарање на операциите, размена на информациите, за да не дојде до поклопување на работата, имено за еден ист случај и двете да работат незнаејќи една за друга. Неопходно е на колегиум или состанок при брифирање на резултатите на едната да има задолжително претставник и од другата служба кој ќе води прибелешки и на крај ќе ги изложи и своите информации кои смета дека можат да бидат од заеднички интерес. Во врска со соработката со полицијата, како конструктивен и многу поефикасен го предлага начинот на организација и поставеноста како што било претходно, кога во една

полициската станица за одредено подрачје ќе бидат сместени и униформирана полиција и криминалистичка канцеларија и канцеларија односно барем еден претставник на УБК за тој регион и на тој начин на дневна основа ќе имаат континуирана соработка и размена на информации. И особено како нешто многу важно го истакна во своите одговори издигнувањето на соработката на аналитика и оператива на едно повисоко ниво. Во смисла на укажување од аналитиката најотворено до оперативата, доколку сметаат дека има некој недостаток во прибраните податоци, доколку недостасува некој податок и не може да се стави во контекст и сл.

Со особено задоволство би сакала да го апстрахирам предлогот во врска со прашањето кое се однесува на севкупната соработка на разузнавачката заедница во РМ на истиот претставник на Управата за безбедност и контраразузнавање кој се однесува на подобруање од повеќе аспекти. Донесување пропис кој ќе ја регулира соработката и координацијата (размена на информации меѓу субјектите, користење заедничка база на податоци, соработка во делот на планирање и изведување заеднички операции); Формирање на еден аналитички центар (во структурата на различни служби); Зајакнување на активностите на заедничко координативно тело, кое треба да обезбеди посоодветно интегрирање на службите во рамките на единствениот безбедносен систем. Неговите активности би се состоеле во следното: остварување увид во планираните активности на службите, давање насоки и следење на нивната ефективност, прифаќање и обединување на сите информации, вршење соодветна анализа и градење ставови, заклучоци и насоки за идни активности, поднесување соодветни информации до корисниците, донесување на оптимална безбедносна проценка по однос на ризиците и заканите кон државата; Конкретно дефинирање на предметот на интерес на сите безбедносни сегменти, односно не преклопување на нивните надлежности.

Во својот одговор еден од испитаниците претставник од експертскта група, објаснува дека секоја од клучните институции во разузнавачката заедница, Агенцијата, УБК, воената служба за безбедност и разузнавање сите имаат свои оперативни и аналитички делови кои работат во рамките на своите концепти, кои се во согласност со трајните и виталните државни интереси предвидени во Националната стратегија за безбедност. Меѓусебната соработка на службите е важна и е неопходна, врз основа на нивните анализи и проценки да се прави една заедничка проценка и затоа е предвидена Групата за

проценки и Управувачкиот Комитет при Центарот за управување со кризи. ЦУК треба да изготвува една синтетизирана проценка и да ја доставува до Владата, но според испитаникот тоа во праксата воопшто не функционира така. Во моментов на ниво на Влада постои координатор за антитероризам, во ликот на едно лице, но тоа не е доволно. Безбедноста е комплексна, не се однесува само на закана од тероризам. Во сите системи мора да се посветува многу внимание на координацијата и синхронизацијата. Во безбедноста мора да се делува точно, целосно, навремено, еден елемент ако недостасува, во постапувањето ќе има грешки и пропусти, а во таа смисла меѓу другото придонесува и меѓусебната соработка. Претставникот од експертската фела дава одлична компарација и го споредува безбедносниот систем со системот на човекот како најсложен систем. Во кибернетиката сите системи се прават по аналогија на човековиот систем. Тука ако нема координација на мозокот со сите потсистеми, мускули, коски, крвни садови, тогаш организмот ќе почне дефектно да се однесува.

За разлика од погоре дадените одговори, одговорите на претставниците на Сектор службата за безбедност и разузнавање при МО и претставникот од Армијата на РМ, се нешто поразлични и можат да се издвојат два става. Претставникот од Армијата на РМ смета дека иако сите три служби, Агенцијата, УБК и Воената служба за безбедност и разузнавање се субјекти сами за себе и се потчинети на различни структури, нивната меѓусебна соработка е неопходна и се остварува преку Советот за безбедност на Претседателот како врховен командант кој има функција да ги координира сите и министрите мора да соработуваат со Претседателот, а посебно во ситуации од воен карактер. Неопходна е соработка бидејќи безбедноста не може да се подели. Во кризни ситуации и во воени состојби заеднички дејствувале и полицијата и Армијата, меѓусебно соработувале и се надополнувале. Но секако дека е неопходна секојдневна размена на информации и во услови на мир и стабилност, нивно споделување и анализа.

Од одговорот на испитаникот кој е претставник од Сектор службата за воена безбедност и разузнавање, добивме впечаток дека неговите ставови се по позитивни во однос на другите, тој смета дека во последните години соработката е одлична, има размена на разузнавачки производи кои ги надополнуваат оние на воената служба а се добиени од УБК и од АР, но и во обратна насока, од военото разузнавање разузнавачки производи служат за надополнување на оние на споменатите служби. Имено оперативата на военото

разузнавање е задолжена да ги собира сите податоци кои укажуваат на некаква асиметрична закана, откако истите тие ќе бидат обработени и анализирани и разузнавачкиот производ ќе биде проследен до крајниот корисник, тој, барателот на информацијата или крајниот корисник ќе одлучи дали производот се однесува на воената служба и на Армијата или пак треба да биде доставен до некоја од другите служби на кои се однесува истиот. Соработката не се однесува само на размена на информации туку и на заеднички обуки и семинари. Во рамките на службата има задолжени лица чија што обврска е соработка со службите.

Но тука како еден проблем кој влијае и на размената на информациите но и на преземените активности врз основа на добиена информација, испитаникот го истакнува верувањето кое постои дека информациите понекогаш многу високо се класифицираат, строго доверливо пр., а дали има потреба од тој степен на класификација, оценува самиот изработувач. Кога таа класифицирана информација ќе дојде во рацете на некој од претпоставените, шефовите, кои мислат дека тоа е најважно, но не го споделуваат бидејќи сметаат дека е тајна, ќе помине одредено време, и информацијата ќе биде веќе задоцнета. Проблемот е во менталниот склоп на луѓето. Но постои и обратна тенденција, доколку информацијата е потранспарентна, постои синдром кај Македонците, секој сака сè да знае и во тој случај принципот „има потреба да знае“ и „треба да знае“ не се запазува до крај.

Што се однесува до политичкото влијание тоа е огромен проблем во државата, но воената служба е некако најизземена од тие влијанија.

Соработката помеѓу Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање и Воената служба за безбедност и разузнавање е најважна кога станува збор за прибирање на информации во врска со тероризмот. Тие се клучните фактори во процесот на разузнавање и во заштита на државниот поредок и безбедноста на граѓаните. Ако разузнавачките информации и знаењето се браникот на државата од каде поаѓа се, тие се оние кои во прв ред го градат браникот и од закани од надвор, но и од внатре во самата држава. Тие поаѓаат од заеднички интереси, но иако теоретски имаат различни надлежности и делокруг на работа, во праксата во голема мера се испреплетуваат во своето оперативно дејствување. Соработката помеѓу нив најчесто се

одвива по пат на писмена размена на информации и меѓусебни периодични контакти, но може да се каже дека размената на информациите е дозирана, поточно доста често информациите кои се предмет на размена се нецелосни или ненавремени, а некогаш знаат да бидат и неточни или пак неважни за конкретниот објект на интерес, туку дадени чисто заради запазување на моментот дека постои некаква меѓусебна соработка. Од погоре добиените одговори утврдивме дека на многу подобро ниво била соработката во времето кога на неделна основа редовно се одвивале состаноци помеѓу трите служби на директорско ниво или на ниво на високи функционери кои елаборираат дел од својата работа или брифираат податоци по одредени прашања кои се актуелни, или пак кога сета таа координација се одвивала под закрила на координативно тело каде исто така директори или началници на одделни сектори се среќавале и со цел да се разменат безбедносно интересни информации кои се од заеднички интерес за службите. Денес таквата соработка е најчесто сведена на лични контакти, пријателски врски или познанства помеѓу припадниците од различните служби и добрата волја за навремена размена на целосна и точна информација. Иако тоа не би требало така да биде, реалноста е дека во огромна мера, на страна од сите формалности ставени на хартија, влијанието на политиката, мешање на суетите и ставање на личните пред интересите на службиата и се разбира на државата е премногу присутно и негативно влијае на целокупното работење на службите. Тоа не е од сега, тоа е долготраен процес кој се влече со години, но како идат годините само повеќе и повеќе ескалира по нагорна линија. Самата подреденост на службите на различни авторитети ја прави донекаде таа поделеност, поконкретно Агенцијата за разузнавање е подредена на Претседателот на државта, УБК како дел од Министерството за внатрешни работи е подредена на Владата и Воената служба како дела од Министерството за одбрана исто така е одговорна пред министерот, како дел од Владата, иако сите тие се дел од Националниот совет за безбедност и заеднички се координираат и донесуваат значајни безбедносни одлуки, сепак нивното состанување е вонредно по потреба и во моментов ја нема таа моќ ефикасно да ги координира и раководи. Во принцип многу подобро би функционирала сета соработка и координација ако во секоја од овие служби постојат вработени лица, чија што единствена задача би била токму координацијата и синхронизацијата со другите служби и размената на информациите, на определен однапред утврден временски период и по потреба и почесто

од предвиденото. Тие лица би биле најмалку на второ или трето ниво по хиерархија и се би функционирало по утврдени правила предвидени во рамки на подзаконски акт за уредување на соработката и размената на податоци.

Всушност во насока на подобрување на координацијата и синхорнизацијата и взаемната соработка за размена на информации можат да се посочат неколку конструктивни предлози, утврдени и конципирани врз основа на претходни искуства, искуства од странски држави, кои навистина делуваат ветувачки и можат во иднина во голема мера да ја подобрат соработката и индиректно да влијаат на квалитетот на информациите и проценките за можни ризици и закани по безбедноста.

Најпрво донесување пропис кој ќе ја регулира соработката и координацијата (размена на информации меѓу субјектите, користење заедничка база на податоци, соработка во делот на планирање и изведување заеднички операции); Воспоставување на заедничка база на податоци каде секој припадник на службите би имал свој пристап согласно принципот има потреба да знае, со единствено корисничко име и лозинка, со што би се постигнала рационалност, ефикасност и се разбира економичност во работењето на безбедносните органи. Обединување на Агенцијата за разузнавање и Управата за безбедност и контраразузнавање во една единствена служба, институција, која ќе почива на единствен закон со кој прецизно ќе се определат сите нивни надлежности, обврски и овластувања. Друга опција освен обединувањето е зајакнување на активностите на заедничко координативно тело, кое треба да обезбеди пособдветно интегрирање на службите во рамките на единствениот безбедносен систем. Неговите активности би се состоеле во следното: остварување увид во планираните активности на службите, давање насоки и следење на нивната ефективност, прифаќање и обединување на сите информации, вршење соодветна анализа и градење ставови, заклучоци и насоки за идни активности, поднесување соодветни информации до корисниците, донесување на оптимална безбедносна проценка по однос на ризиците и заканите кон државата; Конкретно дефинирање на предметот на интерес на сите безбедносни сегменти, односно не преклопување на нивните надлежности.

Соработката во рамките на самото Министерство за внатрешни работи е исто така од непроценливо значење. Овде станува збор за соработката помеѓу УБК и БЈБ, всушност

овде подеднакво се важни во рамките на бирото за јавна безбедност и полициските станици и инспекторатите, и граничната полиција. Соработката на УБК со БЈБ всушност треба да се одвива на дневна основа, дали ќе стане збор за писмена размена на информации или преку непосредно состанување на припадниците, но со цел да се следи секојдневното работење и информациите кои ги имаат на располагање а се од заеднички интерес.Како позитивен модел на работење конкретно заради соработката која постоела, е системот на работа каде на територијална основа во полициските станици беа разместени и униформирана полиција и криминалистичка канцеларија и канцеларија од управата за безбедност и контраразузнавање. Незаменлива е информацијата добиена од полицаецот кој е изложен директно на терен и кој преку моделот полиција во заедницата, преку својата патролна и позорна дејност може да дојде до безбедносно интересни информации  и за БЈБ и за УБК. Сета таа соработка, особено со овој модел на организација на БЈБ денес, е на многу пониско ниво. Мора да се потенцира и изгубениот авторитет и кредибилитет кој некогаш го носеше со себе еден униформиран полицаец, а сето тоа придонесува и веќе да се нема толкава доверба во пониските ешалони на безбедносните органи, односно, припаднк на УБК не може толку лесно да се потпре на еден полицец, од една страна поради немање доверба, од најразлични причини, случајно да не протече информацијата, а од друга страна и немање почит према униформираните полициски службеници, имено суетите на некои нововработени припадници на УБК се над нивната безбедносна култура и волјата да се искористат сите можни извори кои им стојат на располагање.

Најпосле може да се потенцира неопходноста од издигнување на соработката помеѓу оперативата и аналитиката на многу повисоко ниво. Имено може да се каже дека аналитиката е мозокот на разузнавачкиот процес. Тука станува збор за високоинтелигентни и стручно образовани личности кои имаат аналитички способности, да го издвојат битното од небитното и да му дадат право значење и да го преточат во разузнавачки производ. Овој факт не смее да се занемари. Токму затоа тие, припадниците на аналитиката, се тие кои со право можат и треба на оперативците да им укажат на некои неправилности, недостатоци од типот на непотполни информации, да им укажат за недостиг од информации во мозаикот кој треба да сочинува една логичка целина и слично. Иако повторно ќе кажеме дека суетноста во РМ се издигнува над одредени

потреби и интереси, но кога би се постигнала соработка на овие два елемнти да функционира на таков начин, тогаш грешките би биле минорни.

Соработката на службите во услови на криза е еден малку поинаков момент од соработката во мирновременски услови. Во тој случај од досегашното искуство, соработката се движи и во правец на координирано и синхронизирано дејствување со тоа што се создваат кризни штабови составени од припадници од трите служби, но и во правец на секојдневно разменување на информации од интерес со оглед на актуелната ситуација.

## 6.6. Управување со човечки ресурси како фактор кој влијае врз квалитетот на информацијата

При анализирање на овој фактор кој влијае врз точната, целосна и навремена информација во службите во РМ би започнале со констатацијата „безбедноста не трпи импровизации“. Заради утврдување на значењето на квалитетниот кадар врз квалитетот на разузнавачката информација во превентивното антитерористичко дејствување на испитаниците им беше поставено прашањето **„Колку менаџментот со човечки ресурси, влијае како фактор врз навремената, точна и целосна информација која е од значење за превенција на тероризмот“**. Одговорите по ова прашање се најобемни, а ипитаниците се речиси истомисленици, односно завземаа речиси идентични ставови. Стручноста и компетентноста на кадарот во рамките на безбедносно разузнавачкиот систем е едно од најважните прашања на кое секоја стабилна држава мора да пристапува максимално сериозно, систематски, крајно промислено и објективно.

Претставниците од Упрвата за безбедност и контраразузнавње сметаат дека институцијата, но и целокупниот безбедносен систем во земјата е срозена на едно ниво на нестручност и некомпетентност, политички притисоци и партиски вработувања како никогаш до сега. Пред се при регрутација на нови кадри безбедносните проверки на кандидатите не се прават како што се правеле некогаш, односно се прават само административно, површно и до второ колено, со што пред сè се доведува во прашање

лојалноста на идните кандидати кон службата и интересите на државта кои треба да ги штитат. Многу често критериумите кои треба да бидат задоволени за селекција на кандидатите а кои треба да одговорат на потребите и барањата на службата, се сведуваат само на критериум за припадност кон определена партија или непотизам. Најболна точка на претставниците на оваа служба е несоодветната ротација на вработените, особено на стручни лица и истакнати професионалци во одредена област, во кои службата вложувала, преку најразлични обуки, семинари, дообразование, за да истите при промена на владеачката гарнитура, поради нивната партиска неопределеност, бидат неправилно разместени во службата, но не по хоризонтала, туку дискриминирани и срозени на најдолно рамниште.

Еден од испитаниците претставник од Управата смета дека од огромно значење е образовната компонента, и многу важен момент е профилирање на кадар уште за време на студирањето. Професорите треба да имаат добри релации со безбедносните служби и врз основа на нивната проценка за одредени студенти да даваат препораки за работа. Уште во периодот на студирањето неопходно е професорскиот кадар да има способност и моќ да ги профилира студентите и да ги препознае нивните квалитети и афинитети кои ги пројавуваат за време на наставата.

Особено важно е менторството,односно менторскиот систем. Само добар ментор кој е добар практичар, но и кој знае да го пренесе своето знаење може соодветно да ги воведе почетниците во праксата, директно на терен, на разговори со извори на информации, на оперативни проеверки на лица и сл. При прием и селекција на кадарот треба подеднакво да се даде значење и на оперативата и на аналитиката, неопходно е посветување огромно внимание на квалитетот на идните аналитичари, односно на критериумите при избор. Кога станува збор за селекција на оперативец, пример за исламски тероризам, најсоодветни се припадници од таа етничка, верска и идеолошка структура, кој може најдобро да се вклопи во тоа милје, а има одлични претходни знаења.

Кога станува збор за селекција на кадар за во аналитика, испитаниците сметаат дека најправилно е да се бираат различни профили согласно потребите и интересите на службата. Пример ако станува збор за работа со организиран криминал или перење пари, најсоодветен е кадар со завршено економски факултет, кога станува збор за исламски тероризам најсоодветен е некој со завршена Медреса и сл. Сето тоа не е така во праксата

и во реалноста на Агенцијата за разузнавање, како што забележаа и самите испитаници кога стана збор за буџетското прашање како фактор.

Но што се однесува до прием и селекција во аналитиката на службите, ако оперативците се очите и ушите на службите, тогаш аналитиката е мозокот во целиот тој процес. Доста долго време аналитиката беше запоставувана во тој поглед, особено во рамките на УБК, можеби поради таквата пракса се наметна мислењето дека во аналитика се распоредуваат сите оние кои што се некомпетентни за таа служба но благодарејќи на некого се вработиле таму и важно е само нешто да работат. Таквата пракса треба значително да се промени, а аналитиката да се издигне на едно високо ниво, таа да стане повторно збир на високо интелигентни личности од различни профили, со изразени аналитички способности и други карактеристики кои ги прават посебни и неопходни на службата.

Претставник од Агенцијата за разузнавање, како и еден од испитаниците претставник од групата експерти во своите одговори како клучни ги објаснуваат неколкуте скалила на прием, селекција и надградуање на кадарот. Тие сметаат дека ова прашање е многу важно. Секако дека прв и основен критериум е соодветното образование, темелна безбедносна проверка при регрутација на кандидатите, откако некој е избран да започне со работа, мора да помине основна обука, па пракса, па специјалистичка обука, пракса, па субспецијалистичка обука и повторно пракса. Секоја држава мора да ги има овие скалила на селекција, прием и надградување на кадар, поточно, невозможно е да се постане стручњак без да се поминат овие скалила. Но во праксата кај нас ова не се применува во последно време. Доволно е да се каже дека нашата држава, односно Агенцијата, нема сопствена основна обука, туку основната обука се спроведува во странство. Основната обука секогаш треба да ја прави самата служба, затоа што со основната обука меѓу другото се создава и чувството на лојалност према државата и интересите кои службата треба да ги заштити. Многу е важно да се развие патриотскиот однос, вториот елемент кој оди заедно е образовното ниво и третиот елемент е специјализираноста и практичноста.

Процесот на создавање квалитетна и стручна служба е процес кој мора да биде составен од веќе споменатите скалила. Најнапред секоја сериозна држава заради продукција на свој квалитетен кадар формира високообразовни институции, кои согласно барањата и

потребите на службите регрутира и врши селекција на кандидати врз основа на строго поставени критериуми, кои ги задоволуваат стандардите на една професионална безбедносна институција. Службите во склад со нивните интереси, не секогаш имаат потреба само од високообразовани лица од областа на безбедноста, зависно од типот на работната позиција согласно актуелните потреби за прием и регрутација на нови лица, треба од сите факултети кои соодветствуваат со работните позиции кои се бараат, да ги изберат најдобрите студенти, но не по секоја цена. Имено во разговор со кандидатите, самите да проценат дали лицата имаат интерес да работат во службата, дали и какви афинетите изразуваат, нивни способности и карактеристики, комуникативност, аналитичност, моќ за запазување и сл. Сепак не значи дека секој добар студент или теоретичар би бил и добар практичар.

Секако дека при прием и селекција на кандидати за вработување во рамките на безбедносните институции мора да постојат строги критериуми за селекција, преку кои ќе може да се утврди не само стручното познавање од областа, психолошката и интелектуалната страна на лицето, да се направи профил на личноста, имено кои лични карактеристики ги поседува и дали би соодветствувал за работа во службите. Исто така физичките карактеристики се релевантни за одредени работни позиции и мора да бидат запазени. Важен сегмент во селекцијата на кандидатите е нивната безбедносна проверка која по правило би требала да биде детална. По приемот на работа во службите следно скалило е основната обука која секоја служба би требало да ја спроведува самата од редот на своите обучени припадници, пред сè на овие основни обуки клучно е создавањето и градењето на чувство на лојалност према интересите на службата а со тоа и на државата. Од извонредна важност при започнувањето со работа е определувањето на ментор во работата за време на приправничкиот стаж. Најдобар начин за обучување и воведување во суштината на работата е, како што се изјаснија испитаниците, менторскиот систем од кого најмногу се учи за теренската и практична работа. Следно е специјализација и специјалистичка обука. Овде е многу важно и менаџирањето со кадарот. Менаџментот е оној кој треба да процени и да ги насочи вработените, доколку некој е соодветен за работа во одредена област, да го распореди и да вложи во усовршување на истиот во конкретната област. Следно скалило е субспецијализацијта и субспецијалистичка обука. Ова се скалила на усовршување и специјализација, на патот кон создавање на квалитетна

безбедносно – разузнавчка заедница кои ги предвиделе и ги запазуваат голем број држави во своите системи. Што се однесува до обуките заради усовршување на кадрите во својата област, но и заради следење на трендовите на тероризмот и глобалните промени во светот, развојот на техниката и науката, тие се неопходни и корисни. Со оглед на брзите промени што го пратат светот, особено во криминалното милје и во светот на технологијата, техниката и науката, прифаќањето на таквите промени од страна на терористичките организации и нивна постојана трансформација и реорганизација, мора службите соодветно да одговорат на таквите промени и еволуции, и токму затоа на припадниците на службите им се овозможени разни обуки, курсеви, семинари и дома и во странство, и на оперативно и на аналитичко ниво. Вработени во Управата за безбедност и контраразузнавање поминуваат низ доста квалитетни обуки и семинари и на оперативно и на аналитичко ниво. Но кога станува збор за селекција на вработени кои ќе посетуваат такви обуки, курсеви и семинари, мора да се постапува објективно и истите да ги посетуваат лица кои имаат потреба од тоа, кои навистина сакаат и се заинтересирани, на кои тоа би им користело во натамошното работење и истото би знаеле како да го применат, и секако да се лица кои би можеле тоа знаење да го пренесат понатаму во својата институција. Тој интерес за пренесување на знаењето и обучување припадници од редот на својата безбдносно разузнавачка организација треба да е обостран, имено и организацијата да води евиденција за истите како сертифицирани обучувачи од одредена област и да има волја да ги искористи и да им даде прилика тоа знаење и искуство од поминатата обука или курс, да го пренесат понатаму.

Што се однесува до приемот и селекцијата на кадарот во рамките на Агенцијата за разузнавање, еден од испитаниците претставник од Агенцијата, за да ни долови како треба да биде, а што во моментов недостасува, во своите одговори посочува дека порано и за Агенцијата и за УБК кога имало потреба од нов кадар се регрутирало директно од факултетите, десетте најдобри по предлог на професорите, па врз нив се спроведувала селекцијата, започнувајќи со безбедносна проверка, па волја и спремност да работи за службата, лојалност, одредени афинитети кои ги покажува и сл.

Реалната слика во РМ по однос на погоре споменатите скалила во процесот на професионализација на службите е следнава. Во редот на безбедносно разузнавачките

институции постојано се вработува без јавен конкурс и најчесто според критериуми поставени од мнозинството кое е на власт, без притоа да имаат предност при вработувањето кадри школувани на високообразовни институции отворени за профилирање стручен кадар од областа на безбедноста. Како што веќе истакнаа неколкупати испитаниците во своите одговори, Агенцијата за разузнавање подолг временски период не добива буџетски средства за нови вработувања, туку сите нови вработувања се всушност по пат на спогодбено превземање од други државни институции. Може да се заклучи дека постои еден генерациски вакум, откако поголемиот дел од повозрасните вработени со соодветно стручно образование ќе заминат во пензија, а има недостиг на нови вработувања, ќе нема понатаму кој да го спроведува менторскиот систем и да ги пренесува искуствата на помладите генерации. Во Управата за безбедност и контраразузнавање вработувања има постојано низ годините, но за жал, најчесто владее принципот на непотизам. Мал е процентот на вработени, во последните години, со завршено соодветно образование, и може да се потенцира истото како и во Агенцијата за разузнавање, се создава тој генерациски вакум. Иако не значи дека во овие институции неопходно е вработување само на лица со образование од областа на безбедноста, сепак правилно би било доколку, вработување на лица со Факултет за безбедност и други факултети од областа на безбедноста, да биде правило во тие безбедносно разузнавачки институции, а вработувања на лица од други образовни профили да биде исклучок, а не обратно како што тоа се покажа низ годините. Испитаниците, се согласни во своето мислење дека ова претставува голем проблем со кој се соочуваат службите и допрва ќе се соочуваат, и тоа може да има и свои импликации врз безбедноста во блиска иднина. Што се однесува до основната обука која треба да следува по приемот на кандидатите на работа во службите, со оглед на тоа што Агенцијата за разузнавање нема сопствена основна обука, основна обука се врши надвор од земјата, што е спротивно на поентата на основната обука пред сè бидејќи треба да овозможи развивање чувство на лојалност и припадност кон одредена организација, токму затоа е важно тоа да се одвива во рамките на својата институција. Таквата основна обука Министерството за внатрешни работи, за новите припадници ја врши во рамките на Центарот за обука во Идризово кој е дел од министерството за внатрешни работи. Основната обука се врши и за приправници во рамките на БЈБ и во рамките на УБК. Но за време траењето на таа основна обука, реално,

се стекнуваат минималните основни теоретски знаења за безбедност и многу мал дел специјални физички вештини, но тоа не е доволно за некој кој за првпат се среќава со поими од областа на безбдноста воопшто и кој воопшто нема безбедносна култура. Особено мора да се земе во предвид дека се работи за институција која треба да собира информации и да биде одбрамбен штит на државата од сериозна закана како што е тероризмот, организираниот криминал, странски разузнавачки служби кои имаат интерес за разузнавање према Македонија и превземање неразузнавачки специјални операции према државата. Менторскиот систем во тој случај се очекува да го надомести она што нема да се постигне со основната обука, но за таа цел неопходно е менторот што ќе биде определен да не е само формалност.

Во поглед на ротацијата на кадарот во рамките на службата, испитаниците претставници и од Агенцијата и од Управата размислуваат на истиот начин дека некои служби практикуваат ротација на кадарот на одреден период кој не е помал од 4 години, за да не дојде до презаситување и монотонија во конкретна област. Но како и да е таа ротација и разместување да биде во сродна област, и да биде и плански и стратегиски обмислено. Само таквата ротација е корисна и потребна за службата.

Разместувањето во службите не смее да има разорно дејство врз истите и да служи за политичка одмазда кон неистомисленици. Имено во сите светски безбедносни организации е предвидено разместување на кадарот на определен временски период, но во насока на подобрување на квалитетот на работата и икористување на максималниот потенцијал кај лицата. Поточно при долгогодишно работење во одредена област, како што сметаат и самите испитаници, доаѓа до монотонија и неефективност во работењето по истата проблематика. Вработениот веќе може да се соочи со проблем на апстрахирање на она што е неважно наместо она што е важно и да настанат сериозни последици по работењето, но постои и еден друг реален проблем, кога долгогодишното искуство во конкретна област доведува до тоа вработениот да се поистоветува со припадници на тоа криминално милје кое го работи и да оствари близок контакт со истите, што негативно може да се одрази и на неговиот живот но пред се на неговата професионалност во работењето. Токму затоа се замислени одредени ротации но во сродни области на работење. Ваквото ротирање секако не подразбира ротирање на персоналот заради

казнување, одмазда по било кој основ, омаловажување, така што од достигнат одреден степен во системот на кариера да се врати неколку скалила назад, или ако лицето претходно работело на откривање и гонење на сторители на сериозен организиран криминал и во него се вложени огромни средства за надградување и усовршување, да се ангажира на гонење на сторители на дрски кражби или малолетничка деликвенција. Во континуитет со години се спроведува пракса, луѓе, докажани професионалци во својата работа во кои институцијата вложувала средства и време за надградување и усовршување со илјадници посетени обуки и семинари, со акумулирано огромно искуство и знаење во светски рамки, сертифицирани, оспособени да го пренесат своето знаење на други, да бидат деградирани и тргнати од службата, спуштени на рамниште несоодветно за нивните квалитети. Причините за тоа, кои и да се, се потполно неоправдани и такво едно систематично уништување на институциите е непоимливо, особено не кога се работи за безбедноста. На тој начин не само што се деградира личноста на поединецот, но и самата служба се дискредитира, сетоа тоа се одразува на стручното и професионалното работење од различни аспекти и секако е спротивно на начелото на рационалност, економичност и ефикасност. Постои една тенденција на разорна политика на владеачките гарнитури према безбедносно – разузнавачките институции во државата. Имено тие станаа фронт за меѓу партиски интереси и политички притисоци, обид партиските интереси да се ставаат пред интересите на државата.

Слично мислење дели и претставникот од АРМ, во поглед на ова прашање. Тој смета дека разорно дејство на политиката на власта е несоодветното вработување и политички и партиски вработувања. Нестручно и партиско вработување има и во редовите на оперативата и во аналитиката каде треба некој кој е соодветен и знае да ги издвои важните од неважните информации, да направи разузнавачки производ и да го проследи до крајниот корисник, а врз основа на тоа да се дејствува на терен. Токму затоа настануваат грешки и пропусти, какви што имавме примери во пракса, протекување на информации и несоодветно дејствување согласно добиените сознанија на терен.

Претставникот од Сектор службата за воена безбедност и разузнавање во поглед на стручноста исто така смета дека водењето во кариерата е многу важно, а исто и школувањето. Не може некој да добие статус овластено службено лице ако не заврши основен курс на кој кандидатите се стекнуваат со сертификат, потоа напреден курс, а

потоа мал милион курсеви, воено стручни, во траење од една, две, три седмици, организирани во државава и надвор, во Европа, Америка, Израел. Тој смета дека денеска армиските припадници имаат одлични можности за усовршување, особено ако има познавање на јазици. Од тој аспект, тој смета дека најголемите професионалци се од военото разузнавање, токму поради тоа што имаат одлични прилики за усовршување и следење на трендовите на тероризмот, особено од аспект на техничко технолошкиот напредок, изработка на експлозивни направи и оружје за масовно уништување, биометрија и сл. Сега како земја кандидат за влез во НАТО имаат прилика за посета на многу курсеви и обуки што им ги овозможува НАТО и тоа позитивното е што сите тие обуки ги плаќа НАТО, а доколку пак Македонија стане членка на НАТО тогаш ќе им станат достапни и оние курсеви до кои сега немаат пристап, но тогаш самите ќе се финансираат и тогаш може секој припадник на военото разузнавање да си аплицира, без петходни одобренија и барања од Министерството, од надредените, и да присуствува на курсевите организирани од НАТО.

Единствено во военото разузнавање, со посета на меѓународни обуки и семинари, постои таква можност за усовршување и потесна специјализација, во HUMINT, SIGINT, IMINT разузнавање и сл.

Во поглед на партиските притисоци тој смета дека во нивние редови има но сепак како институција се најиземени од таквите притисоци.

Нестручноста и некомпетентноста низ сите нивоа на институциите ја демне безбедноста како закана подеднакво сериозно како и сите асиметрични закани во глобалното општество. Наспроти нестручното и некомпетентно вработување во безбедносните структури на државата, имаме едни наддржавни субјекти кои се закануваат да дејствуваат на неконвенционален начин, со примена на крајно десктруктивно оружје во меѓународни рамки и располагаат со максимално стручен и обучен кадар, на кој треба да одговорат нашите безбедносно разузнавачки органи.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1.Информацијата низ целото човеково постоење била од неизмерно значење за целокупното негово егзистирање. Во какви и да е услови, информацијата е двигател на човековите активности, клуч за неговиот опстанок и успех во она што го прави и сака да го постигне.

2. Информациите до кои доаѓаат безбедносно разузнавачките служби се првиот браник на државата и се од огромно значење. Тие се оние кои детектираат и овозможуваат давање насоки како и каде да се дејствува со цел, опасноста по безбедноста на државата и граѓаните, навремено да се превенира.

3. Човечкиот фактор е клучен во собирањето податоци. И покрај сите околности кои ги нуди модерниот свет, технолошкиот развој и напредок во науката и техниката, сепак во добивање на квалитетна информација главната улога ја има HUMINT. И ниту една држава,при вложувањето во работата на своите безбедносно разузнавачки служби не смее да го занемари овој факт и на било каков начин да го потцени значењето на човекот.

4. Информациите се секогаш во насока на превенција. Искуствата говорат дека државите многу вложуваат во овој сегмент. Поентата е во тоа што точна и навремена информација е знаење однапред за нештата, а знаењето е единственото моќно оружје против современиот тероризам. Она што придонесува до успешна превенција е само взаемното дејствување на сите институции во државниот систем како и приватниот и невладиниот сектор, со цел зајакнување на физичката безбедност на одредени клучни локации и безбедноста на инфраструктурните објекти, намалување на вулнерабилноста и зголемување на капацитетите, опасноста да не биде изненадување, туку истата да биде подготвено пречекана и навремено спречена.

5.За донесување правилни и навремени одлуки во справувањето со тероризмот од страна на авторитетите, најважно е постоењето на релевантна, точна, проверена и се разбира навремена информација. Но секако подеднакво важно е истата да е навремено и соодветно проследена и дистрибуирана до оние кои имаат моќ да одлучуваат.

6.Финансиките средства се клучен фактор од кој директно зависи квалитетот на информацијата, и токму поради сериозноста на тероризмот како закана, ова мора да биде сфатено и како сериозна обврска за државите да издвојуаат значително поголеми средства во финансирањето на соработничка мрежа и финансирање на службите кои треба да се погрижат за таа информација да дојде до рацете на авторитетите кои одлучуваат.

7.Поради трнснационалниот карактер на тероризмот како закана на денешницата, ниту една држава не може да дејствува изолирано и само во своите национални граници. Во добивањето квалитетна разузнавачка информација огромна улога игра меѓународната соработка со служби на пријателски држави од регионот и ширум светот. Токму поради тоа државите особено, економски и безбедносно послабите како што е Македонија, треба огромни напори да вложуваат во градење на солидни и коректни партнерски односи со разузнавачките служби во светот, бидејќи тоа е еден од почестите начини преку кои се доаѓа до релевантни разузнавачки информација во борбата против тероризмот.

8. Безбедноста е комплексна појава и ниту една институција во рамките на еден национален безбедносен систем не е способна да функционира изолирано и независно од другите. Секојдневната размена на информации и координација и синхронизација во работењето е неопходна и клучна. Институциите во секојдневното работење доаѓаат до одредени информации кои можеби не се во рамките на нивниот делокруг на работа и се должни истите навремено и целосно да ги проследат до институцијата која има интерес од истата таа информација. Секој безбедносен систем во своето работење треба да функцинира беспрекорно како човечкиот организам, доколку нема меѓусебна синхронизација и координација, тогаш е нарушена функционалноста на системот.

9. Токму заради соодветна и навремена размена на информации и меѓусебна соработка на службите има потреба од создавање единствено тело, кое ќе биде основано со закон, каде

строго ќе бидат исцртани обврските и овластувањата, всушност, делокругот на работа на безбедносно разузнавачките служби, без притоа да има испреплетување во надлежностите. Исто така строго би бил уреден начинот и формата на размена на информациите и претставници од сите служби би се состанувале на дневна или неделна основа, со цел да имаат увид во работата на другите и да споделуваат информации кои се од заеднички интерес.

10. Стручниот и компетентен кадар е движечка сила на службите за безбедност и разузнавање. Безбедноста не трпи импровизации. Импликациите од вработување на несоодветен и нестручен кадар ќе се одрази на работењето на институциите директно, и на безбедноста индиректно порано или подоцна. Несоодветно ротирање и разместување на кадарот од одмазднички побуди е спротивно на она што значи професионализација во службата и не само што се одразува на квалитетот на информацијата, туку и претставува преоптоварување на буџетот. Имено за работи за кои постои веќе стручен и обучен кадар, службата е принудена да обучува и да вложува во нов кадар, за кој ќе треба да се одвојат повеќе од потребните средства, но и време.

## ЛИТЕРАТУРА:

1. **Aldrich, R.J.** (2002). Dangerous Liaisons Post - September 11 Intelligence Alliances. In *Harvard International review* Vol. *XIV*, No. 3;

2. **Алексоски, С.** (2005). *Психологија со криминалистичка психологија.* Скопје: Самостојно издание;

3. **Бакрески, О.** (2005). *Координација на безбедносната заедница во Република Македонија.* Скопје: Филозофски Факултет;

4. **Бакрески, О.** (2006). *Координација на безбедносниот сектор: искуства и практики.* Скопје: Филозофски Факултет;

5. **Батковски, Т.** (2008). *Разузнавачка и безбедносно – контраразузнавачка тактика.* Скопје: Јофи скен;

6. **Буцакоски, С.** (2005). *Разузнавање.* Охрид: Коста Абраш;

7. **Godson, R.** (1979). *Intelligence Requirements for the 1980's: Elements of intelligence.* Washington D.C: National Strategy Information Center;

8. **Гаћиновић, Р.** (2006). *Антитероризам.* Београд: Библиотека НА ТРАГУ;

9. **Davies, J. L. and Gurr, T. R.** (eds.) (1998). *Preventive measures: Building Risk Assessment and Crisis Early Warning Systems.* Maryland: Lanham, Rowman & Littlefield;

10. **Dobson, C. and Payne, R.** (1979). *The Terrorists.* New York, N.Y: Facts on file;

11. **Димовски, З.** (2007). *Прирачник криминалистичко разузнавање.* Скопје: Графотранс;

12. **Димовски, З.** (2007). *Тероризам.* Скопје: Графотранс;

13. **Дојчиновски, М. и Оцаков, Ф.** (2010). *Разузнавачки операции и асиметрични закани.* Скопје: Соларис Принт;

14. **Ѓорѓевиќ, О.**(1980). *Основи државне безбедности.* Београд;

15. **Квигин, Т.** (2009). *Да се види невидливото: разузнавањето за националната безбедност во несигурно време*. Скопје: Магор;

16. **Котовчевски, М.** (2004). *Борба против тероризмот*. Скопје: Македонска цивилизација;

17. **Котовчевски, М. и Котовчевска, Б.**(2013). *Англиско-македонски речник на разузнавачка и контраразузнавачка терминологија*. Скопје: Филозофски Фкултет;

18. **Котовчевски, М.** (2013). *Основи на разузнавање*. Скопје: Филозофски Факултет;

19. **Котовчевски, М.** (2002). *Современи разузнавачки служби*. Скопје: Македонска цивилизација;

20. **Laqueur, W.** (1985) *World of secrets: The uses and limits of inteliigence*. London: Weidenfeld and Nicolson

21. **Лукиќ, Д.** (1982). *Савремена шпијунажа*. Београд: Привредна штампа;

22. **Милошевић, Г.** (2011). *Супростављање савременом организованом криминалу и тероризму*. Београд: Криминалистичко - полицијска академија;

23. **Милошевић, М.** (2005). *Одбрана од тероризма*. Београд: Свет Књиге;

24. **Милошевић, М.** (2001). *Систем државне безбедности*. Београд: Полициска академија;

25. **Мијалковски, М.** (2005). *Одговор тероризму*. Београд: ФЦО;

26. **Миќуновиќ, Љ.** (1990). *Современ лексикон на странски зборови и изрази*. Скопје: Наша Книга;

27. **Митревска, М.** (2015). *Превентивна дипломатија и мировни операции*. Скопје: Филозофски факултет;

28. **Оџаков, Ф.** (2010). Улогата на разузнавачките служби во борба против тероризмот и организираниот криминал. Скопје: Филозофски факултет, магистерски труд;

29. **Петковић, М. В.** (1996). *Тајни ратници*. Београд: Тетра ГМ;

30. **Strong, S. K. K.B.E., C.B.** (1970). *Men of Intelligence*. London: Cassell and company Ltd;

31. **Савић, А.** (2002). *Увод у државну безбедност*. Београд: Виша школа унутрашњих послова;

32. **Сивачек, Ј.** (1999). *Стратегијске претпоставке противтерористичких дејства*. Војно дело 3-4/1999;

33. **Симић, Ж.** (1977). *Енглеско-српскохрватски речник*. Београдски издавачки - графички завод;

34. **Стаменковски, А.** (1999). *Основи на разузнавањето*. Скопје: Ѓурѓа ;

35. **Trevetron, G. F.** (2003). *Reshaping National Intelligence for an Age of Information*. Cambridge: Cambridge University Press;

36. **Чавков, М.** (2011). *Криминалистичко разузнавање во борба против организираниот криминал*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", магистерски труд;

37. **Чокревски, Т.** (2000). *Социологија на комуникации*. Скопје: Студентски збор;

38. **Херман, М.** (2009). *Моќта на разузнавањето во мир и во војна*. Скопје: Академски печат;

39. **Шијан, М. А.** (2009). *Дипломатија*. In **Курт, К. О. и Лудс М. Џ.** (eds.) *Напад на тероризмот: елементи на грандиозна стратегија*. Скопје: Нампрес;

40. **Николовски, М. и Петревски, Б.** (2012). Реформи во безбедносниот систем на Република Македонија - состојби, достигнувања и перспективи. *Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот* 228-234. Скопје: Европски Универзитет;

41. **Батковски, Т.** (2014). Република Македонија во втората половина на 21-ви век-безбедносни аспекти. *Македонија и Балканот 100 години од Првата Светска Војна*

– *Безбедност и Евроатлантски интеграции* Том I: 37-48. Скопје: Факултет за безбедност;

42. Закон за класифицирани инормации, („Сл.Весник на Република Македонија" бр. 9/2004);
43. Закон за управување со кризи, („Сл.Весник на Република Македонија" бр.29/2005);
44. Закон за Агенцијата за разузнавање, („Сл. весник на Република Македонија" бр.19/95);
45. Закон за внатрешни работи, („Службен весник на Република Македонија" бр.42/2014, бр.116/2014, бр.33/15);
46. Стратегија за борба против тероризмот на европската Унија, Совет на Европската Унија, Брисел, 2005;
47. Акционен план на ЕУ за борба против тероризмот, Совет на Европска Унија, Брисел, 2007;
48. Стратегија на ЕУ за борба против радикализација и регрутација во тероризмот, Совет на Европска Унија, Брисел, 2008;
49. Merriam-Webster. (2015) Information. [Online] Available on: http://www.merriam-webster.com/dictionary/suggestions/information%2C. [Accessed: 11.05.2015];
50. Bussines Dictionery.com. (2015) Information. [Online] Available on: http://www.businessdictionary.com/definition/information.html. [Accessed: 11.05.2015];
51. Intelligence.gov. (2014) A dynamic process fueling dynamic solutions [Online] Available on: http://www.intelligence.gov/mission/how-intelligence-works.html. [Accessed: 17.02.2015];
52. John, A. D. E-education Institute (2014) Lesson 7: The intelligence process. [Online] Available on: https://courseware.e-education.psu.edu/courses/bootcamp/lo07/09.html. [Accessed: 20.02.2015];
53. Iowa Department of Public State (2015) Intelligence cycle. [Online] Available on: http://www.dps.state.ia.us/intell/intellcycle.shtml. [Accessed: 23.02.2015];

54. DANISH INSTITUTE FOR INTERNATIONAL STUDIES (2015) Intelligence services as a crucial factor.*Priorities within intelligence services in the fight against terror.* [Online] February, 2015. Available on: http://www.diis.dk/files/media/publications/publikationer_2015/priorities_within_the_intelligence_services_in_the_fight_against_terror.pdf [Accessed: 15.02.2015];

55. Daly, S.A. (2003) *Fight terrorism with intelligence not might*. The Rand Blog. [Online] Available on: www.rand.org/blog/2003/12/fight-terrorism-with-intelligence-not-might.html, [Accessed: 12.02.2015];